# ТРИ КОСМИЧКИ ПОРАКИ

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
април, мај, јуни 2023

**ТРИ КОСМИЧКИ ПОРАКИ**

Автор: *Марк Финли*

Број 2/2023

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

Цитатите од Светото писмо се преземени од Стандардната верзија на македонската Библијата, издадена од United Bible Societies (UBS) во 1990 и од преводот на Душан Константинов. Сите права се задржани.

*Издава:*

**АИК „Знаци на времето“**

Одделение за саботна школа

*Превод и техничка обработка:*

**Мелита Томовска**

*Коригирал:*

**Томе Трајков**

*Одговара:*

**Томе Трајков**

*За издавачот:*

**Михајло Гурев**

**За интерна употреба**

СОДРЖИНА:

1. Исус победува, сатаната губи..................... (25-31 март) .............. 7

2. Судбоносен момент ..................................... (1-7 април) ............. 14

3. Вечното евангелие....................................... (8-14 април) ........... 21

4. Бојте се од Бога и подајте му слава........... (15-21 април) .......... 28

5. Добрата вест за судот ................................. (22-28 април) .......... 35

6. Настапи часот на неговиот суд ................. (29 април - 5 мај) ..... 42

7. Обожавање на Создателот .......................... (6-12 мај) ............... 49

8. Саботата и последното време..................... (13-19 мај) ............. 56

9. Градот наречен конфузија.......................... (20-26 мај) ............. 63

10. Завршните измами на сатаната ................ (27 мај - 2 јуни)........ 70

11. Божјиот печат и жигот на ѕверот: 1 дел.... (3-9 јуни) ................ 77

12. Божјиот печат и жигот на ѕверот: 2 дел ... (10-16 јуни) ............ 84

13. Осветлени со огнот на Божјата слава ...... (17-23 јуни) ............ 91

**Додаток**

Утрински стихови – април ....................................................... 98

Утрински стихови – август...................................................... 99

Утрински стихови – септември ............................................. 100

Секојдневно читање на Библијата......................................... 102

Текстови за вечерно богослужение.........................................103

Табели за почеток на саботата во Македонија.............. 104-106

# ПОРАКИТЕ НА ТРОЈЦАТА АНГЕЛИ



На 15 октомври 1844 година, една седмица пред Големото разочарување, се родило едно момче во побожно лутеранско семејство во Германија. Неговото име било Фридрих Ниче, кој станал еден од највлијателните атеисти во модерната доба. Бидејќи верувал дека христијанскиот Бог на Запад умира, Ниче го критикувал постојното морално влијание на христијанската религија, исмевајќи го како „ропски морал“, морал на слабите кои, во обидот да се заштитат од посилните, измислиле такви будалести пароли како онаа „сакајте ги своите непријатели“. Според Ниче, модерната доба требало да ги надмине застарените поими за „доброто и злото“. Ликот во една од неговите книги (*Така зборуваше Заратустра*) порачува: „Скршете ги старите плочи на законот! (мислејќи, се разбира, на Десетте заповеди).

1844 година била важна и за Карл Маркс, основачот на комунизмот. Таа година тој го напишал делото наречено „Економски и филозофски ракописи од 1844 година“, иако тоа било објавено дури во 1932 година во Советскиот Сојуз. Тие ракописи го покажуваат раниот развој на идеологијата на Маркс. Тука тој се залага за воспоставување на една целосно материјалистичка реалност, преку различни фази на економски развој, сè додека работниците во целиот свет не се обединат да ги соборат своите капиталистички угнетувачи и да создадат еден вид утопија на земјата.

1844 година била важна и за Чарлс Дарвин. Во ракопис кој станал познат како „Есеј од 1844 година“, Дарвин изнел една од најраните верзии на својата еволуциона теорија, иако тој труд не бил веднаш објавен. Дури во 1859 година, со објавувањето на книгата *„За потеклото на видовите“*, Дарвин јавно го објавил своето мислење дека сите облици на живот на земјата потекнуваат од заеднички предок, преку дејствувањето исклучиво на природни и случајни процеси.

Од друга страна, таа 1844 година, исто така, означила исполнување на пророштвото за 2300 денови од текстот Даниел 8,14, а таа иста година, од оние што останале по Големото разочарување, било посеано

семе кое ќе прерасне во едно светско движење, чија основна порака во целост ја побива идеологијата на Маркс, Ниче и Дарвин.

Спротивно на Маркс, движењето на адвентистите на седмиот ден тврди дека големата борба меѓу Христа и сатаната, а не материјалистичкиот тек на историјата, ја објаснува светската историја којашто ќе заврши не со комунистичката утопија создадена од страна на човекот, туку со натприродното воспоставување на вечното Божјо царство.

Наспроти Дарвин, движењето на адвентистите на седмиот ден учи дека животот не настанал преку процеси на случајни мутации и природна селекција, туку преку моќта на Бог Создателот, кој за шест дена го создал животот на земјата а во седмиот ден се одморил.

И спротивно на Ниче, движењето на адвентистите на седмиот ден објавува не само дека Бог постои, туку и дека Неговиот универзален морален кодекс („старите плочи Законот“), Десетте заповеди, го обврзува целото човештво, и дека сѐ уште претставува врховно мерило на Божјиот суд.

Дали е чиста случајност што сите овие настани се одиграле токму во 1844 година? Човек не треба да ни да помислува на тоа.

Маркс, Ниче, Дарвин се три влијателни личности чијашто работа му нанела непоправлива штета на човештвото. Но, и покрај сите тие заблуди, Бог не го оставил светот без сведок за својата вистина, така што, во периодот на тие деструктивни идеологии, Тој подигнал движење кое со текот на времето прераснало во Црква на адвентистите на седмиот ден и кое му ја објавува на светот Неговата вистина за последните денови – пораките на тројцата ангели. Тоа се пораки кои во својата суштина ги негираат грешките и заблудите што биле промовирани од страна на тие тројца тешко измамени луѓе.

Пораките на тројцата ангели, во извесна смисла, се план на дејствувањето на Црквата на адвентистите на седмиот ден. И во својата суштина, тие го претставуваат евангелието, чисто и едноставно – евангелие претставено во контекст на „сегашната вистина“ (2. Петрово 1,12).

И токму тоа – тие три ангелски пораки ќе бидат предмет на нашето проучување во текот на ова тримесечје.

*Роден во Конектикат, во Соединетите Американски Држави, Марк Финли, светски познат евангелист, бил потпретседател на Генералната конференција во периодот од 2005 до 2010 година. По пензионирањето, останал помошник на претседателот на Генералната конференција со полно работно време. Пасторот Финли и неговата сопруга Ернестин имаат три деца и пет внуци.*

**Лекција 1**
**Од 25 до 31 март 2023**

# ИСУС ПОБЕДУВА, САТАНАТА ГУБИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 12; Ефесјаните 5,25-27.32; Филипјаните 3,9; Даниел 7,25; Исаија 14,12-14; Откровение 13,14-17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А змијата се налути на жената и отиде да го убие остатокот од нејзиното потомство, кое ги пази Божјите заповеди и го има сведочењето на Исус Христос“ (Откровение 12,17).**

Во својата книга Поброји: Неверојатни приказни за најголемите историски пресврти на бојното поле, Кормак О‘Брајан раскажува приказни за армиите кои, и покрај тоа што бројно биле многу послаби, сепак победиле. Тој овде зборува за војската на Ханибал од 55.000 војници од Картагина, која ја поразила „непобедливата“ римска армија од 80.000 војници. Исто така, тој ја наведува неверојатната сторија за војската на Александар Велики што го победила Персиското царство.

И ние водиме борба за живот и смрт со лукав непријател. Бројно сме помали и соочени со крајно неповолен однос во силите. Силите на злото изгледаат навидум непобедливи. Се чини како ние да се соочуваме со сигурна загуба. Поразот изгледа неизбежен. Победата ја нема на повидок. Од чисто човечка перспектива, се чини дека силите на сатаната ќе нè совладаат.

Но, фала му на Бога, иако бројно сме помалку, иако (човечко кажано) сите изгледи се поставени против нас, иако нападите на сатаната се жестоки – благодарение на Исуса, на крајот ќе победиме. Темата на последната библиска книга, Откровение, се сведува на ова: Исус победува, сатаната губи. Сржта на оваа битка е прикажана во текстот Откровение 12 глава, која е во фокусот на нашата лекција за оваа седмица. Оваа поука ќе ни даде добра подготовка за да ја разбереме 14. глава од Откровението и пораката на тројцата ангели.

## БИТКА НА НЕБОТО

Откровение 12 прикажува серија драматични епизоди, кратки увидувања во вековниот судир меѓу доброто и злото, кој започнал на небото, но ќе заврши овде на земјата. Овие епизоди нè враќаат назад во времето, од почетната сцена на бунтот на сатаната на небото до неговите злобни напади врз Божјиот народ на крајот од времето.

**Прочитајте го текстот Откровение 12,7-9, кој го опишува тој космички судир меѓу доброто и злото. Како можело да се случи такво нешто на небото? Што ни кажуваат индиректно овие стихови за реалноста на слободната волја и за слободата на избор?**

---

Слободата на избор е основниот принцип на Божјото владеење и на небото и на земјата. Бог не создал роботи ниту на небото ниту на земјата. Создадени според Божјиот лик, ние луѓето можеме да донесуваме морални одлуки.

Моќта на избор е тесно поврзана со способноста да се сака. Ако на луѓето им ја одземете моќта на избор, им ја одземате способноста да сакаат, затоа што љубовта никогаш не може да биде изнудена или присилна. Љубовта е израз на слободната волја. Секој ангел на небото бил соочен со избор да одговори на Божјата љубов или да ја отфрли, препуштајќи се на себичноста, ароганцијата и гордоста. И како што небесните ангели од љубов биле соочени со вечен избор, Откровението секого од нас го става пред вечен избор во конечниот судир на Земјата.

Никогаш немало неутралност во големата борба (видете Лука 11,23), а нема да има ниту во последната војна на земјата. Како што секој ангел морал да се определи за една страна – Исусовата или онаа на Луцифер – на крајот на времето целото човештво ќе биде доведено до својот последен, неотповиклив избор. Кој ќе ја придобие нашата верност, нашето обожавање, нашата послушност? Тоа отсекогаш било спорно прашање за луѓето, а така ќе биде, само многу подраматично, и во последната криза од земската историја.

Но, еве една неверојатно добра вест: Откровение 12 го опишува Христовиот триумф во тој судир, и сè што треба ние да направиме, служејќи се со нашата слободна волја, е да избереме да бидеме на Неговата, на победничката страна. Колку е добро што во таа битка можеме да ја избереме страната за која однапред знаеме дека ќе победи.

**Размислете за тоа колку мора да е света слободната волја и слободата на избор за Исуса, кој, знаејќи дека тоа ќе го одведе на крстот (видете 2. Тимотеј 1,9), сепак ни ја дал таа слобода. Тогаш, со колкаво внимание и грижа би требало да се служиме со тој свет, но скапоцен дар?**

# НАПАДОТ НА САТАНАТА

Од самиот почеток (видете Откровение 12,4.5) сатаната се обидувал да го уништи Христа. Сепак, секој негов обид бил безуспешен. На пример, при Христовото раѓање ангел ги предупредил Јосиф и Марија за лошите планови на Ирод и тие побегнале во Египет. Во пустината, најпримамливите искушенија на сатаната Исус ги дочекал со зборовите: „Напишано е“, и така нашол заштита во Божјата реч. Со својата смрт на крстот, Тој ја открил големината на својата љубов избавувајќи нè од осудата и казната на гревот. А со своето воскресение, како наш жив Првосвештеник, нè избавил од силата на гревот во нашиот живот.

**Прочитајте ги текстовите: Откровение 12,4-6.9; Ефесјаните 5,25-27.32 и Псалм 2,7-9, а потоа дефинирајте ги следните симболи:**

**змев** ________________________________________

**жена** ________________________________________

**машко дете** ____________________________________

**железен жезол** __________________________________

Во Библијата, стапот претставува симбол на доминација или владеење. Затоа, железниот жезол е симбол за несовладливо, семоќно, непобедливо владеење. Исус се соочил со секое искушение што го доживуваме и ние, но Тој излегол како победник. Според тоа, ѓаволот е поразен непријател. Додека живеел на земјата, Христос го победил со својот живот, смрт и, конечно, со своето воскресение. И бидејќи Исус веќе го победил ѓаволот на голготскиот крст, и ние можеме да бидеме победници. Но, и покрај тоа што Христовата победа над сатаната била целосна, големата борба меѓу нив сè уште не е завршена.

Сепак, кога со вера ќе го прифатиме она што Христос го направил за нас, нашиот гревовен долг се поништува и нашите гревови ни се простени. Ние стоиме совршени пред Бога, покриени со Христовата праведност. Како што пишува Павле: „И да се најдам во Него, не со својата праведност стекната од Законот, туку со придобивката преку верата во Христос, односно со праведноста од Бога преку верата“ (Филипјаните 3,9). Ако ни е простено, нема ништо за што можат да нè обвинат. Исус победил и засекогаш го надвладеал она најлошото што можеле да Му го сторат гревот и злото. Тој извршил фронтален напад на злото и го победил. И кога го прифаќаме Исуса со вера, Неговата победа станува наша.

**Зошто сигурноста на спасението, благодарение на Христовата победа над сатаната, има толку клучна важност за нас? На кој начин, она за што пишува Павле во Филипјаните 3,9, може да стане наше лично искуство?**

## ПРИФАЌАЊЕ НА ИСУСОВАТА ПОБЕДА

Како што е опишано во Библијата, Исус никогаш не изгубил ниту една битка со сатаната. Тој е најмоќниот освојувач – Победник над силите на злото. Меѓутоа, едно е да се верува дека Исус им одолеал на сатанските искушенија, а сосема нешто друго е да се верува дека Неговата победа истовремено е и наша победа.

**Прочитајте Откровение 12,10. Какво охрабрување треба да црпиме од фактот дека нашиот клеветник е „исфрлен“?**

___

Иако битката на земјата сè уште беснее, сатаната веќе е поразен. И точка. Ова се однесува не само на конечната Христова победа на врвот на човечката историја, туку и на битката против началствата, против властите и управителите на темнината во нашиот личен живот. Некои христијани живеат со чувство на фрустрирачки пораз. Тие се надеваат на победа над некој став или навика, но никогаш не успеваат да проникнат во реалноста на победата што Христос ја извојувал за нив во нивниот личен живот.

**Прочитајте Откровение 12,11. Каква сигурност во победата ни дава Христос во овој стих?**

___

Во Откровението, во пораките до седумте цркви, седум пати го наоѓаме изразот „кој победува“. И овде, во стихот Откровение 12,11, повторно го наоѓаме тој концепт на совладување на злото. Зборот „победи“ во оригиналниот јазик на тој текст е *никао* и може буквално да се преведе како „победува“, „надвладее“, „триумфира“ или „победнички се пробива“. Забележете на кој начин ние можеме да бидеме победници. Текстот Откровение 12,11 потврдува дека победата е можна исклучиво „со крвта на Јагнето“.

Во текстот Откровение 5,6, во пророчка визија, Јован гледа кон небото и го здогледува „Јагнето, што стои како заклано“. Христовата жртва е во центарот на вниманието на целото небо. Не постои ништо повозвишено што би можело Божјата бесконечна, неизмерна љубов да ја долови подобро од крстот.

**Кога со вера ќе го прифатиме она што Христос го направил за нас, нашиот долг се поништува и ние стоиме совршени пред Бога. Нашите гревови ни се простени (Колошаните 1,14; Ефесјаните 1,7; Колошаните 2,14), а „клеветникот на нашите браќа“ е соборен (Откровение 12,9.10). Ние сме искупени, спасени и победуваме не врз основа на нашите сопствени заслуги, туку благодарение на Христовите победи во наша полза.**

## ЖЕНАТА ВО ПУСТИНАТА

**Прочитајте Откровение 12,6 и споредете го со текстот Откровение 12,14-16. Обрнете особено внимание на временскиот период, на нападот на сатаната врз „жената“ (Божјата црква) и Божјата грижа за својот народ. За што зборуваат тие стихови?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Периодот од 1260 дена од текстот Откровение 12,6 е паралелен со време, две времиња и половина време од стихот Откровение 12,14. Исто такво временско пророштво, кое го опишува истиот временски период, наоѓаме и во текстовите Даниел 7,25, Откровение 11,2.3 и Откровение 13,5. Бидејќи ова се пророчки симболи (никаква жена со крилја не бега во пустината буквално), ние на овие пророштва го применуваме пророчкото време, односно принципот „ден за година“ (видете, на пример, 4. Мојсеева 14,34 и Езекиел 4,4-6). Тоа едноставно значи дека еден пророчки ден одговара на една година. Коментирајќи го истиот тој пророчки период од текстот Откровение 11,2, *Студиската Библија на универзитетот Ендрјус* вели: „Затоа, историцистичките толкувачи генерално сфаќаат дека периодот од 1.260 пророчки денови означуваат 1.260 буквални години, од 538 до 1798 година“ (стр. 1.673 коментар на текстот Откровение 11,2). Во тој период, корумпираната црква, заедно со корумпираната држава, го угнетувала, го прогонувала и повремено го убивала Божјиот верен народ.

Тоа жестоко сатанско прогонство на христијаните што веруваат во Библијата било само продолжение на големата борба меѓу доброто и злото. Откако излегле од темнината на средниот век, во времето на реформацијата, луѓето биле соочени со избор. Дали ќе бидат верни на Божјата реч или ќе ги прифатат учењата на свештениците и прелатите? Вистината повторно триумфирала, а Бог пак имал народ кој му бил верен, и покрај силното противење.

Во тие стихови има неколку извонредни и крајно охрабрувачки изрази кои ја опишуваат Божјата грижа за својот народ. Откровение 12,6 го користи изразот „место подготвено од Бога“. Откровение 12,14 вели дека жената била „хранета“ во пустината, а Откровение 12,16 вели: „Земјата ѝ помогна на жената“. Во време на тешко прогонство, Бог се грижел за својата црква. И како што се грижел тогаш, така ќе се грижи и за својот остаток на крајот на времето.

**Опишете некој период на искушенија и тешкотии во вашиот живот кога лесно сте можеле да се обесхрабрите, но Бог ви обезбедил засолниште и ве хранел во миговите кога сте имале такви предизвици. Каква поддршка ви дал Бог кога ви било најпотребно?**

## БОЖЈИОТ ОСТАТОК НА ПОСЛЕДНОТО ВРЕМЕ

Ѓаволот војува со Христа уште од неговиот бунт на небото (Откровение 12,7). Целта на сатаната тогаш, како и сега, била да ја преземе контролата над вселената (видете Исаија 14,12-14). Во фокусот на неговото внимание во последните денови од историјата на Земјата ќе се најде Божјиот народ. Откровение 12,17 недвосмислено тврди дека змевот (сатаната) се разгневил на жената (црквата) и отишол да војува „со остатокот од нејзиното семе“. Тој остаток од нејзиното потомство, во некои преводи на Библијата (King James Version), е означен едноставно како „остаток“. Според тоа, Божјиот остаток му останува лојален на Христа, послушен на Неговата вистина и верен на Неговата мисија.

**Прочитајте Откровение 12,17. Кои обележја на Божјиот остаток, Неговата црква на последното време, ги наоѓаме во тој стих?**

______________________________________________________________

Во стихот Откровение 12,17, сатаната (змевот) се гневи на жената, Божјата црква. Ѓаволот е бесен на луѓето кои ги држат Божјите заповеди и ќе направи сè што е во негова моќ за да ги уништи.

На крајот ќе издејствува да се издаде декрет според кој тие нема да можат ниту да купуваат ниту да продаваат, според кој ќе бидат апсени и затворани, а ќе се соочат и со смрт (видете Откровение 13,14-17). Бидејќи не може да го уништи Христа, сатаната ќе се обиде да го уништи предметот на Христовата најдлабока наклоност – Неговата црква. Жариштето на последната војна на Земјата нема да биде Блискиот Исток и разните конфликти таму, туку умовите на припадниците на Божјиот народ кој е расеан низ целиот свет. Тоа е битка меѓу двете спротивставени сили, Христа и сатаната. И повторно, никој нема да може да остане неутрален.

Главното прашање во таа последна војна ќе биде: „Кому му припаѓа нашата лојалност? Кому сме му предани?“ Небото бара верници кои се толку восхитени од Христовата љубов, откупени со Неговата милост, посветени на Неговите намери, зајакнати од Неговиот Дух и толку послушни на Неговите заповеди што се подготвени да се соочат и со смрт заради Неговото дело.

Нашиот свет оди во пресрет на голема криза. Но во Исуса, преку Исуса и поради Исуса, нашата победа е загарантирана – сè додека сме поврзани со Него преку вера – вера што нè наведува на послушност. И во крајна линија, сето тоа се сведува на нашиот личен избор.

**Како гледате дека реалноста на стихот Откровение 12,17 се манифестира во вашиот живот, во вашето лично христијанско искуство? Односно, на кој начин, според вашите сознанија, се одвива големата борба во вашиот живот?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во извесна смисла, би можело да се каже дека Бог немал избор – ако сакал суштества способни да го сакаат Него и другите, Тој морал да ги создаде слободни. Зашто, кога не би биле слободни, тие не би можеле да сакаат, а каков би бил нашиот универзум без љубов? Тој би бил токму онаков како што некои го замислуваат – само бездушна машинерија која функционира според строгите причинско-последични закони, во која не би имале слободна волја ниту слобода на избор, туку би биле обични клопчиња од месо и крв, составени од субатомски честички, кои ги следат само законите на физиката. Тоа не е најпријатна слика и не го одразува на соодветен начин она што, длабоко во самите нас, знаеме дека е вистина. Кој од нас може да помисли, на пример, дека нашата љубов кон родителите, децата и сопружниците не претставува ништо повеќе од специфичен распоред на соодветни атоми?

„Бидејќи законот на љубовта е основа на Божјето владеење, среќата на сите со разум надарени суштества зависи од нивната целосна согласност со неговите големи начела на правдата. Бог сака сите негови созданија да му служат од љубов – нивната служба да произлегува од нивната почит кон неговиот карактер. Нему не му е мила изнудена послушност и затоа на сите им дава слобода и право доброволно да му служат.

Додека сите создадени суштества го признавале сојузот на љубовта, во Божјата вселена владеела совршена хармонија. Небесните војски наоѓале радост во тоа што можеле да ги исполнуваат намерите на својот Творец. Тие биле среќни и восхитени што претставуваат одблесок на неговата слава и што можат да го слават и да го извишуваат него. Љубовта кон Бога за нив била најсвето чувство, меѓусебната љубов природна и несебична. Ништо не ја нарушувало небесната хармонија“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 34, 35 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Зошто Откровение 12 глава е соодветен вовед во пораките на тројцата ангели, особено кога го земаме предвид претстојниот судир во времето на крајот?**

**2. На кој начин Откровение 12 ве утешува лично вас во тешкотиите и во искушенијата со кои се соочувате секој ден?**

**3. Има некои кои веруваат дека нашите постапки се во голема мера определени од нашето наследство и од околината. Дали се согласувате со тоа или не? Каква улога имаат нашите избори и одлуки во одредувањето на нашето однесување? Разговарајте за односот меѓу нашите одлуки и избори и Божјата сила што дејствува во нашиот живот.**

**Лекција 2**
**Од 1 до 7 април 2023**

# СУДБОНОСЕН МОМЕНТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 24,14; Откровение 14,14-20; Матеј 16,27; Дела 1,9-11; Марко 4,26-29; Откровение 16,1.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И видов, и ете, бел облак, а на облакот седеше Еден сличен на Човечкиот Син, со златна круна на главата и со остар срп во раката. И еден друг ангел излезе од храмот и му извика со силен глас на Оној, Кој седеше на облакот: ‘Испрати го својот срп и жниј, зашто дојде твојот час за жниење, зашто е зрела жетвата на земјата’“ (Откровение 14,14.15).**

Бог секогаш му се јавувал на својот народ, откривајќи му ги сите важни вистини што требало да ги слушнат во тоа време. Од предупредувањето за потопот (1. Мојсеева 6,7), преку првото Исусово доаѓање (Даниел 9,24-27) и предадвентниот суд (Даниел 7,9.10; Даниел 8,14), до завршните настани пред Христовото доаѓање (Откровение 12-14), Бог ни го открил сето тоа. И во овие последни денови од човечката историја, Тој испраќа посебна порака до светот и до својот народ, осмислена на таков начин да одговара на потребите на ова време. Тој ни го доловил тоа преку сликата на тројца ангели кои летаат среде небото, носејќи итна порака во врска со последното време, упатена до целиот свет.

Пораките на тројцата ангели се Исусовата последна порака на милост, повик што нè води од доверба во сопствената праведност кон доверба во Исусовата праведноста, за да нè оправда, да нè посвети а, на крајот на времето, да нè прослави.

Меѓутоа, како и секогаш, мораме да се определиме за Христа, да Му се предадеме и да Му се покориме, а одлуките што ги носиме сега, несомнено ќе влијаат на одлуките што ќе ги донесеме во последната криза што е пред нас.

Според тоа, сега е време за да се подготвуваме.

# ОДЛУКИ СО ВЕЧНИ ПОСЛЕДИЦИ

Откровението 14 е последната Исусова порака на милост до паднатиот и побунет свет – свет кој е потонат во грев и зло околу шест илјади години. Меѓутоа, ќе дојде денот кога секое човечко суштество на планетата Земја ќе ја донесе својата конечна, неотповиклива одлука – за или против Исуса. До тој момент, од едниот до другиот крај на нашата планета ќе одекнува пораката за Христовата праведност која ја наоѓаме во книгата Откровение и која нè избавува од осудата за гревот, но и од стегите на гревот во нашиот живот.

**Прочитајте Матеј 24,14 и споредете го со стихот Откровение 14,6. Какво ветување им дал Исус на своите ученици во врска со ширењето на евангелието низ целиот свет непосредно пред Неговото враќање?**

____________________________________________________________

Исусовото ветување: „И ова евангелие за царството ќе биде проповедано по целиот свет“, дадено во стихот Матеј 24,14, го наоѓа своето последно исполнување во последната Христова порака, во стихот Откровение 14,6, кој вели дека евангелието му се објавува „на секое племе и колено, јазик и народ“.

Три пати во текстот Откровение 22, Исус вели дека ќе дојде скоро (Откровение 22,7.12.20). Во контекст на неговото скоро доаѓање, нашиот Господ додава: „Кој чини неправда, нека чини неправда уште; и кој е осквернет, нека се осквернува уште; и кој е праведен, нека чини правда уште; и кој е свет, нека се осветува уште“ (Откровение 22,11). Откровението ја достигнува својата величествена кулминација во моментот кога секој човек е наведен да се определи за или против Христа.

Се разбира, секој ден, со нашите избори, дури и кога станува збор за таканаречените „ситници“, ние се определуваме за или против Исуса. Малку е веројатно дека некој, кој сега прави погрешни избори во својот живот, одеднаш, во последната криза, ќе застане на страната на Исус, особено кога сите сили на злото на овој свет ќе бидат против него. Токму сега, денес и во секој следен ден, мора да донесуваме одлука да му останеме верни на Христа и на Неговите заповеди. „Бидејќи љубовта кон Бога се состои во ова: да ги пазиме заповедите Негови“ (1. Јованово 5,3). Како што забележала Елена Вајт, „Исус нема да го промени нашиот карактер при неговото доаѓање. Делото на преобразување мора да се изврши сега. Нашиот секојдневен живот ќе ја одреди нашата судбина“ (*Настани на последното време*, стр. 295 оригинал).

**Како Бог го обликува нашиот карактер? Кои средства ги користи Тој за да нè поттикне да растеме во благодатта? Што можеме да преземеме за поцелосно да му дозволиме на Светиот Дух да нè преобрази и да нè направи уште послични на Исуса?**

# ВРАЌАЊЕТО НА СИНОТ ЧОВЕЧКИ

Откровение 14 глава ги содржи клучните текстови во врска со Господовата порака за последното време, упатена до Неговиот народ и до целиот свет. Во средиштето на сето ова е Исусовото враќање – исполнувањето на Неговото ветување: „Ќе Го видите Синот Човечки како седи од десната страна на Силата и како иде на облаците небески“ (Марко 14,62).

**Прочитајте Откровение 14,14. Кое име се користи тука за да се опише Исус во мигот на неговото враќање на земјата? Што мислите, зошто Јован го користи токму тој назив за Исуса?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Зборувајќи за себе, Исус го употребил изразот „Син човечки“ 82 пати во Евангелијата. Тоа била една од неговите омилени титули. Го користел како израз на наклоност, за да се поистовети со нас. Тој е Спасител кој нè разбира, кој бил искушуван како нас, и кој поминал низ истите неволји низ кои поминуваме и ние. Тој е „Синот Човечки“ кој се враќа да нè однесе дома. Исус, кој доаѓа по нас, е истиот Исус кој живеел меѓу нас. Тој е способен да нè откупи затоа што станал еден од нас, и како еден од нас, иако соочен со сета жестокост на сатанските искушенија, излегол како победник.

Што дознаваме од следните библиски стихови за Исус, Синот Човечки?

**Матеј 16,27**________________________________________________

____________________________________________________________

**Матеј 24,27.30** _____________________________________________

____________________________________________________________

**Матеј 25,31.32** _____________________________________________

____________________________________________________________

Забележете некои детали во тие текстови:

(1) Исус, Синот Човечки, доаѓа во слава со своите ангели. (2) Тој ќе ги одвои овците од козите (што во суштина е сцена на судот). (3) Судбината на народите и на целото човештво ќе биде засекогаш решена.

**Размислете за изразот „Син човечки“ и што вели тој за Христовата човечка природа. Иако Бог, Тој станал еден од нас, ист како нас, но за разлика од нас, Тој никогаш не згрешил. Каква неверојатна надеж ни дава ова кога станува збор за (1) спознавањето на Божјата љубов кон нас; (2) сознанието дека Тој може да сочувствува со нашите слабости и да ни обезбеди победа над нив?**

## НЕБЕСНИОТ СУД

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 14,14 и Дела 1,9-11. Кои сличности ги наоѓате во нив?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Јован вели: „И видов: ете, светол облак, и на облакот седеше сличен на Синот Човечки“ (Откровение 14,14). Додека Исус се вознесувал на небото, а учениците стоеле и гледале, Лука во стихот Дела 1,9 кажува: „Тој се подигна, и облак Го подзеде од пред очите нивни“. Исус се вознел на облак од ангели, и ќе се врати на облак од ангели. Тогаш ангелите им рекле на вчудовидените ученици: „Овој Исус, Кој од вас се вознесе на небото, ќе дојде пак на истиот начин како што Го видовте да оди на небото“ (Дела 1,11). Во тие зборови е вткаена една божествена вистина, која можеби на прв поглед не е очигледна. „Овој Исус“, „Синот Човечки“, Оној што одел по правливите улици на Назарет и проповедал во преполниот Ерусалим, исцелувал болни во селата на Израел и го поучувал народот на зелените падини на Галилеја – токму Тој ќе дојде пак.

Синот Човечки се спомнува и во светлината на судот во текстот Даниел 7 глава.

**Прочитајте го текстот Даниел 7,9.10.13.14. Зошто Даниел го нарекува Исуса „Син човечки“ во врска со нешто толку сериозно како што е небесниот суд? Со оглед на она што веќе го разгледавме, каква утеха можеме да најдеме во сознанието дека „Синот Човечки“ има толку клучна улога на небесниот суд?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Во текстот Даниел 7,9.10 пророкот го набљудува заседанието на небесниот суд со десет илјади по десет илјади ангелски небесни суштества собрани околу престолот. Судот започнува, и книгите – небесните извештаи за нашиот живот – се отвораат пред целата вселена. Во текстот Даниел 7,13.14, Синот Човечки се приближува до Старецот, Отецот, и го прима Неговото вечно Царство. Судењето обелоденува пред целата вселена дека Отецот, Синот и Светиот Дух направиле сè што е можно за да го спасат целиот човечки род. Не само што на тоа судење светите се оправдуваат, туку и Божјиот карактер е одбранет од лажните обвиненија на сатаната (видете Јов 1-2; Псалм 51,1-4).

**Размислувајте за фактот дека целиот ваш живот ќе биде внимателно испитан пред Бога. И кога ќе дојде до тоа, која ќе биде вашата единствена надеж? (Види Римјаните 8,1)**

## ПОБЕДНИЧКА КРУНА

Јован го опишува Исуса како Син Човечки, кој е „со златна круна на главата и со остар срп во раката“ (Откровение 14,14). Зборот за „круна“ е *stefanos*. Тоа е, всушност, победнички венец. Кога еден спортист ќе победел на важен натпревар, тој добивал *stefanos*, венец на чест, слава и победа.

Во еден момент Исус носел круна од трње што симболизирала срам и потсмев. Тогаш тој бил презрен и отфрлен од луѓето. Го навредувале, му се потсмевале, плукале по Него, го тепале и го камшикувале. Но сега Тој ја носи круна на славата и доаѓа повторно, но овој пат како Цар над царевите и Господар над господарите.

**Прочитајте ги текстовите Откровение 14,15 и Марко 4,26-29. Кои сличности ги забележувате меѓу нив? За што зборуваат овие два текста?**

____________________________________________________________________

Ангелот доаѓа од Божјото присуство во славата на храмот. Бог го гледа тој ангел и вели: „Време е. Жетвата е целосно зрела.“ Ангелот лета од храмот кон Исуса и гласно извикува: „Време е. Жетвата е зрела. Оди по своите деца и донеси ги дома“.

Во Новиот завет Исус повеќе пати користи илустрации од светот на земјоделството. Тој во повеќе наврати ја користи симболиката на жетвата што зрее за да го илустрира растот на семето на евангелието во животот на Неговиот народ.

„Ртењето на семето претставува почеток на духовниот живот, а развивањето на билката е прекрасна слика на христијанското растење. Она што се случува во природата, се случува и со божествената добрина; нема живот без растење. Билката мора да расте или да пропадне. И како таа што расте тивко и незабележано, но непрекратно, така се развива и христијанскиот живот. Во секоја етапа од развојот нашиот живот може да биде совршен; но, ако се исполни Божјата намера во нас, ние постојано ќе напредуваме. Посветувањето е процес што трае во текот на целиот живот. Како се умножуваат нашите можности, така ќе расте нашето искуство и ќе се зголемува нашето знаење“ (Е. Вајт, *Христовите параболи,* стр. 65, 66 ориг.).

Созревањето на златното зрно ги симболизира сите оние кои се преобразени со благодатта, мотивирани од љубовта и кои живеат послушен живот во слава на Христовото име. Нивните срца се едно со Исусовото, и тие го сакаат само она што Тој го сака.

**Како ја разбирате изјавата на Елена Вајт дека „Во секоја етапа од развојот нашиот живот може да биде совршен“? Што значи тоа, особено кога можеме да ги видиме нашите сегашни мани и недостатоци во карактерот?**

## СЕКОЕ СЕМЕ НОСИ ЖЕТВА

Во текстот Откровение 14 се споменуваат две жетви. Жетвата на златното жито ги претставува праведните, а бербата на крваво грозје ги претставува неправедните или изгубените. Двете жетви се целосно зрели. Секое посеано семе е целосно зрело.

**Прочитајте Откровение 14,17-20. Што значи изразот „во големата каца на Божјиот гнев“? Видете ги и следните текстови: Откровение 14,10; Откровение 15,1; Откровение 16,1.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„И друг ангел, кој имаше власт над огнот, излезе од жртвеникот“ (Откровение 14,18). Еве го ангелот кој му заповеда на огнот на конечниот Божји суд. Жетвата е зрела. Гревот ги достигнал своите крајни граници. Бунтот ја надминал мерата на Божјата милост. Колку и да ни изгледаат зли и лоши околностите денес, тие ќе станат уште полоши пред сè да се заврши. Бог, кој е полн со љубов, направил сè што можело да се направи за нас, вклучувајќи го и тоа што се принел Себеси на крстот како жртва за нашиот грев. „Зашто Оној, Кој не знаеше грев, Бог за нас Го направи грев, та преку Него да станеме праведност Божја“ (2. Коринќаните 5,21; видете и Галатјаните 3,13).

Што можел Бог да направи повеќе од тој крст? Не постои ништо повеќе од она што благодатта би можела да го направи за да ги откупи оние кои секогаш одново го отфрлаат Светиот Дух.

Тоа е итната пророчка порака на текстот Откровение 14. Секое семе е стасано за жетва. Житото е целосно созреано, но и грозјето е целосно зрело. Божјиот народ ја покажува Неговата благодат, сочувство, милост и љубов пред целата вселена. Децата на злобниот покажуваат алчност, страст, љубомора и омраза. Едната група го открива Исусовиот карактер, а другата карактерот на сатаната.

Вселената ќе види во Божјиот народ олицетворение на праведноста за каква што можеби ниту една претходна генерација никогаш не видела. Но, наспроти Христовата праведност откриена во Неговиот народ, вселената ќе го види и крајниот резултат на бунтот против Бога. Изопаченоста, злото, гревот и беззаконието ќе бидат во целост прикажани пред луѓето и ангелите. Спротивноста меѓу доброто и злото, правилното и погрешното, послушноста и непослушноста ќе биде очигледна за целата вселена – и за луѓето и за ангелите.

**Колку јасно успевате да ги препознаете спротивностите меѓу доброто и злото? Зошто е важно да го правиме ова? (Видете Евреите 5,14.)**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Закон на нашата интелектуална и духовна природа е ние да се менуваме со она што го посматраме. Нашиот ум е проникнат со она со што се занимава. Ние стануваме слични со она што сме навикнале да го сакаме и да го почитуваме. Човекот никогаш нема да се издигне повисоко од неговото сфаќање за чистотата, за добрината и вистината. Ако неговото ‚јас‘ е негов највисок идеал, тој никогаш нема да постигне нешто повозвишено. Напротив, тој ќе паѓа сѐ пониско. Само Божјата милост има сила човекот да го издигне. Препуштен сам на себе, тој неминовно ќе тоне сѐ подлабоко“ (Е. Г. Вајт, Г*олемата борба*, стр. 555 ориг.).

Суптилно, постепено, на почетокот речиси незабележливо, нашиот карактер и нашата личност се менуваат врз основа на семето што го сееме во нашиот ум. Посејте добро семе и ќе донесете добри плодови. Посејте го лошото семе на овој свет, и плодовите на овој свет ќе се појават во вашиот карактер. Ако сееме рамнодушност кон Бога, кон духовните вредности и приоритети, тогаш во нашиот духовен живот ќе ги жнееме плодовите на рамнодушноста – апатија, духовно самозадоволство и фрустрација. Затоа, оние што мислат: *Знам дека еден ден ќе дојде конечното прогонство, „жигот на ѕверот“ и така натаму, па кога ќе дојде тоа, тогаш ќе се приберам* – избираат многу опасен пат. Бог нѐ повикува да Му го предадеме нашиот живот сега, во овој момент. Колку подолго некој одложува да одговори на повиците на Светиот Дух, толку повеќе неговата душа се затврднува за Божјите поттици и станува сѐ поготова да наседне и да поверува во лагите на злобниот.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Каков однос постои меѓу спасението по благодат и растењето во благодатта, во контекст на стиховите Откровение 14,14-20 и начелата на жетвата?**
2. **Разговарајте за елементите неопходни за раст на растенијата и споредете го тоа со нашиот духовен раст. Какви сличности постојат? Односно, што можеме да научиме од начинот на кој растат растенијата, а би можеле да го примениме во нашиот сопствен живот?**
3. **Дали постои разлика меѓу силата на волјата и нашата од Бога дадена способност слободно да одлучуваме? Зошто е важно разбирањето на оваа разлика за христијанинот кој расте?**
4. **Зошто називот „Син Човечки“ претставува такво охрабрување додека размислуваме за судниот час, исчекувајќи го второто Христово доаѓање? Каква утеха ви носи фактот дека еден Човек, едно човечко Битие се наоѓа таму горе и нѐ застапува на судот?**

**Лекција 3**
**Од 8 до 14 април 2023**

# ВЕЧНОТО ЕВАНГЕЛИЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 14,6-12; 1. Коринќаните 15,1-4; Римјаните 3,24-26; 1. Петрово 1,18-20; Матеј 28,19.20; Дела 1,8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И видов друг ангел како лета среде небото, кој имаше вечно Евангелие, за да им благовести на жителите земни, на секое племе и колено, јазик и народ“ (Откровение 14,6).**

Древниот Израел, во времето кога незнабошците околу него биле политеисти и обожавале многубројни „богови“ направени од дрво и камен, имал јасна, препознатлива, моќна изјава на верата што ја наоѓаме во стихот 5. Мојсеева 6,4: „Чуј, Израелу! Господ е наш Бог, Господ е Еден!“

Низ вековите, пеењето на „Шема“ (како што скратено ја нарекувале таа изјава, заснована на еврејскиот збор за „чуј“) ги потсетувало Евреите на духовната визија што ги обединувала како народ и ја јакнело нивната решеност да го зачуваат својот посебен идентитет како поклоници на единствениот вистински Бог.

За адвентистите на седмиот ден, „Шема“ се пораките на тројцата ангели од Откровение 14 глава. Тие се нашата препознатлива изјава на верата. Тие дефинираат кои сме ние како народ, и ја опишуваат нашата мисија во светот. Накратко, нашиот единствен пророчки идентитет е прикажан во текстот Откровение 14,6-12, и токму тука ја наоѓаме движечката сила за да му го објавуваме Евангелието на светот.

Во лекцијата за оваа седмица, ќе започнеме со детално проучување на текстот Откровение 14,6-12, но тоа ќе го направиме низ призмата на благодатта, додека слушаме како Бог му се обраќа на нашето срце.

# КНИГАТА НА НАДЕЖ ПОЛНА СО БЛАГОДАТ

Повеќето луѓе, кога размислуваат на последната книга од Библијата, Откровението, не ја земаат предвид Божјата милост. Кога ја разгледуваат Божјата порака за последното време, нивните мисли обично веднаш се вртат кон застрашувачки ѕверови, таинствени симболи и необични суштества. Книгата Откровение им влева толку страв на некои луѓе колку што на други им дава спокој, а тоа е голема штета бидејќи, всушност, таа е проникната со милост и полна со надеж. Односно, и покрај сите тие страшни ѕверови и предупредувања за прогонство и за тешките времиња што ни претстојат, Бог сè уште ни дава причини да се радуваме на Неговото спасение.

**Прочитајте Откровение 1,1-3 и Откровение 14,6. Посматрани заедно, што ни кажуваат овие стихови не само за книгата Откровение, туку и за „вечното евангелие“?**

____________________________________________________________

Откровението, во суштина, е книга за Исуса. Тоа е пораката што Тој му ја упатува на Својот народ и може посебно да се примени на Неговата црква на последното време. Тоа е порака полна со милост и надеж за нас кои живееме во последното време. Во целата таа книга Христос се опишува како заклано Јагне, а благослов им се ветува на оние што ја читаат, ја разбираат и постапуваат во согласност со вистините откриени во неа.

Според текстот Откровение 1,5.6, Исус е Тој „Кој нè љуби и Кој нè изми од нашите гревови во Својата крв, и нè направи цареви и свештеници на Бога, и на Својот Татко“. Во Христа ни е простено. Благодатта ни ги простува нашите минати гревови, нè зајакнува во сегашноста и ни дава надеж за иднината. Односно, во Христа сме ослободени од казната и од силата на гревот, но еден ден, наскоро, ќе бидеме ослободени и од присуството на гревот. Тоа е пораката на последната библиска книга, Откровението.

А тоа е исто така и итна порака, најпрво претставена како ангел кој лета среде небото носејќи го „вечното евангелие“.

Евангелие? Спасение со вера во Христа? Христовата искупителна смрт за нас? Ветувањето за вечен живот, не врз основа на она што можеме самите да го направиме, туку врз основа на она што Христос го направил за нас? Сево ова се наоѓа на самиот почеток на пораките на тројцата ангели? Токму така!

Затоа, не е никакво чудо што тие пораки се полни со милост надеж и со ветувања за нас како паднати, напатени суштества.

**Иако е лесно да се сосредоточиме на ѕверот и на предупредувањата за последното време, како што е прикажано во Откровението, како да научиме да го балансираме сето тоа со она што е, несомнено, најважна порака на Откровението – Христовата самопожртвувана смрт во наша полза?**

## „ВЕЧНО ЕВАНГЕЛИЕ“

Забележете со што започнува стихот Откровение 14,6, кој се наоѓа на почетокот на пораките на тројцата ангели – „вечно“ евангелие. Затоа, ако не ја разбереме длабочината на евангелието, ќе ја пропуштиме целата смисла на пораките на тројцата ангели. Ако не го разбереме евангелието, нема да можеме целосно да ги разбереме важните точки во Божјата порака за судниот час, за падот на Вавилон и за жигот на ѕверот.

**Прочитајте 1. Коринќаните 15,1-4; Римјаните 3,24-26 и Римјаните 5,6-8. Како е претставено „вечното евангелие“ во овие текстови? Која голема надеж ни е понудена овде?**

________________________________________________________________

Евангелието е неверојатно добра вест за Христовата смрт за нашите гревови, за Неговото славно воскресение и за секогаш присутната љубов и грижа кон нас. Со вера во Неговата пролеана крв и во Неговата моќ да воскресне, ние сме ослободени и од казната за гревот и од силата на гревот. Христос ги исполнувал мислите на апостол Павле и се наоѓал во центарот на неговото учење и проповедање. Распнатиот Христос го откупил од осудата и од вината за неговото минато. Воскреснатиот Христос му давал сила во сегашноста, а Христос што се враќа му давал надеж за иднината.

Забележете ги четирите детали во наведените текстови од Посланието до Римјаните:

1. **Бесплатно сме оправдани преку благодатта.**
2. **Благодатта е показател за Божјата праведност.**
3. **Благодатта ги оправдува оние што го прифаќаат Исуса со вера.**
4. **Божјата љубов се покажала кон нас уште додека сме биле грешници.**

Христовата милост е незаслужена, нестекната и незаработена. Исус умрел со мачна, болна смрт, со каква што ќе умрат изгубените грешници. Тој ја доживеал полнотата на Татковиот гнев и осудата за гревот. Тој бил отфрлен за ние да бидеме прифатени. Умрел со смрт каква што ние сме заслужиле, за ние да имаме живот каков што Тој заслужил.

Дали е чудно тогаш што спасението може да се постигне само со вера, без делата на законот? Што би можеле да додадеме на ова? Што можат нашите дела, дури и оние најдобронамерните, дела исполнети со Светиот Дух, да додадат на она што Христос го направил за нас на крстот?

**А тој план, планот на спасението, бил донесен уште пред почетокот на времето (2. Тимотеј 1,9, Тит 1,2, Ефесјаните 1,4), и тоа ни помага да објасниме зошто тој е прогласен за „вечно“ евангелие. Зашто, пред да биде создаден светот, Бог знаел што ќе се случи, и затоа го осмислил планот на спасение, за да се соочи со кризата кога таа, на крајот, ќе дојде.**

# СТОРИЈА ЗА БЛАГОДАТТА

Пораките на тројцата ангели се сторија за благодатта. Тие се сторија за неизмерната љубов на Спасителот – сторија за Исуса кој нѐ сака толку многу што повеќе сакал сам да помине низ пеколот, отколку да изгуби еден од нас. Тие се сторија за една безгранична, несфатлива, необјаснива, бесмртна, бескрајна љубов.

Ништо не може да го изненади Бога. Тој не е подложен на влијанието на променливите човечки одлуки. Како што веќе видовме, Неговиот план да нѐ избави од царството на гревот не бил некоја дополнителна мисла, зачната дури откако гревот ја подигнал својата грда глава. Бог не бил затекнат од таа страшна драма на гревот.

**Прочитајте ги текстовите Откровение 13,8 и 1. Петрово 1,18-20. Што нѐ учат овие стихови во врска со планот на спасението?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Изразот „вечно евангелие“ во стихот Откровение 14,6 се однесува на минатото, на сегашноста и на иднината. Кога го создал човечкиот род со способност да донесува морални одлуки, Бог можел да очекува од нив да направат и некои погрешни избори. Кога на Неговите созданија им била дадена можност да избираат, им била дадена и можност да се побунат против Неговата природа полна со љубов. Единствениот начин да се избегне оваа реалност, би бил да се создадат роботски суштества со кои ќе се управува и манипулира според некој божествен космички план. Меѓутоа, присилната верност е нешто спротивно на самата Божја природа. Љубовта бара слобода на избор, а кога таа слобода некому ќе му се даде, постои можност тој да донесе и некои погрешни одлуки. Затоа планот на спасението бил зачнат во Божјиот ум уште пред бунтот на нашите прародители во Едем.

„Планот за нашето спасение не бил дополнителна мисла, план создаден по Адамовото паѓање. Тој бил откровение на ‚тајната скриена од вечноста‘ (Римјаните 16,25). Тој е откровение на начелата што биле темел на Божјиот престол уште од вечноста“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 22 оригинал).

„Вечното евангелие“ не се однесува само на минатото и сегашноста – тоа е темел на надежта во иднината. Тоа зборува за вечниот живот со Оној, чие срце болно копнее да биде со нас засекогаш.

**Прочитајте Ефесјаните 1,4. Размислете што значи тоа дека, дури и „пред создавањето на светот“, сте биле „избрани“ за спасение во Христа. Зошто таа вистина треба да ви влее толку многу охрабрување?**

## ПО ЦЕЛИОТ СВЕТ

**Прочитајте го повторно стихот Откровение 14,6. Колкав е обемот на ширење на вечното евангелие и зошто одговорот на ова прашање е важен за нас, за нашата мисија и повик што сме ги добиле како црква?**

---

Според итната порака за последното време на првиот од овие тројца ангели, „вечното евангелие“ треба да му се објави на секое племе и колено, јазик и народ. Таа мисија е толку значајна, толку голема, толку широка и толку обемна што е сеопфатна. Таа ги бара нашите најдобри напори и нашата целосна посветеност. Таа нè води од преокупираност со нашите сопствени интереси до воодушевеност за Христовата служба. Нè вдахнува со нешто што нè надминува нас самите, што нè води надвор од тесните граници на нашиот сопствен ум до една многу поширока визија.

**Прочитајте го текстот Матеј 28,19.20. Како овие стихови се надоврзуваат на пораката на првиот ангел?**

---

Во својата книга „*Потрага по нешто повозвишено: Живејте за нешто поголемо од вас*“ (Paul David Tripp, *A Quest for More: Living for Something Bigger Than You*), Пол Дејвид Трип зборува за психолошката потреба на секое човечко суштество да биде дел од нешто поголемо од него самиот: „Човечките суштества се создадени да бидат дел од нешто што се издигнува над нивниот личен живот. Гревот нè тера нашиот живот да го сведеме на ниво на сопственото битисување, но Христовата благодат нè избавува од клаустофобичните граници на нашиот личен, стеснет свет сосредоточен на самите нас и нè ослободува да живееме за вечните цели и за богатите задоволства на Божјото царство“.

Не постои ништо друго што повеќе ќе нè вдахне, исполни и награди од можноста да бидеме дел од едно духовно движење, повикано од божественото провидение да изврши задача многу поголема и посеопфатна отколку што кое и да е човечко суштество некогаш би можело да ја постигне самостојно. Божјата задача опишана во Откровение 14 глава е најзначајната должност што некогаш ѝ била доверена на Неговата црква. Тоа е сесрден повик нашиот живот да го посветиме на најголемиот потфат на небото – да ја обелодениме Божјата несфатлива љубов непосредно пред Исусовото враќање.

**Какво е вашето искуство во врска со учествувањето во нешто поголемо од вас самите? Како тоа искуство ви помага да ја разберете смислата на денешното проучување? Освен тоа, што може да биде поголемо од можноста Создателот на сè што постои да ве употреби за да направи нешто од вечна важност за целата вселена?**

## МИСИОНСКО ДВИЖЕЊЕ

Благодарение на внимателното и длабоко проучување на Библијата, првите адвентисти сè подобро го разбирале значењето на овие пораки. Биле свесни дека Бог има порака прилагодена на потребите на оваа генерација – итна порака за последното време, која мора да му се објави на секое племе, колено, јазик и народ, за да се подготви светот за Христовото доаѓање. Пораките на тројцата ангели биле движечка сила на адвентистичката мисија уште од самиот почеток.

Во 1874 година Генералната конференција го испратила нашиот прв мисионер во Европа. Елена Вајт го нарекла Џон Ендрус „најспособниот човек во нашите редови“. Ендрус зборувал најмалку седум јазици и можел да го повтори целиот Нов и поголемиот дел од Стариот завет напамет. Тој бил брилијантен мислител, плоден писател, моќен проповедник и компетентен теолог.

Зошто таков човек требало да биде испратен на место каде што имало многу малку верници? Зошто „најспособниот човек“ што го имате би го испратиле во непознато мисионско поле? И зошто тој бил подготвен да оди? Неговата сопруга починала неколку години претходно. Зошто бил подготвен да ги остави семејството и пријателите во Америка и да отплови со своите две деца во непозната земја, ризикувајќи сè за Христовото дело?

Постоела само една причина. Тој верувал дека Исус наскоро ќе дојде и дека веста на вистината за последното време мора да стигне до целиот свет.

Во текот на целата нашата историја, најспособните и најдобрите меѓу нас патувале од едниот до другиот крај на светот за да ја објават Божјата порака за последното време. Меѓу нив имало учители, медицински персонал, пастори, земјоделци, механичари, столари и трговци од различни бранши. Некои биле службеници на Црквата, но многумина не биле. Тоа биле лаици кои верувале дека Исус скоро ќе дојде.

**Прочитајте ги следните стихови: Откровение 14,6; Дела 1,8 и Матеј 24,14. Кои сличности ги забележувате меѓу нив?**

---

Проповедањето на вечното евангелие ги пречекорува географските граници. Продира во најоддалечените области на Земјата. Допира до луѓето од сите јазици и култури. На крајот, тоа ќе изврши влијание врз целиот свет. Колку е фасцинантно сознанието дека нашата порака досега стигнала во повеќе од 210 од вкупно 235 земји во светот признаенти од страна на Обединетите нации!

**Каква улога би можеле да одиграте вие и како би можеле да ја одиграте подобро, за да придонесете во ширењето на пораките на тројцата ангели до секое „секоја народност и на секое племе и јазик и народ“?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Задржете се повеќе на идејата од проучувањето предвидено за среда, за нашата потреба да бидеме дел од нешто поголемо од нас самите и од нашиот стеснет, краткотраен, често упропастен и незадоволувачки живот (кој меѓу нас не искусил нешто од тоа во својот живот?). Има толку многу смисла во таа идеја. Физички гледано, што сме ние ако не обично пакување од месо што го носат наоколу сопствениот мозок – неколку килограми органска материја базирана на јаглерод, во состав поблизок до кофичка со пржено пилешко отколку тврд диск (hard disk).

Што значат тие мали, индивидуални пакувања месо во однос на бесконечноста што ги опкружува? Да живееш само за себе, да живееш за нешто што не е поголемо од тебе, кога има толку многу околу тебе и надвор од тебе – тоа е како да си доживотно затворен во самица среде голем град чиишто вибрации можеш да ги почувствуваш низ ѕидовите. А за која поголема, повозвишена, пославна и позначајна цел би можеле да живееме од таа да го објавиме ветувањето за вечен живот што ни е даден во Исуса?

„Божјите слуги, со озарено лице од свето помазание, ќе брзаат од место во место да ја објават небесната вест. Илјадници гласови низ целата Земја ќе ја објавуваат опомената. Ќе се прават чуда, болни ќе оздравуваат, а верните ќе ги придружуваат знаци и чуда. И сатаната ќе прави лажни чуда; ќе стори и оган да падне од небото пред луѓето (Откровение 13,13). На овој начин жителите на земјата ќе бидат присилени да се решат за кого ќе се определат“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 612 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **„Неколкумина ми напишаа прашувајќи ме дали пораката за оправдувањето со вера е иста како пораката на третиот ангел, а јас одговорив: ‘Тоа е пораката на третиот ангел во вистинска смисла на зборот‘“ (Elen G. White, *The Advent Review и Sabbath Herald*, 1 април 1890 година). Каква врска постои меѓу оправдувањето со вера и пораките на тројцата ангели?**
2. **Задржете се во мислите на изразот „вечно евангелие“. Што е вечно во врска со Евангелието?**
3. **Што значи тоа што адвентистите на седмиот ден се присутни во толку многу земји во светот? Што ни кажува ова за благословите со кои Бог ги наградил нашите досегашни напори? Во исто време, како вашата локална црква, дури и вашата локална саботна школа, може да одигра поголема улога во „довршување на делото“?**

**САБОТА**, 15 април 2023

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 4**
**Од 15 до 21 април 2023**

# БОЈТЕ СЕ ОД БОГА И ПОДАЈТЕ МУ СЛАВА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 14; 1. Мојсеева 22,12; Проповедник 12,13.14; Колошаните 3,1.2; Евреите 12,1.2; 1. Коринќаните 3,16-17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Еве го трпението на светиите, кои ги пазат Божјите заповеди и верата Исусова“ (Откровение 14,12).**

Данскиот писател Серен Кјеркегор кажал една парабола за последното време, која гласи приближно вака:

Зад сцената во еден голем театар избувнал пожар. Кловнот, кој бил дел од претставата, излегол да ја предупреди публиката: *Излезете! Ова место гори!* Меѓутоа, публиката мислела дека се работи за шега, дел од претставата и ништо повеќе, така што само аплаудирала. Кловнот го повторил предупредувањето: *Излезете! Излезете!* Но, колку пожестоко ги предупредувал, аплаузот станувал толку погласен. Според Кјеркегор, вака ќе дојде и крајот на светот – со општ аплауз на интелигенцијата, која ќе смета дека тоа е шега.

Меѓутоа, крајот на светот и настаните што му претходат, како што знаеме, не се шега. Светот се соочува со најсериозната криза од потопот наваму. Всушност, и самиот Петар го користи извештајот за потопот како симбол на крајот, предупредувајќи дека, исто како што старииот свет страдал од водата, во последното време, „небесата ќе поминат со голема бучава, а вжарените стихии ќе се распаднат и земјата ќе изгори со сите дела што се во неа“ (2. Петрово 3,10). А бидејќи сме предупредени за настаните што доаѓаат, треба и ние да бидеме подготвени за тоа.

## БОЈТЕ СЕ ОД БОГА

Целта на книгата Откровение во нашата генерација е да подготви народ за скорешното враќање на Исус, и да се здружи со Него за да му ја пренесе на светот Неговата порака за последното време. Книгата Откровение ги разоткрива Божјите планови и ги разобличува плановите на сатаната. Таа го изразува последниот Божји повик, Неговата итна, вечна, сеопфатна порака за целото човештво.

**Во текстот Откровение 14,7 прочитајте го итното обраќање на апостол Јован во врска со последното време. (Видете и 1. Мојсеева 22,12; Псалм 89,7; Мудри изреки 2,5; Проповедник 12,13.14; Ефесјаните 5,21.) Кое конкретно упатство ни го дава тој?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Новозаветниот грчки збор за „страв“ во стихот Откровение 14,7 е fobeo. Овде не се користи во смисла на страв од Бога, туку во смисла на длабока преданост и стравопочит. Тој ја пренесува мислата за апсолутна верност кон Бога и целосно предавање на Неговата волја. Тоа е став на ум кој е сосредоточен на Бога, а не на самиот себе, спротивно на ставот на Луцифер изнесен во текстот Исаија 14,13.14, кога тој во своето срце вели: „Ќе се искачам на небесата, над Божјите ѕвезди ќе си издигнам престол за себе. На собирната гора ќе престолувам, на краен север. Ќе се искачам во облачните висини, ќе бидам еднаков со Севишниот.“

Тоа е Христов став, кој, „иако е во Божјо обличје... се понизи Самиот Себе и стана послушен до смрт, дури и до смрт на крст“ (Филипјаните 2,6.8).

Во центарот на големата борба е прашањето околу потчинувањето на Бога. Луцифер бил егоцентричен. Тој одбил да се потчини на која било власт освен на сопствената. Наместо да се потчини на Оној кој е на престолот, Луцифер сакал да владее од престолот. Едноставно кажано, да се боиме од Бога значи да го ставиме на прво место во нашето размислување. Тоа значи да се откажеме од нашата егоцентричност и гордост и да живееме целосно за Него.

И ова е очигледно многу важно, бидејќи тоа се првите зборови изговорени од устата на првиот од тројцата ангели.

Затоа треба да обрнеме внимание на тоа.

**Какво е вашето искуство со стравот од Бога? Како некому би му објасниле на позитивен начин зошто „стравот од Господа“ е нешто добро?**

## ДА СЕ БОИМЕ ОД БОГА И ДА МУ БИДЕМЕ ПОСЛУШНИ

**Што друго нѐ учи Библијата за тоа што значи да се боиме од Бога? Прочитајте ги следните текстови: 5. Мојсеева 6,2; Псалм 119,73.74; Проповедник 12,13.14. Што ни откриваат овие текстови за последиците од „стравот од Господа“?**

---

Овие стихови ја откриваат врската меѓу стравот од Господа и држењето на Неговите заповеди. Стравот од Бога е став на длабока почит што води кон послушност. Небото упатува итен апел до оние кои се спасени преку благодатта да бидат послушни на Божјите заповеди (Ефесјаните 2,8-10). Благодатта не ја укинува обврската да се покоруваме на Божјите заповеди. Евангелието нѐ ослободува од осудата на законот, а не од одговорноста да го почитуваме.

Освен тоа што нѐ ослободува од вината за делата сторени во минатото, благодатта ни дава и сила да живееме побожно и послушно во сегашноста. Апостол Павле изјавува дека „добивме благодат и апостолство, за да ги приведеме сите народи, кон послушноста на верата, заради Името Негово“ (Римјаните 1,5).

Некои луѓе имаат чудна идеја дека спасението по благодат на некој начин го негира Божјиот закон или ја намалува потребата за послушност. Тие секој разговор за послушноста го сметаат за легализам, па затоа велат: *Исус е сѐ што ми треба*. Меѓутоа, прашањето е: „Кој Исус?“ Исус каков што ние самите сме го замислиле или Исус од Светото писмо? Христос од Светото писмо никогаш не нѐ наведува да го омаловажуваме Неговиот закон, кој всушност е препис на Неговиот карактер. Христос од Светото писмо никогаш не нѐ наведува да ја минимизираме важноста на библиските учења, кои појасно откриваат кој е Тој навистина и каков е Неговиот план за овој свет. Христос од Светото писмо никогаш не нѐ наведува да ги сведеме Неговите учења на верски флоскули во кои нема суштина. Христос е олицетворение на целокупната доктринарна вистина. Исус е отелотворената вистина. Тој е доктрина преточена во живот.

Откровението, во своето последно обраќање, нѐ повикува преку верата во Исуса да ја прифатиме полнотата на сето она што Тој ни го нуди. Тој нѐ повикува да се „боиме од Бога“, што се изразува со вера во тоа дека Неговата искупителска сила може да нѐ оспособи да живееме побожно, со послушност.

**Како следните Исусови зборови: „И не бојте се од оние кои го убиваат телото, а душата не можат да ја убијат. Туку бојте се повеќе од Оној, Кој може да ги погуби и душата и телото во пеколот“ (Матеј 10,28) – ни помагаат да разбереме што значи да се боиме од Бога?**

# ДА ВОДИМЕ ЖИВОТ СОСРЕДОТОЧЕН НА БОГА

Во добата на консумеризмот, кога секуларните вредности го ставаат човечкото его во центарот на сѐ, Небото нѐ повикува да се оттргнеме од тиранијата на егоцентричноста и ропството на надуената самобитност и да го поставиме Бога во центарот на нашиот живот. За некои парите се средиште на животот. За други, тоа е задоволството или моќта. За некои, пак, тоа може да биде спортот, музиката или забавата. Меѓутоа, пораката на Откровението е јасен повик стравопочитта и оддавањето чест на Бога да ги направиме вистинско средиште на нашиот живот.

**Прочитајте ги следните текстови: Матеј 6,33; Колошаните 3,1.2; Евреите 12,1-2. Што ни кажуваат за тоа како да го направиме Бога вистинско средиште на нашиот живот?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Главното прашање во последниот судир на Земјата ќе биде битката за умот. Тоа е, всушност, битка за верност, авторитет и посветеност на Божјата волја.

Последната битка во рамките на Големата борба ќе се води меѓу силите на доброто и злото за контрола над нашите мисли. Апостол Павле ни ја дава следната опомена: „Имајте ја во себе истата мисла, која беше и во Исуса Христа“ (Филипјаните 2,5). Умот е тврдина на нашето битие. Тој е извор на нашето дејствување. Изразот што Павле го користи овде значи да се дозволи или да се избере, да се одлучи. Тоа е свесен чин на волјата. Одлуката да го имаме Христовиот ум е одлука да му дозволиме да го обликува начинот на нашето размислување така што нашиот ум ќе го исполниме со она што има вечна важност. Нашите постапки откриваат каде водат нашите мисловни процеси. Да се боиме од Бога значи да Му го дадеме првото место во својот живот.

Размислете колку е лесно, во извесна смисла, да ги контролирате своите мисли, барем кога сте свесни за тоа дека треба да ги контролирате. Честопати проблемот е во тоа што, ако не вложиме свесен напор да се занимаваме со она што е исправно, „за она што е горе, не за она што е на земјата“, нашиот ум, паднат и грешен каков што е, природно ќе тежнее кон земното, кон нештата на овој свет. Затоа, како што вели Павле, мораме свесно и со намера да одлучиме, користејќи го светиот дар на слободната волја, да се занимаваме со она што е небесно.

**„Впрочем, браќа, сѐ што е вистинско, што е чесно, што е праведно, што е чисто, што е љубезно, што е на добар глас - ако е некаква добродетел, ако е некаква пофалба - мислете на тоа!“ (Филипјаните 4,8) Како да научиме да го правиме она што ни го кажува Павле овде?**

# ДАВАЊЕ СЛАВА НА БОГА

Една студија за употребата на изразот „дајте му слава на Бога“ во Стариот завет покажува дека тој, што е особено интересно, често (но не исклучиво) се појавува во контекст на божествениот суд (Исус Навин 7,19; 1. Самоилова 6,5; Еремија 13,15.16; Малахија 2,2), исто како и во пораката на првиот ангел (Откровение 14,7). Оваа идеја ја гледаме и во текстот Откровение 19,1.2: „Алелуја! Спасението, и славата, и честа, и силата Му припаѓаат на нашиот Бог, зашто се вистински и праведни Неговите судови!“

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Коринќаните 3,16.17; 1. Коринќаните 6,19.20; 1. Коринќаните 10,31. Како тие ни помагаат да разбереме еден од начините на кој можеме да го славиме Бога?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Според апостол Павле, нашето тело е светилиште во кое живее Духот Божји – храм осветен со Божјото присуство. Светото писмо ни упатува јасен повик да го славиме Бога во секој аспект од нашиот живот. Кога Бог е во центарот на нашиот живот, тогаш нашата единствена желба е да Го прославиме – без оглед дали со нашата исхрана, облека, со начинот на кој се забавуваме или се однесуваме кон другите. Ние му оддаваме слава на Бога кога му го откриваме на светот Неговиот карактер полн со љубов преку нашата посветеност во извршувањето на Неговата волја. Ова станува уште поважно во светлината на судот над овој свет на крајот на времето.

**Прочитајте Римјаните 12,1.2. Каков повик ни упатува апостол Павле во врска со нашите севкупни животни избори?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Новозаветниот грчки збор за „телата“ во овој пасус е *сомата*, а подобро е да се преведе како целина на она што сме – тело, ум и емоции. Во еден од преводите на Библијата, изразот „духовно богомолство“ се толкува како „чин на интелигентно обожавање“. Со други зборови, кога целосно ќе се препуштите на „стравот Господов“ и Го величате и славите со сето она што го правите, кога Му го посветувате својот ум, тело и емоции, тогаш тоа е чин на интелигентно обожавање. Освен тоа, во светлината на Божјиот суд, обрнувањето внимание на послушноста претставува навистина добра идеја.

**Размислете за тоа како се однесувате кон своето тело. Што можете да преземете за да бидете сигурни дека со вашето тело навистина го прославувате Бога?**

## ПОБЕДНИЦИТЕ ЗА КОИ ЗБОРУВА ОТКРОВЕНИЕТО

„Тука е трпението на светите, кои ги пазат Божјите заповеди и вера-та во Исуса“ (Откровение 14,12). Тоа е слика на Божјиот верен народ на крајот на времето. Сепак, единствениот начин на кој некој ќе може да ги држи Божјите заповеди, во тоа време како и сега, е преку верата во Исуса Христа. Меѓутоа, забележете дека нашиот превод спомнува „верата во Исуса“, и тоа е исклучително важно, но во други преводи стои изразот „верата Исусова“, а тоа сепак претставува нешто повеќе. Тоа е оној квалитет на вера кој му овозможил на Христа да ги надмине најжестоките искушенија на сатаната. Верата е дар што му се дава на секој верник. Кога ја покажуваме верата што Светиот Дух ја става во нашето срце, таа вера расте. Тогаш победуваме, не со силата на нашата волја, туку со силата на живиот Христос што дејствува преку нас. Ние не сме победници врз основа на тоа кои сме  ние, туку врз основа на тоа кој е Тој.

Ние можеме да победиме затоа што Тој победил. Можеме да бидеме победници затоа што Тој бил победник. Можеме да ги победиме искушенијата затоа што Тој ги совладал.

**Прочитајте Евреите 4,14-16 и Евреите 7,25. Што е тоа што ни овозможува да ги надминеме искушенијата, да живееме „боејќи се од Бога“ и славејќи Го?**

__________________________________________________________

Исус, пресветиот Син Божји, се спротивставил на лукавствата на ѓаволот. Тој се соочил со искушенијата со доверба во Божјите ветувања, потчинувајќи ја својата волја на Татковата и потпирајќи се на силата на Таткото. Надевајќи се на Него, гледајќи во Него, верувајќи во Него, и ние можеме да победиме. Исус за нас е сѐ во сѐ, а пораките на тројцата ангели во суштина зборуваат за Него. Поракатa на Откровението е вест за победа, а не за пораз. Таа зборува за народ кој победува преку Неговата благодат и со Негова сила.

Зборот „победи“, во еден или друг облик, се користи 11 пати во книгата Откровение. Во визијата за седумте цркви, кои ја претставуваат христијанската црква од првиот век до нашево време, во секоја генерација постојат верници кои, како што вели Јован, „победиле“. На крајот на времето, оние што „победуваат“, ќе наследат сѐ (Откровение 21,7). Тоа не е легализам. Тоа е победа со посредство на Исуса Христа, чиј живот на совршена праведност е единственото нешто што ни дава ветување за вечен живот. Тоа е вера на дело. Тоа е чудесната благодат во животот на верникот, која го облагородува и го менува животот.

**Дали има нешто во вашиот живот што сакате да го надминете? Како нашите желби да ги преточиме во дела? Кои практични чекори можеме да ги преземеме за да бидеме еден од „победниците“ за кои зборува Откровението?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Размислете за прекрасните зборови на апостол Павле во стихот Евреите 7,25, кои, зборувајќи за Исуса како наш Првосвештеник, вели дека Тој „може наполно да ги спасува оние, кои преку Него доаѓаат при Бога“. *Наполно да ги спасува!* Грчкиот збор што се користи тука значи „изобилно, потполно, целосно“. Исус е тој што нѐ спасува, а наша должност е да Му се предадеме, повикувајќи се на Неговата победа во наша полза. Мораме да имаме доверба во Него, а не во себеси.

„Силата на изразот ‘бојте се од Бога“ во Откровението можеме накратко да го окарактеризираме како последен Божји повик до човештвото – да го избере за свој славен и величествен Бог... кој ќе ги победи силите на злото што се спротивставуваат на Него и на Неговиот план за човечкиот род (споредете со текстот Откровение 14,9-11). Тој страв не се појавува, барем не засега (споредете со текстот Откровение 6,14-17), во вид на некаква преплашеност и ужас, туку во вид на радосно, од љубов, потчинување на Божјиот закон и обожавање исклучиво на Него. Ниту една друга сила не треба да се признава како достојна за таква приврзаност и лојалност. Други можности нема, бидејќи она што се наѕира на хоризонтот на космичкиот судир како можност, всушност претставува само дејство на демонските сили кои се осудени на исчезнување (Откровение 16,13.14; 17,14; 20,11-15). Затоа повикот да се боиме од Бога, всушност претставува позитивен божествен повик... да застанеме на Божја страна во вселенскиот судир, за да можеме да стоиме во Неговото славно присуство, исполнети со радост во вечното заедништво со Него (Откровение 21,3 -4; Откровение 22,3-5)“ (Ángel Manuel Rodrígues, *„The Closing of the Cosmic Conflict: Role of the Three Angels’ Messages“*, p. 27).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислете за неверојатната сила на Бога, на Оној кој ја создал и ја одржува сета вселена. Ние едвај успеваме да ја сфатиме самата идеја за космосот, а како можеме да го разбереме Создателот на сето тоа? Размислете за тоа колку е тој поголем и помоќен од нас. И тој Бог ќе ни суди еден ден!? Како овие факти ни помагаат да ја разбереме идејата за „стравот Господов“ и што тој, всушност, претставува?**

**2. Како можеме да го избегнеме легализмот кога разговараме за библиските поими како што се светоста, надминувањето на гревот и победата? Зошто секогаш треба да имаме на ум дека Христовата победа за нас, извојувана на крстот, е единствениот темел на нашата надеж во спасението, без оглед на нашите победи (па дури и неуспеси) овде и сега?**

**3. Зошто ние, дури и со сите ветувања за победа над гревот, често паѓаме и не живееме во согласност со мерилото на праведноста што ни го поставил Исус со својот сопствен пример, и ни дал ветување дека и ние можеме да го достигнеме? Кои грешки ги правиме кога не му дозволуваме на Бога да го изврши во нас делото што го ветил?**

**Лекција 5**
**22-28 април 2023**

# ДОБРАТА ВЕСТ ЗА СУДОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 14,7; Псалм 51,1-4; Откровение 20,12; Даниел 7,9.14.26; Откровение 4,2-4; Откровение 5,1-12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И зборуваше со силен глас: ‘Бојте се од Бога и подајте Му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд, и поклонете Му се на Оној, Кој го создал небото и земјата, морето и водните извори’“ (Откровение 14,7).**

Ако Библијата била сосем јасна за нешто, тогаш тоа е фактот дека Бог е Бог на судот, и дека порано или подоцна, на еден или друг начин, судот – суд што толку многу недостасува овде и сега – на крајот ќе дојде и со него ќе управува лично Бог, „Судијата на целата земја“ (1. Мојсеева 18,25; видете и Псалм 58,11; Псалм 94,2; Псалм 98,9). И како што самиот Павле напишал: „И така, секој од нас ќе одговара пред Бога за себе“ (Римјаните 14,12).

Застрашувачка мисла, зар не? Ќе мораме да дадеме сметка за себе пред Бога – Бог кој ги знае и најскриените тајни, Бог кој „ќе ја изведе на суд секоја работа, и што е тајно, било да е добро или лошо“ (Проповедник 12,14)?

Сепак, на крајот судот ќе ја обелодени Божјата добрина и милост, како и фактот дека Тој е истовремено и праведен и милостив во своето постапување кон спасените, па дури и кон изгубените.

Во текот на оваа седмица подлабоко ќе ги истражиме темите за судот и нивната поврзаност со големата борба што беснее во вселената, а особено ќе разгледаме што се случува кога и самиот Божји верен народ ќе се соочи со неизбежноста на „идниот суд“ (Дела 24,25).

## ЗНАЧЕЊЕТО НА СУДНИОТ ЧАС

Последната книга на Библијата, Откровението, се фокусира на кулминацијата на вековната борба меѓу доброто и злото. Луцифер, побунетиот ангел, ја довел во прашање Божјата добрина, правичност и мудрост. Тој тврдел дека Бог на неправеден и некоректен начин управува со вселената. Завршното судење, за кое зборува Откровението, се наоѓа во самото средиште на овој судир што се води околу Божјиот карактер.

**Текстот Откровение 14,7 пишува: „Имајте страхопочит кон Бога и подајте Му слава, зашто настапи часот на Неговиот суд, и поклонете Му се на Оној Кој ги создал небото и земјата, морето и водните извори!“ Зошто е значајно тоа што пораката на првиот ангел, веднаш откако се спомнува „вечното евангелие“,вниманието го свртува кон Божјиот суд? Каква врска има „вечното евангелие“ со Божјиот суд?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

И евангелието и судот се дел од пораката на првиот ангел, и се неразделно испреплетени. Кога не би било „вечното евангелие“, не би имале надеж дека до тој суд воопшто ќе дојде. Всушност, како што ќе видиме, „вечното евангелие“ е навистина нашата *единствена* надеж дека тоа судење ќе се одржи. Несомнено е дека дел од содржината на евангелието е, всушност, најавување на судот.

За време на овој суд, световите што не паднале ќе се уверат дека Бог направил сè што можел за да го спаси секое човечко битие. Тој суд ја открива Божјата правда и милост. Тој кажува нешто за Неговата љубов и за Неговиот закон – за Неговата спасоносна благодат и за Неговата моќ да избави.

Тој суд е дел од Божјото конечно решение за проблемот со гревот. Во рамките на големата борба меѓу доброто и злото во вселената, Бог на крстот одговорил на обвиненијата на сатаната, но дури на судот ќе се покаже дека Тој направил сè што можело да се стори за да нè спаси и да нè доведе до крстот.

Небесните бесконечни, прецизни, детални извештаи (видете Даниел 7,10) ќе бидат отворени. Ние сме толку драгоцени за Бога, што целата вселена ќе застане за да ја разгледа секоја одлука што сме ја донеле во светлината на нежниот повик на Светиот Дух и откупувањето кое Христос на крстот на Голгота толку великодушно ни го обезбедил.

**Прочитајте го внимателно текстот Псалм 51,1–4, а особено 4. стих. Како овие стихови го расветлуваат значењето и целта на тој суд?**

# БОЖЈАТА МИЛОСТ И СУДОТ

И крстот и судот откриваат дека Бог е праведен и милостив. Прекршениот закон бара смрт за грешникот. Правдата изјавува: „Платата, што ја дава гревот, е смрт“, а милоста одговара: „Дарот Божји е живот вечен во Христа Исуса, нашиот Господ“ (Римјаните 6,23). Кога Божјиот закон би можел да се промени или да се укине, би било сосема непотребно Исус да умре. Христовата смрт ја потврдува вечната природа на законот, а законот е основа на судот.

**Прочитајте го стихот Откровение 20,12. Врз основа на што ни се суди? Каква врска имаат нашите добри дела со нашето спасение?**

_______________________________________________

_______________________________________________

Нашите дела откриваат какви одлуки сме донесувале и колку сме му биле верни на Бога. Според Ефесјаните 2,8.9, „по благодат сте спасени преку верата... не е од дела, за да не се пофали некој“. Но, кога Христос нѐ спасува, Тој нѐ менува. „Зашто ние сме Негова творба, создадени во Христос Исус за добри дела“ (Ефесјаните 2,10).

Нашите добри дела, вдахнати од Светиот Дух, не нѐ спасуваат, но тие сведочат дека нашата вера е вистинска. Божјиот конечен суд го разоткрива секое преправање, секое лицемерие, секоја лага; тој проникнува во самата длабочина на нашето битие. Кога ја опишува нашата положба пред Бога на судот, Елена Г. Вајт го дава следниот моќен увид во тоа како евангелието и судот одат рака под рака.

„Фактот дека Божјиот избран народ е претставен како стои пред Господа во извалкани облеки, треба да поттикне на понизност и длабоко преиспитување на срцето од страна на сите што го исповедаат Неговото име. Оние кои навистина ја чистат својата душа покорувајќи се на вистината, ќе имаат најскромно мислење за себе. Колку повнимателно го разгледуваат Христовиот беспрекорен карактер, толку посилна е нивната желба да станат слични на Него и толку помалку во себеси ќе се сметаат за чисти и свети. Но, иако треба да станеме свесни за нашата грешна состојба, треба да се потпреме на Христа како наша праведност, наше посветување и откупување. Ние не можеме да одговориме на обвинувањата кои сатаната ги изнесува против нас. Само Христос може да упати делотворна молитва во наше име. Тој е во состојба да го замолкне клеветникот повикувајќи се, не на нашите заслуги, туку на Неговите лични заслуги“ (*Сведоштва за црквата*, кн. 5, стр. 471, 472).

**Како ви ја гледате, врз основа на нејзините зборови, нераздвојноста на евангелието од судот? Каква надеж може да ви донесе согледувањето на оваа врска меѓу евангелието и судот?**

## ВЕЛИЧЕСТВЕНА СЦЕНА

Пророчките книги Даниел и Откровението заемно се надополнуваат и упатуваат на настаните што ќе се одвиваат во последните денови од историјата на оваа земјата. Книгата Откровение објавува дека дошол часот на Божјиот суд. Книгата на пророк Даниел открива кога започнал тој суд.

Во текстот Даниел 7 Бог му ја открил на пророкот историјата на светот. Народите ќе се издигнуваат и ќе пропаѓаат. Прогонувачките сили ќе го угнетуваат Божјиот народ. Откако ги опишал Вавилон, Медо-Персија, царството на Александар Македонски, Рим, распадот на Римското царство и прогонството на црквата во период од 1.260 години прикажани во текстот (Даниел 7,25; видете и Откровение 12,14), Бог ги свртува мислите на Даниел кон славниот небесен настан кој сите работи ќе ги доведе во ред. Вниманието на пророкот е насочено од подемот и падот на народите и угнетувачките сили на земјата кон престолната соба на вселената и конечниот Божји суд, на кој Тој ќе ја исправи секоја неправда и ќе го воспостави своето вечно царство на праведноста.

Од хаосот и судирот на земјата, Бог во пророчка визија го пренел Даниел во славата на небесното светилиште, на заседанието на врховниот суд на вселената, каде што Христос, вистинскиот Владетел на овој свет, ќе го прими од својот Отец царството кое со право му припаѓало.

**Прочитајте го текстот Даниел 7,9.10.13 и опишете што видел Даниел во овие стихови. Каков ќе биде конечниот исход на тоа судење? Видете го текстот Даниел 7,14.26.27.**

---

Судбината на целото човештво се решава во небесната судница. Тука победува правдата. Вистината триумфира. Праведноста владее. Ова е една од најчудесните, највпечатливите и најспектакуларните сцени во целото Свето писмо. А добрата вест е што тоа судење завршува многу добро за Божјиот верен народ – за оние кои се облечени во Христовата праведност.

Исус му пристапува на својот небесен Отец во присуство на целата вселена. Небесните битија се собираат околу Божјиот престол. Огромно мноштво битија кои не падналe, со стравопочит стојат пред оваа судска сцена. Долготрајната борба што се води со илјадници години наскоро ќе биде завршена. Битката за престолот на вселената конечно ќе биде целосно решена.

**Даниел имал право во врска со царствата што доаѓале и поминувале, токму како што било проречено. Тогаш, зошто има толку голема смисла во тоа да ѝ веруваме на Божјата Реч кога зборува последното, „вечно царство“ кое никогаш нема да „помине“?**

## БЕГОЛ ПОГЛЕД НА НЕБОТО

Во 4. глава во Откровението Јован гледа отворена врата на небото и го прима повикот „Искачи се овде и ќе ти покажам што треба да стане потоа!“ (Откровение 4,1). Исус го повикал апостолот да погледне во небесното светилиште низ отворената врата, за да ги види вечните сцени на големата борба меѓу доброто и злото. И ние можеме да погледнеме низ таа отворена врата заедно со Јован и да стекнеме увид во вечниот план на спасението. Сведоци сме за спорните прашања за кои се одлучува на небесниот суд. Пред наши очи се решаваат темелните прашања во рамките на големата борба меѓу доброто и злото.

**Прочитајте Откровение 4,2–4. Кои сличности ги забележувате со сцената на судот во текстот Даниел 7?**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Ова е очигледно сцена од престолната сала. Бог Отецот седи на престолот опкружен со небесни созданија. Татнат громови и секаат молњи, што ги симболизира Божјите судови. Во текстот Откровение 4,4 забележуваме дека околу Божјиот престол се присутни и 24 старешини.

Кои се овие 24 старешини? Во древниот Израел постоеле 24 реда левитски свештеници. Тие го претставувале народот пред Бога. Во стихот 1. Петрово 2,9, апостолот изјавува дека новозаветните верници се „избран род“, „царско свештенство“. Се претпоставува дека овие 24 старешини би можеле да ги претставуваат сите откупени коишто еден ден радосно ќе се соберат околу Божјиот престол; или, можеби, тие ги претставуваат луѓето што воскреснале заедно со Христа и кои заедно со Него се вознеле на небото (Матеј 27,52, Ефесјаните 4,7.8).

Во секој случај, тоа е добра вест. Околу Божјиот престол се наоѓаат и некои од откупените од земјата. Тие се соочувале со искушенија, исто како што се соочуваме и ние. Тие победиле со Христовата благодат и со силата на Светиот Дух. Облечени се во „бели облеки“ што ја означуваат Христовата праведност која ги покрива и чисти нивните гревови. Тие имаат златна круна на главата, што потврдува дека станале победници во борбата со злото и дел од небесната царска лоза предани верници.

**Го гледаме небесниот престол на кој седи Бог. Небесни суштества го опкружуваат престолот и набргу целото небо почнува сѐ погласно да пее: „Достоен си, Господи, да ја примиш славата, честа и силата, зашто Ти си создал сѐ, и според Твојата волја постои сѐ и е создадено!“ (Откровение 4,11)**

# ИСУС Е ДОСТОЕН

Во текстот Откровение 5,1–3 повторно го гледаме престолот. Се појавува свиток испишан од двете страни. Тој е запечатен со божествен печат и никој на небото ни на земјата не може да го отвори. Небесните суштества треперат. Проблемот е сериозен. Ниту едно ангелско суштество не може да го претставува човечкиот род на конечниот суд над земјата. Јован плаче затоа што никој не може да го отвори свитокот. Тогаш еден од старешините, еден од откупените од земјата, изговара зборови што ќе го охрабрат Јовановото срце. Исус, Јагнето Божјо, е достојно да го отвори свитокот.

Јован го набљудува конечното решение за проблемот со гревот во стихот Откровение 5,5. Овде остарениот пророк го гледа единствениот начин на кој, некој може да се одржи на конечниот суд пред Божјиот престол.

„А еден од старешините ми рече: ‘Не плачи! Ете, Лавот, Кој е од Јудиното колено, Коренот Давидов, победи да ја отвори книгата...‘ Погледав, и ете... стоеше Јагнето, како заклано“ (Откровение 5,5.6).

**Прочитајте Откровение 5,8–12. Како целото небо реагира на објавата дека Исус е достоен да го отвори судскиот свиток и да нè откупи?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Исус, Божјото Јагне кое го жртвувало својот живот за спасение на целото човештво, го зема судскиот свиток и го отвора. Целото небо одекнува од восхитени восклици на пофалба. Неговата победа над сатанските искушенија, Неговата смрт на крстот на Голгота, Неговото воскресение, Неговата првосвештеничка служба, обезбедуваат спасение за сите што ќе одлучат со вера да одговорат на Неговата милост. Тој суд е неверојатно добра вест за Божјиот народ. Зборува за крајот на владеењето на гревот и за ослободувањето на Божјиот народ.

Постои ли нешто што може да нè охрабри повеќе од ова? Исус нè застапува на судот. Неговиот совршено праведен живот нè покрива. Неговата праведност дејствува во нас за да нè обнови. Неговата милост ни простува, нè преобразува и ни дава сила да живееме побожен живот.

Не треба да се плашиме. Исус нè застапува на судот, а силите на злото се поразени. Пресудата е донесена во „полза“ на Божјиот народ (Даниел 7,22). Целта на судот не е да утврди колку сме ние лоши, туку колку Бог е добар.

**Размислете повторно за големата надеж што ја имаме на тој суд: Исус како наша замена. Зошто тоа е нашата единствена надеж?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Внимателно разгледајте го моќниот увид што ни го дава Духот на пророштвото во врска со состојбата на Божјиот народ во последните денови, во времето на судот и крајот на светот.

„Нивна единствена надеж ќе биде Божјата милост, а нивната единствена одбрана – молитвата. Како што првосвештеникот Исус се молел пред ангелот (видете Захарија 3), така и Црквата на остатокот со понизно срце и искрена вера ќе се моли за помилување и ослободување преку Исус, својот Застапник. Верниците наполно се свесни за грешноста на нивниот живот, ја согледуваат својата слабост и недостојност, и сѐ додека гледаат на себе, ги обзема очај. Искушувачот е покрај нив готов да ги обвини, како што стоел покрај првосвештеникот Исус за да му се спротивстави. Тој укажува на нивните валкани облеки, на недостатоците во нивниот карактер. Ги изнесува на виделина нивните слабости и непромислености, нивниот грев на неблагодарност и нивната несличност со Христа, со кои го посрамиле својот Откупител... Божјиот народ грешел во многу работи. Сатаната точно знае на кои гревови успеал да ги наведе и сега истите ги прикажува во најсилна светлина, преувеличувајќи ја нивната тежина изјавувајќи: ‘Зар Бог ќе ме истера од своето присуство мене и моите ангели, а ќе ги награди оние кои се криви за истите гревови? О Господе, ако си праведен, ти не можеш да го направиш тоа. Во тој случај, Твојот престол и твојот суд нема да бидат праведни! Правдата бара тие да бидат осудени.‘ Меѓутоа, иако грешеле, Христовите следбеници не се предале целосно под власта на злото. Тие ги отфрлиле своите гревови и во понизност го побарале Господа и божествениот Застапник посредува во нивна корист. Тој што најмногу е навредуван заради нивната неблагодарност, кој ги познава нивните гревови, но и нивното каење, кажува: ‘Господ да те укори сатано. Јас го дадов Својот живот за овие души. Тие се врежани на Моите дланки’“ (Ellen G. White, Testimonies for the Church, vol. 5, pp. 473, 474).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како влијае на нашиот секојдневен живот сознанието дека „настапи часот на Неговиот суд“? Ако сме искрени, повеќето од нас веројатно би рекле дека не влијае баш многу, зар не? Како можеме да се промениме?**

**2. Зошто судот е добра а не лоша вест? Разговарајте во класата за улогата што ја има Исус на тој суд, кога сме ние во прашање. Како тоа може да нѐ поттикне да му бидеме верни, бидејќи знаеме дека, благодарение само на она што Тој го направил за нас, можеме да имаме надеж во спасението?**

**3. Задржете се во мислите повеќе на таа идеја за судот, кој го открива Божјиот карактер пред сета вселена. Како оваа идеја најдобро се вклопува во целокупното сценарио на големата борба?**

**Лекција 6**
**Од 29 април до 5 мај 2023**

# НАСТАПИ ЧАСОТ НА НЕГОВИОТ СУД



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Даниел 8, Даниел 9, Езра 7, Матеј 3,13–17, Римјаните 5,6–9, Марко 15,38, 3. Мојсеева 16,16.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И тоа правете го, знаејќи го ова време: веќе дојде часот да се разбудите од сонот, зашто спасението е сега поблиску до нас отколку кога поверувавме. Ноќта одминува, а денот се приближи; да ги отфрлиме, пак, сите дела на мракот и да се облечеме во оружјето на светлината“ (Римјаните 13,11.12).**

Пред неколку години, списанието *Национална географија* (National Geographic) пишувал за еден шумски пожар во националниот парк Јелоустоун во Соединетите Држави. Откако пожарот бил изгасен, шумарите се искачиле на планината за да ја проценат штетата. Еден од нив нашол птица која била буквално спржена во подножјето на едно дрво. Згрозен од таа морничава глетка, ја допрел птицата со стап.

Во истиот миг три мали пиленциња скокнале од под крилјата на својата мртва мајка. Пожртвуваната мајка, очигледно свесна за претстојната катастрофа, со љубов ги пренела своите пилиња во подножјето на дрвото и тука ги заштитила под нејзините крилја. Таа можела слободно да одлета на некое безбедно место, но одбила да ги остави своите младенчиња. Колку убава слика за верникот, кој е целосно безбеден во Христа!

Огнот на Божјиот суд догорел врз Него, на Голгота, и сите што се во Христа засекогаш се безбедни под Неговите крилја. На крстот Христос бил осуден како грешник за ние да бидеме прогласени за праведни граѓани на небесното царство. Тој бил осуден како злосторник, за ние да можеме да бидеме поштедени од разорниот оган на вечната загуба, се разбира, и фигуративно и буквално.

## ОЧИСТУВАЊЕ НА СВЕТИЛИШТЕТО

Како што веќе видовме, судот мора да се одигра пред да дојде Христос. Ангелот со силен глас објавува: „настапи часот на Неговиот суд“ (Откровение 14,7). Книгата на пророк Даниел ни го открива времето на почетокот на овој суд.

**Прочитајте го стихот Даниел 8,14. Кој конкретен временски редослед ни го дава Даниел во врска со очистувањето на светилиштето?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Секој Евреин јасно го разбирал значењето на очистувањето на земното светилиште. Тоа се случувало на Денот на помирувањето, кој всушност бил денот на судот. Така и Даниел го разбрал поимот суд и очистување на Светињата, но го збунувале тие 2300 денови.

**Прочитајте ги следните текстови Даниел 8,27 и Даниел 9,21.22. Како реагирал Даниел на визијата за 2300 денови, и каков одговор му дал Бог во врска со тоа?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

На крајот од 8. глава, Даниел вели: „Се чудев на тоа видение и не го разбирав“ (Даниел 8,27) – мислејќи на визијата за 2300 денови (зашто остатокот од визијата веќе бил протолкуван; видете Даниел 8,19–22). Во следната глава, Даниел 9, бележи дека ангелот Гаврил доаѓа да му го објасни на Даниел пророштвото за 2300 денови. „Данииле, сега излегов за да те научам да разбираш“ (Даниел 9,22).

Пророкот Даниел останува восхитен додека Гаврил му дава многу поширок одговор на молитвата отколку што можел и да замисли. Ангелот Гаврил го води Даниел низ времето и му ја открива вистината за доаѓањето на Месија, давајќи му ги точните датуми за почетокот на Неговата служба и на Неговата сурова смрт, настани коишто се директно поврзани со очистувањето на светилиштето, за што зборува текстот Даниел 8. Со други зборови, Христовата смрт е нераскинливо поврзана со судот.

**Зошто е значајно тоа што Исусовата смрт, проречена во текстот Даниел 9,24–27, е директно поврзана со судот во текстот Даниел 8,14? Која голема вистина ја дознаваме врз основа на оваа поврзаност?**

## ПЕРИОДОТ ОД 2300 ДЕНОВИ И ВРЕМЕТО НА КРАЈОТ

**Прочитајте го текстот Даниел 8,17.19.26. На кој временски период, според толкувањето на ангелот, се однесува визијата од текстот Даниел 8 и 2300 денови, и зошто е важно тоа да се разбере?**

---

Некои тврдат дека периодот од 2300 денови се однесува на буквални денови. Тие исто така сметаат дека „малиот рог“ од текстот Даниел 8 се однесува на селевкидскиот војсководец Антиох Епифан (216 пр. н.е. – 164 пр. н.е.), кој го нападнал Ерусалим и го осквернил еврејскиот храм, иако 2300 денови воопшто не се вклопуваат во временската рамка на неговото владеење. Меѓутоа, ова толкување е спротивно на јасната напомена на ангелот дека визијата се однесува „на крајот од времето“. Антиох дефинитивно не живеел на крајот од времето.

Во текстот Даниел 8, Гаврил го започнува своето толкување за пророштвото за 2300 денови. Тој го именува овенот како оној кој ја претставува Медо-Персија, а јарецот како претставник на царството на Александар Македонски (Даниел 8,20.21). И иако не е конкретно именуван, како што биле двете сили пред него, следниот ентитет, малиот рог, очигледно го претставува Рим (Даниел 8,9.23.24). Понатаму тој опишува еден вид верско-политичка фаза на Рим, за која вели дека таа ќе „ја собори вистината на земјата“ (Даниел 8,10–12.25) и ќе ја попречува Христовата небесна служба (Даниел 8,10–12). Кулминација во оваа глава е чистењето на светилиштето во текстот Даниел 8,14, и претставува Божји одговор на дрскоста на земните и религиозните сили кои ќе се обидат да ја узурпираат Божјата власт. Тоа е дел од Божјото решение за проблемот со гревот.

Гаврил дошол со намера да ги објасни подробностите на Божјиот пророчки временски распоред. На крајот од Даниел 8 глава, јасно се гледа дека Даниел не го разбрал делот од визијата за 2300 денови (Даниел 8,27). Претходниот дел за овенот, јарецот и малиот рог бил целосно објаснет, при што дури се наведуваат и првите две сили конкретно по име (Даниел 8,20.21). Меѓутоа, очистувањето на светилиштето не било објаснето.

Ангелот Гаврил, кој се појавил во Даниел 8 глава, се појавува сега во 9. глава од книгата на Даниел и му вели: „Во почетокот на твоето молење се појави твојот збор и јас дојдов да ти го соопштам, зашто ти си човек сакан; па така, внеси се во зборот и разбери го видението“ (Даниел 9,23). Кое видение? Како што ќе видиме утре, тоа е видението за 2300 денови и ноќи, единствениот дел од претходната визија, од Даниел 8 глава, што на Даниел сè уште не му бил објаснет.

**Ангелот му вели на Даниел дека е „човек сакан“. Што ни кажува ова за тесната врска меѓу небото и земјата?**

# АНГЕЛОТ МУ ДАВА УПАТСТВО НА ДАНИЕЛ

**Прочитајте го текстот Даниел 9,23. Кое конкретно упатство му го дава ангелот на Даниел? Зошто е ова важно за да го разбереме значењето за очистувањето на Светињата во Даниел 8,14?**

_______________________________________________

Ангелот јасно му рекол на Даниел: „внимавај добро на словото, разбери го видението“ (Даниел 9,23). На кое слово и на кое видение? Бидејќи во Даниел 9 глава не е запишано ниту едно видение, несомнено е дека ангелот Гаврил зборува за делот од видението во Даниел 8 глава, коешто пророкот не го разбрал – видението за 2300 денови и ноќи (Даниел 8,27).

**Гаврил го продолжува своето објаснување во текстот Даниел 9,24–27. За кои настани од Исусовиот живот и служба се зборува овде?**

_______________________________________________

_______________________________________________

Првиот дел од тоа пророштво се однесува на Божјиот народ, на Евреите. „Седумдесет седмици се одредени за твојот народ“ — еврејскиот народ (Даниел 9,24). Во библиските пророштва, еден пророчки ден одговара на една буквална пророчка година (Езекиел 4,6; 4. Мојсеева 14,34). Во книгата на пророк Даниел и во Откровението, кога е дадена симболичка слика, обично има и симболичко временско пророштво. Една од причините што можеме да бидеме сигурни дека тука е употребен принципот „ден за година“, е таа што, кога го применуваме на Даниеловото пророштво, секој настан на временскиот синџир совршено се вклопува (видете ја утрешната лекција). Кога ќе го примениме овој принцип, заклучуваме дека 70 седмици се состојат од 490 дена. А бидејќи еден пророчки ден одговара на една буквална година, 490 денови се 490 буквални години.

Гаврил му кажува на Даниел дека 490 години се „отсечени“ (буквално значење на еврејскиот збор chathak, кое понекогаш се преведува како „одредени“). Отсечени од што? Тоа може да се однесува само на некое друго временско пророштво, а единствено друго временско пророштво кое се споменува во врска со тоа е пророштвото за 2300 денови од текстот Даниел 8,14. Тие 490 години, кои и сами претставуваат временско пророштво, се директно поврзани со временското пророштво од текстот Даниел 8,14, единствениот дел од видението кое останало необјаснето во Даниел 8 глава и единственото временско пророштво во истата глава. Според тоа, можеме да видиме дека Гаврил доаѓа со ова пророштво да му помогне на Даниел да го разбере она што не го разбрал во претходната глава – 2300 денови.

## МЕСИЈА „ПОГУБЕН“

Гаврил, како почеток на ова пророштво за 490 години, го означил настанот кој бил исклучително важен за Даниел и за Евреите — заповедта да се обнови и изгради Ерусалим. Иако биле донесени различни декрети во врска со Ерусалим, во Езра 7 глава откриваме дека декретот донесен во 457 пр. н.е. им дозволил на Евреите не само да се вратат во својата татковина, туку и повторно да ги воспоставаат своите верски обичаи (видете Езра 7,13.27).

Значајно е да се забележи дека декретот на Артаксеркс бил издаден есента 457 пр. н.е. Од издавањето на овој декрет, во 457 пр. н.е., до Месија, според Даниел, требало да поминат 69 седмици, односно 483 години. Ако почнеме во 457 пр. н.е. и се движиме напред според историскиот временски синџир, ќе стигнеме до 27. година од нашата ера.

Зборот *Месија* значи „помазаник“. Во 27. година од новата ера бил крстен Исус Христос – Месија, (видете го текстот Матеј 3,13–17.) Значи, Даниел неколку стотини години однапред ја предвидел точната година на Христовото крштевање – времето во кое Исус ќе ја започне својата три и пол годишна служба.

**Прочитајте Римјаните 5,6-9 паралелно со стихот Даниел 9,26. Кои големи вистини се откриени овде?**

___

„И по шеесет и двете седмици Помазаникот ќе биде отсечен, но не за себе“ (Даниел 9,26; превод од англиски /NKJV/). Месија ќе биде „отсечен“, односно распнат. Во стихот се додава „но не за Себе“. Со други зборови, Христос умрел на голготскиот крст заради нас, а не заради себе, и врз таа основа Павле можел да напише: „Но Бог ја покажа Својата љубов кон нас со тоа, што Христос умре за нас, додека уште бевме грешници“ (Римјаните 5,8).

Во стихот Даниел 9,27 читаме дека во средината на таа седмица – последните седум години, Христос ќе ги укине „жртвата и приносот“. Во средината на оваа седумдесетта седмица, во 31 година од новата ера, Христос го потврдил вечниот завет со својата крв кога умирал на крстот, со што жртвениот систем изгубил секакво пророчко значење.

Затоа овие пророштва откриваат дека Христос, Месија, ќе биде распнат, и дека жртвениот систем ќе го изгуби своето пророчко значење во пролетта 31. година од новата ера. Тие предвидувања се исполниле до најситните детали. Токму на Пасха, кога првосвештеникот го принесувал пасхалното јагне, Христос бил жртвуван за нас.

**Имајќи го на ум напишаното погоре, прочитајте ги стиховите Марко 15,38 и Матеј 3,15.16. Како овие стихови ни помагаат да го разбереме пророштвото од текстот Даниел 9,24–27?**

## 1844 ГОДИНА

Првите 490 години од пророчкиот синџир во траење од 2300 години, биле посебно одредени за древниот еврејски народ и доаѓањето на Месија. Преостанатиот дел од периодот од 2300 години има врска со Божјиот народ – и Евреите и обратените пагани –со чистењето на небесното Светилиште и, конечно, со второто Христово доаѓање.

Според тоа,  првите 490 години се однесуваат на првото доаѓање на Месија и завршуваат во 34. година од новата ера. Ако се одземат 490 години од 2300 години, ни остануваат 1810 години. Овие 1810 години се однесуваат на Божјиот народ. Ако тргнеме од 34. година од новата ера и додадеме 1810 години, ќе дојдеме до 1844 година.

Во светлината на очистувањето, односно обновувањето на вистината за Светилиштето и за небесниот суд на крајот од времето, Бог го упатува својот последен повик до целото човештво, забележан во Откровение 14,6.7 – повик да одговори на Неговата љубов, да ја прифати Неговата милост и да живее побожно, во послушност.

**Прочитајте го стихот 3. Мојсеева 16,16. Која била причината за очистување на светилиштето, и што нè учи тоа во врска со евангелието?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

Поради гревовите и беззаконијата на народот Светињата морала да се очисти, а тоа се правело само преку крвта на животните. Така е и со нас. Потребен ни е Спасител, чиј живот симболички го претставуваат жртвуваните животни на Денот на помирувањето, како единствен начин да бидеме помилувани на судот.

**Прочитајте 3. Мојсеева 23,26–29. Што му заповедал Бог на својот народ да прави на тој ден на судот, и што треба да значи тоа за нас денес?**

__________________________________________________________________

Израелците требало да ги „смират своите души“ (или во други преводи „измачуваат своите души“; заб. на прев.). Овој израз покажува дека тие требало да се понизат и да ги преиспитаат своите срца, да ги признаат своите гревови, да се покаат и да бараат од Бога да ги очисти како што првосвештеникот го чистел земното светилиште.

**Пророчките текстови од книгата на пророк Даниел од 7-9 глава и Откровение 14, го насочуваат нашето внимание на итните повици да се подготвиме за судниот час. Од 1844 година живееме во времето на судот, а пораката на првиот ангел од Откровението гласи: „Настапи часот на Неговиот суд“ (Откровение 14,7). Тогаш, како ние денес ги „измачуваме своите души“?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Еве еден брз и лесен начин да се прегледа пророштвото за 70 седмици од текстот Даниел 9,24–27.

Прво се спомнуваат 70-те седмици (Даниел 9,24).

Потоа седум седмици и 62 седмици, односно 69 (Даниел 9,25) од вкупно 70 седмици.

Тука е последната седмица, 70-тата (Даниел 9,27).

И конечно, таа последна седмица е поделена – „во средината на седмицата“ (Даниел 9,27) – на два отсека од три и пол години.

Тоа е тоа. Седумдесет седмици, кои се составени од шеесет и девет седмици и една седмица. А таа една седмица е поделена на половина. Сега само додадете го почетниот датум, 457. пр. н.е., и со едноставна пресметка – да, токму така, доаѓаме до 1844 година од временскиот синџир.

Исто така, во Даниел 8. глава, кога станува збор за 2300 денови, воопшто не се спомнува кога почнува тој период. „Уште две илјади и три стотини вечери и утра; тогаш Светилиштето ќе биде очистено“ (Даниел 8,14). Уште две илјади и триста денови – но од кога? Зошто не од мигот кога Даниел го добил самото видение, „третата година на царувањето на Валтазар“ (Даниел 8,1)?

Меѓутоа, тоа едноставно не се вклопува. Видението во текстот Даниел 8 не го вклучува Вавилон. Тоа започнува со настани што се одвивале по него – од Медо-Персија, потоа царството на Александар Македонски и Рим, па сè до „крајот“. Зошто еден настан – очистување на светилиштето – кој е дел од видението, временски би се врзувал за нешто (Вавилон) кој не е дел од тоа видение? Почетниот датум за нешто што претставува кулминација на видението треба да потекнува од самата таа визија, која започнува со Медо-Персија и се протега до самиот „крај“. А тоа се многу години.

Кој го започнал тој период? Тоа не ни е кажано во 8. глава од Даниеловата книга. Кажано ни е во 9. глава.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Разговарајте во саботношколската класа за блиската поврзаност меѓу евангелието и судот, којашто ја гледаме во овие два дела на она што всушност претставува едно пророштво. Зошто таа поврзаност меѓу нив претставува толку добра вест за нас? Како оваа поврзаност треба да го ублажи стравот што многумина го имаат кога ќе помислат на судот?**
2. **Задржете се во мислите на вистината откриена во текстот Даниел 9,26, дека Месија е „отсечен“, „но не за Себе“. За што се зборува овде? Поради кого Тој бил отсечен и зошто?**
3. **Прочитајте ги повторно текстовите 3. Мојсеева 16,16 и 3. Мојсеева 23,26–29. Раговарајте за причината за очистување на светилиштето (3. Мојсеева 16,16) и за тоа како народот треба да се однесува додека тоа се случува (3. Мојсеева 23,26–29). Каков однос постои меѓу она што се случува овде и она што би требало тоа да значи за нас денес?**

**Лекција 7**
**6-12 мај 2023**

# ОБОЖАВАЊЕ НА СОЗДАТЕЛОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 1,9, Исаија 40,26; 2. Коринќаните 5,17; Колошаните 1,17; Откровение 4,11; Јован 19,16–30.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Достоен си, Господи и Боже наш, да ја примиш славата, и честа и силата, зашто Ти си создал сè, и заради Твојата волја суштествува сè и е создадено“ (Откровение 4,11).**

Лесно е да помислиме дека е сосема нормално некои работи да ни припаѓаат, особено кога станува збор за нешто што ни е добро познато или што отсекогаш сме го доживувале. Колку им е лесно, на пример, на малите деца да гледаат на своите родители како нешто што се подразбира, затоа што ги познаваат од почетокот на својот краток живот? Колку е лесно и за нас да ги посматраме сонцето, небото, воздухот или земјата под нашите нозе како нешто сосема природно.

Сепак, дали некогаш сте застанале да размислите во колкава мера и самото постоење го земаме здраво за готово? Односно, колку често застануваме и го поставуваме познатото филозофско прашање *Зошто постои нешто а не ништо?*

Како прво, зошто воопшто постои самата наша вселена, со сета своја величественост и прекрасни појави во неа? До која голема логичка противречност би дошло кога би се установило дека нашата вселена, заедно со нас во неа, воопшто не постои? Според најновата научна теорија (а тие теории имаат тенденција да се менуваат), нашата вселена некогаш не постоела. Со други зборови, нашето постоење е чиста случајност, и вистинско чудо е што воопшто сме тука. Но, и покрај разните митови за вселената која произлегува апсолутно од ништо, или од некаква математичка равенка, нашата вселена постои затоа што Бог, Создателот, ја довел во постоење заедно со сè што е во неа.

## СОПАТНИК ВО НЕВОЛЈА

По своето вознесение на небото (Дела 1,9), Исус го посетил последниот преживеан апостол, Јован, на островот Патмос, каде што бил прогонет од страна на немилосрдниот римски цар Домицијан.

**Прочитајте Откровение 1,9. Видете ги и текстовите Матеј 13,21; Дела 14,22 и Јован 16,33. Која порака се наоѓа овде за сите оние што сакаат да го следат Исуса на овој свет?**

___

___

Иако лишен од поддршката од своето семејство, пријателите и христијанската заедница, сепак Јован не останал сам во неволјите и страдањата со кои се соочувал како Исусов следбеник. Неговата служба сè уште не престанала. Неговото сведоштво уште не било завршено. Еден ангел-посетител со блескава надворешност му се јавил на Јован на тој осамен остров и му донел порака директно од Божјиот престол. Оваа порака од Исуса требало да одекнува низ коридорите на времето низ вековите. Тоа била порака на надеж за секоја генерација, но, во посебна смисла, порака која требала да го подготви Божјиот народ на последното време за Христовото доаѓање. Тоа е сериозна порака на предупредување, но и порака за охрабрување во последното време додека се подготвуваме да се соочиме со искушенијата на последните денови (или какви било други искушенија со кои можеби се соочуваме сега).

Ако влезете во пештерата каде што се тврди дека Јован бил посетен од небесниот ангел носејќи му ја пророчката визија, веднаш ќе ги забележите овие зборови поставени на плочата на нејзиниот влез во која се сумира целата книга Откровение: „Бојте се од Бога и подајте Му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд, и поклонете Му се на Оној, Кој го создал небото и земјата, морето и водните извори“ (Откровение 14,7).

Главна тема на книгата Откровение е обожавањето. Ние сме создадени како битија склони да обожаваат. И затоа секој од нас обожава нешто или некого. Вистинското обожавање, обожавањето на Создателот, ни овозможува да ја откриеме вистинската смисла на животот. Тоа ни дава причина за живеење. Тоа ни дава не само нешто за што треба да бидеме готови да умреме, туку, уште позначајно, нешто за што треба да живееме и, доколку е потребно, да трпиме неволји. И навистина, како што ќе се појавуваат последните кризи, подобро ќе ги разбереме зборовите дека „треба преку многу неволји да влезат во Божјото Царство“ (Дела 14,22).

**Ако верните Божји слуги, како Јован, се соочувале со страдања и неволји, што нè тера да мислиме дека и ние самите нема да се соочиме со проблеми? (Видете 1. Петрово 4,12–15).**

# ПОКЛОНЕТЕ МУ СЕ НА СОЗДАТЕЛОТ

**Прочитајте Откровение 14,7. Како завршува поракатa на првиот ангел? Кој конечен повик го упатува оваа порака за судниот час? (Видете и Исаија 40,26, Јован 1,1–3 и Римјаните 1,20.)**

___________________________________________________________________

Текстот Откровение 14,7 завршува со јасен повик да го обожаваме Создателот. Овој повик е особено важен сега, кога поголемиот дел од научниот, па дури и од христијанскиот свет, ја прифаќа теоријата на еволуцијата, учење кое удира во срцевината на сè што е библиско и христијанско. Ако теоријата за еволуцијата би била вистинита, нашата вера, нужно, би била лага. Толку се остро спротивставени тие ставови.

Според тоа, последниот повик на Откровението се темели на првата библиска книга, Битие (или 1. Мојсеева). Никогаш нема целосно да го разбереме предметот на дебатата во таа вселенска борба околу богослужението, доколку не го разбереме значењето на Создавањето. „Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата“ (1. Мојсеева 1,1). Овој стих е темел на целото Свето писмо. „Во почетокот Бог ги создаде“. Еврејскиот збор за „создаде“ во овој пасус е *бара*, глагол што се користи единствено и исклучиво кога вршител на дејството е самиот Бог.

За да стекнеме барем мала претстава за тоа колку е неограничена Божјата сила, да разгледаме само едно дело на Неговото создавање – сонцето. Сонцето емитува повеќе енергија во една секунда, отколку што произвело човештвото преку нафта, гас, јаглен или оган од почетокот на времето.

Сонцето има пречник од приближно 1.392 километри и може да опфати еден милион планети со големина на Земјата. Но, сонцето е само една од најмалку 100 милијарди ѕвезди во нашата галаксија, Млечниот Пат. На пример, една ѕвезда наречена „Пиштол“ (на англ.: Pistol star), емитува дури десет милиони пати поголема енергија во однос на нашето сонце. Еден милион ѕвезди со големина на нашето сонце лесно може да се сместат во сферата на таа ѕвезда. Како воопшто да го сфатиме создавањето во такви размери?

Создавањето ни открива дека Бог има извонредна сила и неограничена моќ. Но неговата творечка моќ не само што ги донела небото и земјата во постоење, туку низ вековите дејствувала во корист на Неговиот народ. Тој е Бог кој го зачнал овој свет, кој е секогаш присутен во овој свет и кој никогаш нема да го напушти Својот народ на овој свет.

**Како тие огромни размери на Создавањето уште повеќе ја нагласуваат реалноста на Божјата љубов, затоа што покажуваат дека, и покрај тоа што сме толку малечки во споредба со целокупниот создаден свет, Христос сепак умрел за нас?**

## БОГ КОЈ Е БЛИЗУ

Бог Создателот, кој сонцето, месечината и ѕвездите ги довел во постоење, кој со својата неверојатна сила ја обликувал оваа планета и ја исполнил со живот, е исто така Бог кој се интересира за секој од нас. Тој е Бог кој го избавил својот народ од египетското ропство, кој го водел во нивното талкање низ пустината, ги опсипал со мана од небото, кој ги урнал ѕидовите на Ерихон и ги победил непријателите на Израел. Истиот Бог, кој со својата бесконечна сила ја создал вселената, ја користи таа бесконечна сила за да ги победи силите на злото кои водат борба за да ја заробат секоја душа.

**Прочитајте 2. Коринќаните 5,17, Псалм 139,15–18, Дела 17,27 и Колошаните 1,17. Што учат овие стихови за тоа колку ни е близу Бог?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Теолозите зборуваат за Божјата трансцендентност. Тоа е идеја дека Бог постои над сè и над сиот создаден свет. Но, тие зборуваат и за Божјата иманентност. Тоа е идеја дека Бог, на некој начин живее и во нашиот свет и, како што покажува библиската историја, Тој е тесно поврзан со него. Иако Господ престојува на „високо и свето место“, Тој е „и со оние што имаат скршено срце и понизен дух“ (Исаија 57,15). Како што рекол сам Исус, зборувајќи за своите верни следбеници: „Јас сум во нив и тие се во Мене, за да бидат во сè едно, и да дознае светот дека Ти си Ме испратил, и нив си ги возљубил, како Мене што Ме возљуби“ (Јован 17,23). Нема ништо полично и поблиско од тоа.

Прекрасната вест за нашиот Бог гласи дека Неговата големина и моќ се толку огромни што проникнуваат од едниот до другиот крај на вселената, а продираат и во животот на секој од нас. Тој ветува дека ќе нè обнови, ќе нè обликува и ќе нè преобрази во Неговиот лик. Размислете што значи тоа. Бог, кој создал и кој одржува милијарди галаксии, е истиот Бог преку кого не само што „живееме, се движиме и постоиме“ (Дела 17,28), туку Тој дејствува и во нашето срце за да го обнови, за да нè очисти од гревот и да нè преобрази во нови созданија во Христа. Колку е моќна и утешна оваа мисла дека нашиот Бог е Бог со толкава моќ, Бог кој нè сака и се грижи за нас.

**Како можеме да научиме да црпиме надеж и утеха од сфаќањето на Божјата иманентност? Или, тоа можеби ве плаши, затоа што Бог ги знае вашите најмрачни тајни? Како би требало евангелието да ви влее мир во тој контекст?**

# ЕВАНГЕЛИЕТО, СУДОТ, СОЗДАВАЊЕТО

Погледнете ја пораката на првиот ангел. *Вечно Евангелие. Суден час. Поклонете му се на Создателот.* Погледнете колку се тесно поврзани овие идеи. Кога ќе стоиме пред нашиот Творец на судот, само Евангелието е тоа што ќе ни даде надеж. „И сега нема никакво осудување за оние кои се во Исус Христос“ (Римјаните 8,1). Нема никакво осудување сега – и, секако, нема да има ни на судот.

Пораката за Бога како Творец е од пресудна важност за сегашната вистина, особено кога теоријата на еволуцијата, дури и кога е преоблечена во „христијанско“ руво, се заканува да го урне самиот темел на христијанската вера.

Имено, среде наглото напредување на еволуциската мисла, Бог подигнал црква – народ на кој и *самото име* сведочи против еволуционистичката идеја – народ кој треба да ја објави темелната вистина за Бога како наш Творец и Откупител.

**Прочитајте ги следните текстови: Ефесјаните 3,9; Колошаните 1,13–17; Откровение 4,11 и Римјаните 5,17–19. Што можеме да научиме од овие текстови за Исуса како Творец и Откупител?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Погледнете колку тесна поврзаност постои меѓу Исус како Творец и Исус како Искупител. Тогаш кога Неговата улога како Создател е унижена, а теоријата на еволуцијата тоа неминовно го прави, се доведува во прашање и Неговата улога како наш Откупител. Исус доаѓа да нè откупи од гревот, од смртта, од страдањето и од насилството – додека според теоријата на еволуцијата, гревот, смртта, страдањето и насилството претставуваат само средство за создавање. Од ова произлегува дека Бог нè откупува од самиот оној процес со којшто нè создал на почетокот. Ова е опасна лага.

Но најлошо од сè е тоа што еволуционата теорија ја исмева самата идеја за Исусовата смрт на крстот. Во која смисла? Апостол Павле (видете Римјаните 5,17–19) неразделно го поврзува воведувањето на гревот на овој свет од страна на Адама со Исусовата смрт. Според тоа, постои директна врска меѓу Адама и Исуса. Меѓутоа, според ниту еден еволутивен модел, никаков еден безгрешен Адам не можел да воведе смрт, бидејќи умирањето – милиони години умирање – наводно било средство и сила неопходна за самото создавање на Адам.

**Оттука, теоријата на еволуцијата уште од самиот почеток го урива библискиот темел на крстот. Спротивно на ова, адвентистите на седмиот ден, повикувајќи го светот да го обожава Создателот, стојат како живи сведоци против оваа заблуда.**

## СОЗДАТЕЛОТ НА КРСТ

Колку и да го обожаваме Господа како наш Творец, колку и да му се восхитуваме, секогаш можеме и многу повеќе од тоа. Она што веќе го забележавме, но вреди да се повтори, е идејата дека нашиот Творец едновремено е и наш Искупител. Бог кој нè создал, е истиот Бог кој нè откупил. Бог, кој рекол: „Да создадеме човек според Нашиот образ, според Нашето подобие“ (1. Мојсеева 1,26), е истиот Оној кој на крстот извикал: „Ели, Ели, лама савахтани?“, односно, „Боже мој, Боже мој, зошто си ме оставил?“ (Матеј 27,46). Ова многу зборува за причините зошто треба да се боиме од Бога или, уште повеќе, да Го славиме и да Му се клањаме!

Како можеме ние, како паднати човечки суштества, адекватно да реагираме на една ваква неверојатна вистина? Што би можеле да направиме како одговор на тоа? Во пораката на првиот ангел ни е кажано што да правиме: „Бојте се од Бога и подајте Му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд, и поклонете Му се на Оној, Кој го создал небото и земјата, морето и водните извори“ (Откровение 14,7).

**Прочитајте го извештајот за Исуса на крстот во текстот Јован 19,16–30. Додека го читате, размислувајте за библиските текстови што ги наведовме за Исуса како Творец, како Оној преку кого „е создадено сè што е во небесата и на земјата; видливо и невидливо, било престоли, или господства, или началства, или власти; сè е создадено преку Него и за Него“ (Колошаните 1,16). Како да одговориме на овој неверојатен израз на Божјата љубов?**

______________________________________________________________

Пораката на првиот ангел – да му се поклонуваме на Создателот – стигнала по крстот, откако на Христовите следбеници и на целата вселена што го гледала тоа им станало јасно дека Оној што ги „создал небото и земјата, морето и водните извори“ е истиот Оној кој, иако Бог, зел „обличје на слуга станувајќи сличен со луѓето. И откако се најде во лик како човек, Тој се понизи Самиот Себе и стана послушен до смрт, дури и до смрт на крст“ (Филипјаните 2,7.8).

Колку била неверојатна таа глетка за оние што го познавале Исуса пред да дојде на Земјата како човечко битие. Не е ни чудо што и небесните суштества го обожаваат. А што се однесува до нас, откупените со Неговата крв, што друго би можеле да правиме, освен да му се поклониме на нашиот Творец и Откупител?

**Зошто, во светлината на крстот, идејата дека паднатите човечки суштества можат да додадат нешто на она што Христос го направил на крстот, во основа е еретичка? Кое некое наше дело би можело да се додаде на она што Создателот веќе го направил за нас?**

## ЗА НАТАМОШНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

Богослужението има централно место во Светото писмо и отсекогаш претставувало „коска за глодање“ меѓу луѓето и внатре меѓу Божјиот народ. Во старозаветно време пророците го прекорувале Божјиот народ затоа што им се поклонувал на други богови или го обожавале Господа користејќи ги богослужбените обичаи на паганскиот свет. Судирот меѓу обожавањето на Бога или служењето на други богови е во самиот центар на вселенскиот судир и секогаш го придружува непочитување на Божјиот закон.

„Богослужението се однесува на најосновниот аспект на човековото постоење занимавајќи се со она што луѓето, како живи созданија, би требало да го прават кога ќе се најдат во присуство на Создателот... Само живите можат да му се поклонуваат на Господа; мртвите не можат да Го фалат ниту да го обожаваат... Оној што нѐ создал, нѐ повикува да му го предадеме својот живот во чинот на богослужението, за да го примиме назад збогатен од Него и да го употребиме во полза на другите. Богослужението има врска со самата природа, со целта на нашето постоење и со нашата потреба да имаме некоја потпора надвор од нас самите којашто нѐ ослободува од себичноста. Да не го обожаваме Бога, значи да ја изгубиме причината за нашето постоење. Тоа значи да живееме во состојба на дезориентираност, и затоа да умираме, односно, да се движиме кон целосно изумирање бидејќи се одвојуваме од самиот извор на животот“ (Ángel Manuel Rodríguez, *“The Closing of the Cosmic Conflict: Role of the Three Angels’ Messages,”* стр. 42).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислете повторно за таа идеја дека во паднатиот свет не е доволно да се биде создаден од Бога. Зошто сепак ни е потребно и ветувањето за откуп?**

**2. Сетете се на некое искуство кога непогрешливо сте виделе како Божјата сила дејствува во вашиот живот, и тоа на начин кој јасно ви ја открил Божјата љубов кон вас лично. А потоа задржете се во мислите на фактот дека истиот тој Бог ја создал сета вселена! И тој Бог ве сака доволно за да се грижи за вашиот живот. Зошто овој факт треба да ни донесе не само утеха, туку и да поттикне во нас чувство на понизност?**

**3. Замислете да е вистинита еволуционата теорија, и дека ние сме повикани да обожаваме Создател кој се послужил со милијарди години умирања, насилства, уништувања, страдања и масовни истребувања само за да нѐ создаде, а потоа во 1. Мојсеева да ни понуди поинаков извештај за тоа како сме создадени. Сепак, наводно, ние би требало да го обожаваме? Да го обожаваме за што? За тоа што илјадници години нѐ лажел за тоа како воопшто сме се нашле овде?**

**Лекција 8**
**13-19 мај 2023**

# САБОТАТА И ВРЕМЕТО НА КРАЈОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јаков 2,8–13; 5. Мојсеева 5,12–15; Псалм 33,6.9; Откровение 14; 2. Петрово 3,13; Откровение 21,1.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И да расветлам на сите во што се состои распределбата на тајната, криена од векови во Бога, Кој создаде сè преку Исус Христос“ (Ефесјаните 3,9).**

Суштината на човечкото достоинство се гледа во нашето создавање. Фактот дека сме на единствен начин создадени од Бога, е нешто што му дава вредност на секое човечко суштество. Нероденото дете во утробата на мајката, тинејџерот со квадриплегија, млада возрасна личност со Даунов синдром и баба болна од Алцхајмерова болест, сите имаат огромна вредност за Бога. Бог е нивен Татко. Тие се Негови синови и ќерки. „Бог, Кој го создаде светот и сè што е во него, како Господар на небото и на земјата, не живее во ракотворни храмови… Тој, исто, направи целиот човечки род да потекнува од еден човек и да се насели по лицето на целата земја“ (Дела 17,24-26).

Ние имаме заедничко наследство. Му припаѓаме на исто семејство. Ние сме браќа и сестри што ги создал и обликувал ист Бог. Создавањето ни обезбедува вистинско чувство за сопствената вредност. Кога гените и хромозомите се споиле за да ја формираат уникатната биолошка структура на вашата личност, Бог го извел тој образец. Затоа не постои никој друг како вас во целата вселена. Вие сте уникатно, неповторливо создание, создание со толку огромна вредност што Бог, кој ја создал вселената, го презел врз Себе нашето физичко тело и се принел себеси како жртва за вас и за вашите гревови!

## СУДОТ, СОЗДАВАЊЕТО И ОДГОВОРНОСТА

Ако ние сме само збир на случајно настанати клетки, обичен производ на случајноста, понапреден облик на африкански мајмун, и ништо повеќе од тоа, тогаш животот нема многу смисла. Ако сме само едни од приближно осумте милијарди луѓе кои меѓусебно се грабаат за животен простор на планетата наречена Земја, тогаш животот ја губи секоја друга смисла, освен еден обичен опстанок. Наспроти ова, библиското Создавање ни ја дава причината за живеење и морален императив за живеење. Нас нè создал Бог и ние сме одговорни пред Него за нашите дела. Нашиот Творец нè смета за одговорни. Тој ги поставува апсолутите, дури и во свет на „морален релативизам“.

**Прочитајте Откровение 14,7, Римјаните 14,10 и Јаков 2,8–13. Што подразбира судот кога станува збор за прашањата како што се должноста и одговорноста? Каква поврзаност постои меѓу судот, Божјите заповеди и богослужението?**

---

Пораката на тројцата ангели кои летаат среде небото во Откровение 14 најавува: „настапи часот на Неговиот суд“ (Откровение 14,7). Бидејќи Бог нè создал со способност да правиме морални избори, ние сме одговорни за одлуките што ги носиме. Кога би биле само случајна збирка на клетки, само производ на нашата наследност и на околината, нашите постапки во голема мера би биле одредени од силите над кои немаме контрола.

Меѓутоа, судот подразбира морална одговорност. Во овој кризен час од земската историја, час на судот, Бог нè повикува да донесуваме одлуки во светлината на вечноста. Итниот повик на првиот ангел –„поклонете Му се на Оној Кој ги создал небото и земјата, морето и водните извори“ – (Откровение 14,7) потврдува дека основата на секое богослужение претставува фактот дека Бог нè создал.

Од друга страна, држењето на седмиот ден, сабота, јасно го покажува нашето верување дека Исус е достоен да го обожаваме како наш Создател. Тоа покажува дека ние го прифаќаме Неговиот закон, Десетте заповеди, како божествено вдахновени принципи за да имаме исполнет живот. Бидејќи законот е темел на Божјото владеење и откровение на Неговиот карактер, тој станува мерило на судот. Нашата верност на заповедта за саботата претставува потврда за нашата решеност да живееме во послушност.

**Како нашето разбирање на Создавањето влијае на нашето однесување? Каков однос постои меѓу наследноста и животната средина и одлуките што ги носиме секој ден? Како можеме, со Божјата милост, да ги надминеме недостатоците на карактерот што не сме ги избрале сами?**

# САБОТАТА И СОЗДАВАЊЕТО

Бог ни ја дал саботата затоа што на нашиот свет толку очајнички му е потребна пораката за Создавањето што носи мир. Во средината на 19. век, кога еволутивната хипотеза офанзивно го освоила интелектуалниот свет, Бог испратил порака полна со надеж. Ние ја проучуваме токму таа порака, која се наоѓа во текстот Откровение 14,6.7.

Сатаната се обидува на секој начин да ја искриви идејата за Создавањето, бидејќи го мрази Исуса и не сака Тој да ги прими изразите на обожавање што со право Му припаѓаат Нему како наш Творец и Откупител. Саботата е во самиот центар на големата борба околу Христовата достојност да добие изрази на обожавање како наш Создател. Божјата порака за последното време го повикува целото човештво да се врати кон обожавањето на Христа како Создател на небото и на земјата. Основата на секое обожавање е фактот дека Тој нè создал.

**Прочитајте ти текстовите 1. Мојсеева 2,1–3, 2. Мојсеева 20,8–11 и 5. Мојсеева 5,12–15 во контекст на Откровение 14,6.7. Каква поврзаност гледаме меѓу создавањето и откупувањето во заповедта за саботата?**

______________________________________________________________

Саботата е вечен симбол на нашиот одмор во Него. Тоа е посебен знак на преданост кон Создателот (Езекиел 20,12.20). Далеку од тоа дека претставува некое произволно легалистичко барање, таа открива дека во Него се наоѓа вистинскиот одмор од оправдувањето со дела. Саботата зборува за Бог кој го постигнал за нас она што ние никогаш не би можеле да го направиме за себе.

Светото писмо нè повикува да се одмораме во Неговата љубов и грижа секоја сабота. Саботата е симбол за одмор, а не за дела; за благодат а не легализам; за охрабрување а не осуда, потпирање на Него а не на нас самите. Секоја сабота се радуваме на Неговата добрина и Го славиме за спасението кое можеме да го најдеме само во Христа.

Саботата е исто така вечна спојка меѓу совршенството на Едем од минатото и славата на новото небо и новата земја во иднина (Исаија 65,17; Откровение 21,1).

Саботата нè повикува да се вратиме назад кон нашите корени. Таа е врската со семејството од кое потекнуваме. Саботата се празнува непрекинато уште од почетокот на времето. Таа е непрекината врска која нè враќа назад низ времето до моментот на нашето создавање. Саботата нè држи сосредоточени на славната вистина дека сме Божји деца и нè повикува на тесна, блиска заедница со Него.

**Како е навестена заповедта за саботата во текстот Откровение 14,6.7 и зошто е тоа важно за нашата порака за последното време? (Видете 2. Мојсеева 20,8–11)**

# НЕ ТОЛКУ ВЕШТА ИЗМАМА

Во обидот да ја сотре вистината за нашето ненадминливо создавање, ѓаволот вовел еден не толку вешт фалсификат. Фалсификатот, прифатен дури и од некои меѓу нас, гласи приближно вака: Бог е главниот двигател на создавањето, но Му требало многу време за да го воспостави животот и за таа цел го користел процесот на еволуцијата. Овој пристап се обидува да ги усогласи „научните податоци“ со извештајот од 1. Мојсеева. Во тој пристап се тврди дека деновите на создавањето всушност претставуваат долги, неодредени временски периоди, и дека животот на земјата е стар повеќе милијарди години.

**Прочитајте ги стиховите Псалм 33,6.9 и Евреите 11,3. Што ни кажуваат овие јасни библиски текстови за тоа како Бог го создал светот?**

_______________________________________________

Библискиот извештај е јасен. Бог „рече – и сѐ стана, нареди – и сѐ се утврди“ (Псалм 33,9). „Преку верата разбираме дека вековите се создадени со Божји збор и дека од невидливото произлегло видливото“ (Евреите 11,3). Првата глава од 1. Мојсеева потврдува дека Бог го создал светот за шест буквални денови од 24 часа, во седмиот ден се одморил. Јазичната структура на 1. Мојсеева 1 и 2 не дозволува поинакво толкување. Дури и научниците кои не веруваат во буквалното шестдневно Создавање, признаваат дека намерата на авторот на библискиот текст била да го изнесе учењето за шестдневно Создавање.

Еврејскиот збор за „ден“ во првата глава на 1. Мојсеева е „јом“. Во целата Библија, секој пат кога некој број го менува зборот „yom“ во својство на придавка (на пример, прв ден, трет ден, или кој и да е), тој го ограничува тој временски период на 24 часа. Не постои ниту еден случај во Библијата каде бројката што стои до именката „yom“ означува некое неодредено време. Без исклучок, тоа е секогаш 24-часовен период.

Освен тоа, во непосредна смисла, ако Бог не го создал светот за шест буквални денови, какво значење воопшто би имала саботата како седми ден? Зошто Бог би ни дал заповед да ја празнуваме? Не би имало апсолутно никаква смисла да се остави саботата како вечно наследство на шестдневното Создавање, ако никогаш не постоела шестдневна седмица на создавањето. Да се прифати учењето за создавање во текот на долги временски периоди, значи да се негира самата потреба за празнување на саботата како седми ден. Исто така, ова би покренало сериозни прашања во врска со веродостојноста на Светото писмо.

**Напаѓајќи ја саботата, сатаната ја поткопува самата срж на Божјиот авторитет, а што може поефикасно да го уништи спомен-обележјето на шестдневното Создавање од негирањето на самата реалност на шестдневното Создавање? Не е ни чудо што толку многу луѓе, вклучувајќи ги и христијаните, ја занемаруваат саботата како седми ден. Навистина маестрална подлога за конечната измама.**

## СОЗДАВАЊЕТО, САБОТАТА И ПОСЛЕДНОТО ВРЕМЕ

Големата борба, која започнала на небото пред повеќе милениуми, се води околу прашањето за Божјата власт. Тој предизвик останал ист до денес.

**Прочитајте Откровение 14,7.9 и 12. Резимирајте ги овие стихови на тој начин што ќе ги довршите речениците во редовите подолу.**

Откровение 14,7 е повик да ______________________________________

______________________________________________________________

Откровение 14,9 е свечен повик да не ____________________________

______________________________________________________________

Откровение 14,12 опишува народ кој _____________________________

______________________________________________________________

Овие стихови јасно покажуваат дека богослужението претставува централно прашање во судирот меѓу доброто и злото, меѓу Христа и сатаната во последните денови. Дали му се поклонуваме на Создателот или на ѕверот? А бидејќи Создавањето ја сочинува основата на сите наши верувања (на крајот на краиштата, кое наше верување би имало смисла кога Бог не би бил наш Создател?), саботата како седми ден – вградена во самиот извештај за создавањето (1. Мојсеева 2,1-3) – стои како вечен и непроменлив знак на тоа Создавање. Тоа е најосновниот симбол на најосновното учење. Единствено нешто што е поосновно од тоа е сам Бог.

Оттука, да се узурпира седмиот ден, сабота, значи да се узурпира Господовиот авторитет на највисоко можно ниво – Неговиот авторитет како Создател. Тоа значи да се застане сам зад сè и да се отстрани тој авторитет од корен. Всушност, ова претставува обид да се заземе местото на самиот Бог (2. Солуњаните 2,4).

Се разбира, најважното прашање на последното време е нашата љубов и верност кон Исуса. Но, според Библијата, оваа љубов се изразува преку послушност спрема заповедите (1. Јованово 5,3, Откровение 14,12) – а само заповедта за саботата стои зад сè, затоа што само таа укажува на Бога како Создател (2. Мојсеева 20,8–11). Не е ни чудо што таа ќе биде надворешен симбол на конечното разграничување меѓу луѓето што му се поклонуваат на Господа и оние што му се поклонуваат на ѕверот (Откровение 14,11.12). Со оглед на тоа колку е важна и фундаментална саботата за сè друго, тешко е да се замисли дека конечното прашање за обожавање на Создателот би можело да се однесува на нешто друго.

**Многу луѓе тврдат дека не е важно кој ден го празнуваме како ден за одмор, сè додека го празнуваме. Како да одговориме на тој аргумент со помош на Библијата?**

# САБОТАТА И ВЕЧНИОТ ОДМОР

Саботата е засолниште во овој уморен свет. Еднаш седмично ги тргаме настрана грижите на овој свет и влегуваме во Божјото одморалиште – саботата. Познатиот еврејски писател Абрахам Хешел саботата ја нарекува „палата во времето“. Секој седми ден, Божјата небесна палата се спушта од небото на земјата, и Господ нѐ повикува во славата на Неговото присуство, овој 24-часовен период да го поминеме во блиско дружење со Него.

Во својата книга за убавината и свеченоста на саботата, Хешел го пишува нејзиното значење со следниве зборови: „Саботата е метафора за рајот и сведоштво за Божјото присуство. Во нашите молитви ние ја повикуваме месијанска ера, која всушност ќе биде една голема Сабота, а секоја Сабота овде и сега нѐ подготвува за тоа искуство. Ако човек денес не научи како да ужива во вкусот на саботата... нема да може да ужива ни во вкусот на вечноста во светот што доаѓа“.

При создавањето, Исус ни подготвил посебно живеалиште. Тука можеме да најдеме засолниште. Тука можеме да бидеме безбедни. Неговото дело е довршено и комплетно. Кога се одмораме во сабота, ние се одмораме во Неговата грижа полна со љубов. Се одмораме очекувајќи го нашиот вечен спокој на новото небо и новата земја што наскоро ќе дојде.

**Прочитајте Исаија 65,17; Исаија 66,22; 2. Петрово 3,13 и Откровение 21,1. Како празнувањето на саботата нѐ упатува на вечноста?**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Истиот Бог, кој ја создал земјата во почетокот, ќе ја создаде повторно, а саботата ќе остане вечен симбол на Него како Создател (видете Исаија 66,23). Всушност, Евреите гледале на саботата како симбол или претвкус на она што на еврејски се нарекува *олам хаба*, идниот свет.

Пораката на тројцата ангели што летаат среде небото и нѐ повикуваат да го обожаваме Создателот, претставува небесен одговор на безнадежноста и очајот што ги обзема мнозина во 21. век. Таа нѐ упатува на нашиот Создател, кој создал сѐ, но и на нашиот Откупител – на Оној кој, по судот, откако гревот ќе биде искоренет, ќе создаде сѐ ново. „И Оној, Кој седи на престолот рече: ‘Ете, правам сѐ ново.’ Уште рече: ‘Напиши, зашто овие зборови се верни и вистинити!’“ (Откровение 21,5).

**Како можете вие лично да направите саботата да стане претвкус на рајот во вашиот живот и во вашето семејство?**

## ЗА НАТАМОШНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

„Она што се наведува како причина... да му се поклониме на Бога, е таа што Тој е Создател. На небесното богослужение, небесните жители ја изразуваат таа идеја на многу јасен начин: ‘Зашто Ти си создал сè’ (Откровение 4,11). На земјата Божјото создавање треба да се нагласува колку што е можно повеќе, па затоа ангелот вели: „Поклонете Му се на Оној, Кој го создал небото и земјата, морето и водните извори“ (Откровение 14,7). Добро се забележува дека ангелот тука зборува користејќи го јазикот на четвртата заповед за да го оправда повикот луѓето да му се поклонуваат на Бога (2. Мојсеева 20,11)... Заповедта за саботата во Декалогот зазема место како негов печат, во смисла на тоа дека открива кој е Бог – Создател; ја одредува територијата на која Тој владее – сè што создал; и укажува на Неговото право да владее – затоа што Тој создал сè. За да успее во своите намери, змевот мора некако да го отстрани овој споменик“ (Ángel Manuel Rodríguez, „*The Closing of the Cosmic Conflict: Role of the Three Angels‘ Messages*“, стр. 40, 41).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. На кој начин пораката за саботата одговара на големите животни прашања, како на пример: од каде потекнувам, зошто сум тука и каква е мојата вечна судбина?**

**2. Задржете се во мислите на чудесата на Создавањето. Замислете се над чудото на нашето постоење во оваа непрегледна вселена. Што треба да нè научи фактот што главниот спомен на тоа создавање - саботата - ни доаѓа (наместо ние да одиме кај неа) секоја седмица без исклучок, кога станува збор за тоа колку е важна доктрината за создавањето?**

**3. Како гледате на судирот околу богослужението опишан во вдахновените извештаи во 3. и 6. глава во Книгата на пророк Даниел? Што се наоѓа во овие извештаи што може да ни помогне да се подготвиме и да предвидиме со каков предизвик ќе се соочи Божјиот верен народ за време на кризата во врска со „жигот на ѕверот“?**

**4. Како да му укажеме на некој кој верува во еволуцијата како средство на создавање во текот на милиони, па дури и милијарди години, дека не е разумно да се празнува седмиот ден, сабота, во спомен на едно такво создавање?**

**Лекција 9**
**20-26 мај 2023**

# ГРАДОТ НАРЕЧЕН КОНФУЗИЈА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 17,1.2.15; Откровение 18,1–4; Откровение 17,4–6; Матеј 16,18; Еремија 50,33–38; Псалм 115,4-8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Овие ќе војуваат против Јагнето, но Јагнето ќе ги победи, зашто Тој е Господар над господарите и Цар над царевите, а со Него се повиканите, избраните и верните“ (Откровение 17,14).**

Темата за големата борба е сумирана во книгата Откровение преку симболиката на две жени: една облечена во сонце, во 12. глава, и една облечена во скерлет, во 17. глава.

Впечатливиот симбол што го претставува жената облечена во сонце – во сјајната Христова слава – се наоѓа во Откровение 12 глава. Таа е верна на својата вистинска љубов, Исус. Таа не се осквернила со расипаноста на лажните учења. Во целата Библија чистата жена ја симболизира Исусовата невеста – вистинската црква. Во текстот Еремија 6,2, пророкот вели: „Јас ја разубавив ќерката Сионова, прекрасна и разнежена“). Пророкот го користи изразот „ќерката Сионова“ односно верна жена, за да го опише Божјиот народ (видете ги и текстовите Ефесјаните 5,25–32 и Осија 2,20).

Спротивно на тоа, Библијата го споредува отпадништвото со блудство или прељуба (Јаков 4,4). Зборувајќи за бунтот и неверството на Израел, Езекиел жали: „Но беше како неверна жена, која место својот маж, прибира туѓи мажи“ (Езекиел 16,32).

Во лекцијата за оваа седмица, ќе ги проучуваме овие две жени од Откровението и ќе го испитаме подлабоко судирот меѓу вистината и заблудата.

## ДВА СПРОТИВНИ СИСТЕМИ

**Прочитајте Откровение 12,17 и Откровение 17,14. Како е опишана Божјата црква и каква е реакцијата на сатаната на тоа?**

_______________________________________________

_______________________________________________

Низ сите векови Бог имал народ кој му бил верен. Кога ја опишува верноста на тој народ, Откровение 12,17 вели дека тоа се луѓе кои ги „пазат Божјите заповеди“, а на друго место ги прикажува како „повикани, избрани и верни“ (Откровение 17,14).

**Прочитајте Откровение 14,8 и Откровение 17,1.2. Која свечена објава ја изнесува ангелот и што направил Вавилон за да ги оправда таквите зборови?**

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

Книгата Откровение Јован ја напишал кон крајот на првиот век. Во тоа време, древниот град Вавилон бил само куп песок. Според тоа, кога Јован ги запишувал пораките на книгата Откровение, дословниот град Вавилон веќе со векови не постоел.

Во Откровението древниот град Вавилон се смета за тип или симбол на Вавилон на последното време. Во пророштвата на Откровението, Вавилон претставува лажен религиозен систем кој ќе има слични карактеристики на старозаветниот Вавилон. Принципите според кои се раководел древниот Вавилон, ќе претставуваат основна структура на модерниот, на духовниот Вавилон.

Во текстот Откровение 17,1–6, жената облечена во скерлет гази со цврсти чекори преку временскиот пејзаж. Оваа жена јава на ѕвер со црвена боја. Библијата ја нарекува блудница. Таа ја напуштила својата прва љубов, Исуса Христа. Овде апостол Јован ни дава сликовит приказ на еден отпаднички верски систем кој има моќно влијание во светот. Обратете внимание на зборовите што ги избира пророкот кога вели дека таа сила била сила со која „блудствуваа земните цареви, и со виното на нејзиното блудство се опија жителите на земјата!“ (Откровение 17,2). Опивање? Тоа е секогаш негативно во Библијата. А блудството? Тоа е симбол за лажните учења, лажните верувања и лоши верски практики.

**И водачите и обичниот народ подеднакво биле изложени на негативното влијание на оваа сила. Која е, во тој случај, нашата единствена заштита? (Прочитајте Ефесјаните 6,10–18)**

## ВИНОТО НА ГНЕВОТ

**Прочитајте Откровение 17,1.2.15 и Откровение 18,1–4. Колку е големо влијанието на Вавилон?**

___

___

Отпаднатиот црковен систем има меѓународен досег, и тој со своите измами влијае на луѓето насекаде во светот. Сатаната се разгневил што евангелието ќе му биде објавено на секое „племе и колено, јазик и народ“ и затоа што ова „Евангелие за Царството ќе биде проповедано по целиот свет“, па затоа ја користи секоја можна измама за да ги зароби умовите на „жителите на земјата“ (Откровение 14,6, Матеј 24,14, Откровение 17,2).

Текстот Откровение 17,2 го продолжува своето објаснување на тајната на големиот Вавилон објавувајќи дека тој вршел „блудство“ со земните цареви. Што е блуд? Тоа е незаконска врска. Во случајот со отпаднатиот црковен систем, тоа е неговото соединување со државата. Во вистинскиот црковен систем, црквата е соединета со Исуса Христа. Отпаднатата црква својата моќ и авторитет ги бара од политичките водачи на земјата. Таа бара од државата да ги спроведува нејзините уредби. Наместо да црпи сила од Исуса како нејзин вистински водач, таа ја бара поддршката од државата.

Откровение 17,2 го продолжува својот драматичен опис: „А жителите на земјата се напија од виното на нејзиното блудствување“. Симболиката на чистиот гроздов сок се користи во целиот Нов завет за да ја прикаже неизвалканата чиста Христова крв пролеана на крстот за нашето спасение (Матеј 26,27–29). Во текстот Лука 22,20 Исус вели: „Оваа чаша е Новиот Завет во Мојата крв, која се пролева за вас“. Меѓутоа, кога чистото ново вино на евангелието ќе се изобличи, а учењата на Божјата реч ќе се заменат со учењето на човечките верски водачи, тоа станува „вавилонско вино“ (видете го стихот Матеј 15,9).

Забележете, исто така, дека Бог го повикува својот народ да излезе од Вавилон. Со други зборови, колку и да е корумпиран и лош тој систем, неговиот досег е толку широк што ги опфаќа, барем за извесно време, и Божјите верни, односно „Неговиот народ“ (Откровение 18,4), како што Тој ги нарекува. Сепак, доаѓа време кога Бог ќе ги повика да излезат од тој систем, кому му претстои пад поради неговата расипана и лоша природа, затоа што станал „ѓаволско живеалиште“ и „врталиште на сите нечисти и гадни птици“ (Откровение 18,2).

**Каква улога имаат оние што ги објавуваат пораките на тројцата ангели додека Бог ги користи за да го повикуваат „народе мој“ – Неговиот народ – да излезе од Вавилон?**

## ТАЈНА - ГОЛЕМИОТ ВАВИЛОН

**Прочитајте Откровение 17,4–6. Што нè учат овие стихови за природата на овој лош систем?**

___

Како што видовме, Откровение 17 опишува еден отпаднички религиозен систем кој во христијанството воведува многу учења на старозаветниот Вавилон.

„Ако сакаме да ја разбереме природата на Вавилон, треба да се навратиме на неговото прво спомнување во библискиот запис, во 1. Книга Мојсеева. Сè започнало во рамнината на земјата Сенар (Шинар), област во јужниот дел на Месопотамија, денес во јужен Ирак, која се нарекува Вавилон. Таму била изградена Вавилонската кула, симболот на човечката самодоволност, самоодржување и независност од Бога (1. Мојсеева 11,1–4)“ (Ángel Manuel Rodríguez, paper entitled *“The Closing of the Cosmic Conflict: Role of the Three Angels’ Messages,”* стр. 43).

Вавилонската кула, на подрачјето на древниот Вавилон, била изградена како израз на директно пркосење на Божјата реч. Градителите на Вавилон го изградиле тој споменик во своја слава, а тогаш Бог им ги помешал јазиците. Извештајот од 1. Мојсеева вели вака: „Затоа тој се нарече Вавилон, зашто таму го збрка Господ јазикот на целата земја и оттаму ги растури Господ по целата земја“ (1. Мојсеева 11,9).

Овој систем е толку е лош, што е прикажан како пијан кој „се опива со крвта на светиите и со крвта на сведоците Исусови“ (Откровение 17,6). Токму со вакви ужасни сцени се доловува расипаноста на Вавилон (видете и Исаија 49,26).

Во суштина, духовниот Вавилон претставува религија заснована на човечки учења, втемелена на човечки идеи и поддржана од човечки обичаи. Тоа е еден вид религија создадена од човек, изградена од, можеби дури и брилијантни верски водачи, но која се спротивствува на силата на евангелието и на црквата што ја основал Исус – црква заснована на љубов, а не на насилство.

Книгата Откровение ги опишува овие два система на религија. Првиот покажува целосна доверба во Исуса и се потпира на Неговата Реч. Вториот покажува доверба во човечки авторитет и се потпира на човечките верски учители. Едниот ја претставува онаа вера која е сосредоточена на Христа и која за спасение целосно се потпира на Христовата милост, жртва и помирување. Другиот има хуманистички пристап кон верата, кој целосното потпирање на Христа во поглед на спасението го заменува со потпирање на црковната традиција.

**Како можеме да се заштитиме од речиси незабележителното влијание на Вавилон, кога станува збор за нешто што претставува склоност, на која сме лесно подложни, да се потпираме на самите себе, наместо целосно да се потпираме на Бога?**

# ПОВИК ЗА ПОСВЕТУВАЊЕ

Повикот што го упатува книгата Откровение е итен повик за посветување, сумиран во симболиката на двете жени за кои зборува таа книга. Иако понекогаш се чини дека Божјиот народ би можел да биде поразен во оваа вселенска борба меѓу вистината и заблудата, Бог ветува дека Неговата црква на крајот ќе триумфира.

**Споредете ги стиховите Матеј 16,18 и Откровение 17,14. Какво ветување Исус им дал на своите ученици во поглед на Неговата црква?**

______________________________________________________________________

Христос е цврст темел врз кој е изградена Неговата црква. Неговата црква е втемелена на учењата од Неговата реч и водена е од Неговиот Дух. Наспроти ова, Вавилон, како што видовме, има корени во човечките учења и традиции. Секој верски водач што ги става човечките мислења или традиции на местото, па дури и над Божјата волја откриена во Светото писмо, едноставно ја поттикнува и ја продолжува вавилонската бркотија.

Во времето на древниот Вавилон, црквата и државата биле едно исто. Кога вавилонскиот цар Навуходоносор седел во храмот на својот царски престол, тој наводно зборувал во име на боговите. Во една прилика, тој вавилонски цар, како чин на пркос на вистинскиот Бог, донел општ декрет со кој наметнал лажно богослужение и им заповедал на сите свои поданици да се поклонат на неговата заповед, што претставува моќен симбол на она што Божјиот верен народ, кој ќе одбие да го обожава лажниот лик, ќе се соочи во последните денови (видете Даниел 3).

Во последните денови од земската историја ќе настане државно-црковен систем, духовен Вавилон, со духовен водач кој ќе тврди дека зборува во Божјо име. Неговите зборови ќе бидат прогласени за зборови на самиот Бог, а неговите заповеди како Божји заповеди. Со векови римските понтифекси тврделе дека го заземаат Божјото место на земјата. Во својата енциклика од 20 јуни 1894 година, папата Лав XIII изјавил: „Ние (папите) на оваа земја го заземаме местото на Севишниот Бог“. *Црковниот речник на Ферарис* (*Ferraris Ecclesiastical Dictionary*) додава: „Папата има толку големо достоинство и толку многу е уважуван што тој не е обичен човек, туку како да е Бог и Божји наместник“. Апостол Павле ги користи овие зборови разобличувајќи ја таа сила: „...(Тој) кој се противи и се превознесува над сè што се нарекува Бог или светост, за да седне како бог во Божјиот храм, претставувајќи се себе самиот како Бог“ (2. Солуњаните 2,4).

**Бидејќи веќе видовме дека Бог има свој верен народ во „Вавилон“, зошто мораме да внимаваме како зборуваме за тоа, и зошто треба да водиме сметка да не ги осудуваме луѓето како поединци, туку самиот систем?**

## ВАВИЛОН: ЦЕНТАР НА ИДОЛОПОКЛОНСТВОТО

Еве уште еден показател за јасно препознавање на „тајната на големиот Вавилон" – идолопоклонството било во сржта на вавилонското богослужение.

**Прочитајте ги следните текстови Еремија 50,33–38 и Еремија 51,17.47. Што ни откриваат тие стихови за клањањето на идоли во древниот Вавилон и како Бог гледа на тоа?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Текстовите Еремија 50 и 51 го предвидуваат уништувањето на Вавилон од Медијанците и Персијците. Една од причините за пропаста на Вавилон било неговото идолопоклонство. Вавилонците верувале дека овие кипови претставуваат нивни божества. Во вавилонската религија, ритуалното опслужување и обожавање на статуите на божествата се сметале за свети и дека тие богови живеат истовремено во своите статуи во храмовите и во природните сили што ги олицетворуваат. Пљачкањето или уништувањето на идолите се сметало за губење на божествената заштита; за време на нео-вавилонскиот период, халдејскиот принц Мардук-апла-идина II побегнал во јужните мочуришта на Месопотамија со статуите на вавилонските богови за да ги спаси од војските на Сенахерим од Асирија (Jane R. McIntosh, Ancient Mesopotamia: New Perspectives, ABC-CLIO, Inc., [Santa Barbara, CA, 2005] pp. 35–43).

Библиските пророци, обожавањето на овие безживотни кипови, го претставувале како спротивност на обожавањето на Бога Создателот, кој е жив и способен да подари живот (Еремија 51,15.16.19).

**Прочитајте ги текстовите 2. Мојсеева 20,4–6 и Псалм 115,4–8. Што можеме да научиме од нив за идолопоклонството?**

Иако проблемот со идолопоклонството на духовниот Вавилон продира подлабоко отколку само поклонување пред ликови од дрво и камен, во него навистина постои паралела со древниот Вавилон, кога станува збор за воведување слики и кипови во богослужбата. Употребата на слики и кипови како предмети на обожавање, или таканаречено „клањање", претставува кршење на втората заповед бидејќи ја ограничува способноста на Светиот Дух да ги вреже вечните вредности во нашиот ум, а Божјото величество го сведува на безживотни ликови. Овие слики и кипови биле воведени во христијанството во 4. век, со цел да ја направат христијанската религија поприфатлива за паганското население. За жал, на тие слики и кипови често им се припишува светост и им се даваат почести кои му припаѓаат само на Бога, што сета таа работа ја прави особено духовно понижувачка.

## ЗА НАТАМОШНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

„Веста во Откровението 14. глава, што го објавува падот на Вавилон, мора да се однесува на верските заедници кои некогаш биле чисти, па се расипале. Бидејќи по оваа вест следи опомена за судот, значи дека таа мора да се објави во последните денови, и затоа не може да се однесува само на Римската црква, зашто таа веќе многу векови се наоѓа во падната состојба“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 383).

Третата глава од Книгата на пророк Даниел — сторијата за тројцата млади Евреи на кои им било наредено да му се поклонат „на златниот идол што го постави царот Навуходоносор“ (Даниел 3,5) во древниот Вавилон — претставува симбол, модел за она што ќе се случи кога духовниот Вавилон, на крајот од времето, ќе го наметне обожавањето на лажниот „лик“ (во некои преводи „биста“ или „икона“ заб. на прев.) (видете Откровение 13,15; Откровение 14,9.11; Откровение 16,2; Откровение 19,20; Откровение 20,4). Колку е интересно тоа што заповедта, која требало да ја прекршат тројцата Евреи – втората заповед (2. Мојсеева 20,4.5) – претставува една од двете заповеди кои оваа сила, на друго место обвинета дека се обидува „да ги измени времињата и законот“ (Даниел 7,25), настојува да ја укине.

Која друга заповед таа се обидува да ја наруши? Се разбира, четвртата заповед, која, како што видовме а и повторно ќе видиме, се наоѓа во самата срцевина на целокупниот спор околу богослужението, и која ќе биде од пресудно значење во последната криза кога ќе се соочиме со прашањето дали ќе го обожаваме Оној што „за шест дена ги создаде Господ небото и земјата, морето и сè што е во нив; а во седмиот ден си отпочина“ (2. Мојсеева 20,11; видете и Откровение 14,7), или ѕверот и неговиот „лик“ („биста“ или „икона“; заб. на прев.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Каква врска постои меѓу Вавилонската кула и современиот духовен Вавилон? Кои сличности постојат меѓу нив?**
2. **Како да се усогласат тие две спротивставени идеи: Исус ѝ дал власт на својата црква, но опасно е своето верско искуство да го ставиме во рацете на кој било духовен водач? Кои се границите на црковната власт?**
3. **Како да станеме свесни дека идолопоклонството, еден од вавилонските гревови, не е само клањање пред идоли? На кој начин дури и протестантите можат да паднат во идолопоклонство?**
4. **Кои други паралели можете да ги најдете во текстот Даниел 3 и принудното клањање таму опишано, со она за кое сме предупредени дека ќе се случува на крајот од времето?**

Лекција 10
Од 27 мај до 2 јуни 2023

# ПОСЛЕДНИТЕ ИЗМАМИ НА САТАНАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 12,9; Откровение 16,13.14; 1. Сол. 4,16.17; Езекиел 8,16; Езекиел 20,1–20; Откровение 18,4.5.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Посвети ги со Својата вистина. Твоето слово е вистина“ (Јован 17,17).**

Тоа беше едно од оние прекрасни септемвриски утра во Чикаго. Додека сонцето изгреваше над езерото Мичиген, забрзаните патници се пробиваа низ сообраќајниот метеж на автопатиштата Кенеди и Ајзенхауер, а децата одеа на училиште, почна да се појавува застрашувачка приказна која влеа страв во срцата на жителите на Чикаго. Луѓето тешко се разболуваа, а некои дури и умираа само неколку часа по земањето на капсулите на лекот „Tilenol“. За време на тестирањето се покажа дека во секоја од капсулите се пронајдени траги од калиум цијанид, смртоносен отров. Некоја непресметана личност го променила составот на лекот. Ни до ден-денес не се знае кој го направил тоа.

Како што видовме, Откровението нè предупредува дека „жителите на земјата“ ќе испијат смртоносна напивка наречена „вавилонско вино“. Постојат лажни доктрини и учења кои на крајот ќе доведат само до смрт. Меѓутоа, светот не останал без противотров, без заштита од овој духовен отров – а тоа се пораките на тројцата ангели.

Во лекцијата за оваа седмица, ќе продолжиме да ги разгледуваме не само измамите на Вавилон, туку и Исусовиот план да нè спаси од тие измами и од смртта што тие инаку би ни ја донеле.

# ПАТ КОЈ ИЗГЛЕДА ПРАВ ВО ОЧИТЕ НА ЛУЃЕТО

Во контекст на последното време, Исус изговорил моќно предупредување: „Зашто, ќе се појават лажни христоси и лажни пророци, и ќе покажат знаци и чуда, за да ги прелажат, ако е можно, и избраните" (Марко 13,22). Кои се „избраните"? Тој подоцна вели: „И ќе ги испрати Своите ангели со силен трубен глас, и ќе ги соберат Неговите избраници од четирите ветра, од едниот до другиот крај на небесата" (Матеј 24,31). Тоа што измамата во последните денови ќе биде толку голема што дури и верните ќе бидат во опасност да бидат измамени, делува малку застрашувачки, зар не?

**Прочитајте Откровение 12,9. Кого мами сатаната? Како ги разбираме овие зборови?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Очигледно, Бог ќе има некои верни луѓе во последните денови, како што имал низ сите векови. Меѓутоа, изразот на зборови во овој текст открива колку е измамата на сатаната навистина широко распространета.

**Прочитајте го текстот Мудри изреки 14,12. Кое моќно предупредување е изнесено овде?**

________________________________________________________________

На луѓето често им се дава советот да ја следат сопствената совест за самите за себе да утврдат што е правилно а што погрешно, што е добро а што зло, а потоа да живеат сообразно со тоа. Меѓутоа, Светото писмо вели дека сите ние сме грешници, дека сите сме расипани (Еремија 17,9; Римјаните 3,9-18), и затоа, верувањето на сопствените чувства е речиси гарантиран начин, порано или подоцна, нешто да сфатиме погрешно, па дури и погрешно да постапуваме. Низ вековите биле извршени многу зла од луѓе кои биле целосно убедени во исправноста на своите цели. Тие, всушност, само го следеле патот што „му се чини на човекот прав".

За разлика од тоа, ние мора да се задлабочиме во Божјата реч, и од Негова реч, откако ќе му се предадеме на Светиот Дух, да научиме да ја разликуваме вистината од заблудата, правилното од погрешното, доброто од злото. Затоа што, препуштени сами на себе, или на сопствените сетила, можеме да станеме лесен плен за сатанските измами.

**Подлабоко размислете за примерите на луѓе кои дејствувале врз основа на она што тие самите верувале дека е правилно, па дури и она што тие верувале дека е по Божја волја, но сепак правеле зло. Што можеме да научиме од тие трагични настани?**

## СТАРАТА ЛАГА ЗА БЕСМРТНОСТА

**Прочитајте ги текстовите Откровение 16,13.14 и Откровение 18,2.23. Кои алузии на спиритизмот ги наоѓате во овие стихови?**

________________________________________________________________________

Изразите како што се „ѓаволско живеалиште“ или „секаков нечист дух“ и „магии“ укажуваат на демонски активности. Не е ни чудо што сме предупредени дека, од двете големи измами на последното време, едната ќе биде измамата за „бесмртноста на душата“ (видете Елена Г. Вајт, *Големата борба* стр. 588).

Се разбира, денес тоа може да се види многу лесно. Дури и во христијанскиот свет, идејата за бесмртност на душата претставува само една од основните христијански учења. Многу христијани веруваат дека, по смртта, спасените ќе се вивнат во рајот, а изгубените ќе се спуштат во пеколот. Колку често, на пример, по смртта на големиот евангелист Били Греам, можело да се слушне дека „Били Греам сега е безбеден на небото, во Исусовите прегратки полни со љубов“, или нешто слично? Ваквите изјави постојано се слушаат во црквите и училниците, а особено на погребите.

**Прочитајте ги следните текстови: Проповедник 9,5; Јов 19,25–27; 1. Солуњаните 4,16.17; и Откровение 14,13. Кое јасно упатство му го дал Бог на својот народ, кога станува збор за живот по смртта, и во што ние ја наоѓаме нашата надеж?**

________________________________________________________________________

Еден од столбовите на вавилонската измама е погрешното сфаќање за смртта, кое, засновано на идејата за бесмртност на душата, го подготвува патот за измамливото влијание на спиритизмот. Ако верувате дека мртвите, во некој облик, продолжуваат да живеат, и дека дури можат и да комуницираат со нас, тогаш каква заштита имате од која било од безбројните измами на сатаната? Кога пред вас ненадејно би се појавил некој за кого би можеле да помислите дека е вашата почината мајка или дете, или некоја друга сакана личност, и кога би разговарал со вас, колку лесно вашите сетила би можеле да ве измамат? Тоа се случувало во минатото, се случува и сега, а секако, како што ќе се приближуваме кон последните денови, така ќе се случува повторно. Наша единствена заштита е да стоиме цврсто вкоренети во она што го учи Библијата и да се држиме до библиското гледиште за смртта како сон што ќе трае до второто Христово доаѓање.

**Кои примери на модерниот спиритизам постојат во вашата култура денес? Зошто цврстото придржување кон Божјата Реч е наша единствена заштита?**

## ВАВИЛОН: СРЕДИШТЕ НА КУЛТОТ НА СОНЦЕТО

Обожавањето на сонцето било изразито присутно во Египет, Асирија, Персија и, секако, во Вавилон. Во својата книга *Обожавање на природата* (James G. Frazer, *The Worship of Nature*, volume 1, p. 529), Џејмс Г. Фрејзер ја дава оваа забелешка: „Во древна Вавилонија сонцето се обожавало од памтивек“ (том 1, стр. 529). Можеби делува изненадувачки, но вавилонското обожавање на сонцето повремено влијаело на богослужението на Божјиот народ во Стариот завет.

**Прочитајте ги следните текстови: Езекиел 8,16 и 2. Царевите 23,5.11. Што напишале пророците за влијанието на обожавањето на сонцето во Израел и Јуда? (Видете и Римјаните 1,25).**

______________________________________________________________________

Пророкот Езекиел, современик на Даниел, опишал некои од припадниците на Божјиот народ кои, свртени со грб кон Божјиот храм, се клањаат на сонцето кон исток. Наместо да му се поклонуваат на Творецот на сонцето, тие го обожавале самото сонце.

Во Откровение 17 глава, Јован опишува едно време на компромис, кога принципите на Вавилон, вклучително и обожавањето на сонцето, навлегле во христијанската црква. Неформалното преобратување на Константин во почетокот на четвртиот век предизвикало голема радост во Римското царство. Царот бил силно наклонет кон обожавање на сонцето. Познатиот историчар, Едвард Гибон, пишува: „Сонцето било славено насекаде низ царството како непобедлив водич и заштитник на Константин“ (*The History of the Decline and Fall of the Roman Empire,* глава 20). Во 321 од н.е. Константин го донел и првиот „неделен закон“. Овој указ гласел: „Сите судии и народот по градовите нека не работат и сите дуќани нека бидат затворени во ‘чесниот ден на Сонцето’“ (Едикт на Константин, 321 од н.е.). Ова не значело дека празнувањето на неделата со закон им се наметнувало на сите поданици на Константин, но сепак донесувањето на тој едикт го зацврстило почитувањето на неделата во свеста на римското население.

Во следните децении царевите и папите, преку државни уредби и црковни совети, продолжиле да ја утврдуваат неделата како единствен ден за богослужба, што за повеќето христијани се одржало до денес. Колку моќен пример за непријатната вистина дека нешто не станува правилно само затоа што мнозинството верува во тоа или го практикува.

**Погледнете околу себе и видете колку е застапено неделното богослужение во христијанските цркви. Што треба да нè научи овој факт за тоа колку се распространети сатанските измами? И повторно, како и во врска со состојбата на мртвите, која е нашата единствена заштита?**

# ПОВИК НА ВЕРНОСТ

Пораката на вториот ангел од Откровение 14 глава гласи: „Падна, падна Вавилон, големиот град“ (Откровение 14,8). Во 17. глава, жената препознаена како духовен Вавилон, облечена во пурпур и скерлет, јава на црвен ѕвер и ја подава чашата со своето вино за да го опие светот со своите заблуди. Црквата и државата се обединуваат. Преовладува лагата. Демоните ги прават своите чуда за да ги измамат луѓето и светот вртоглаво да се втурне во својот конечен судир.

Во исто време, Божјиот народ е омаловажуван, исмејуван, угнетуван и прогонуван, но во Христа и преку силата на Неговиот Свет Дух, останува непоколеблив во својата определба. Сите сили на пеколот и војски на злото не можат да ја скршат нивната верност кон Христа. Тие се сигурни во Него. Тој е нивно „засолниште и тврдина, секогаш проверен помошник во неволја“ (Псалм 46,1).

Бог ги повикува луѓето што живеат во последното време да се вратат на преданоста кон Неговата Реч. Исус се молел: „Посвети ги со Својата вистина. Твоето слово е вистина“ (Јован 17,17). Вистината на Божјата реч, а не човечкото мислење и традицијата, е ѕвездата Деница која ќе нè води во тој критичен час од земската историја.

Еве една извонредна изјава на д-р Едвард Т. Хискокс, авторот на *Стандарден прирачник за баптистичката црква*. Во 1893 година тој се обратил до група од повеќе стотици баптистички службеници и ги шокирал кога објаснувал како неделата навлегла во христијанската црква.

„Колку е жално што таа [неделата] дошла обележана со жигот на паганството и крстена со името на богот на сонцето, а потоа прифатена и одобрена од папскиот отпад и со завештание оставена како свето наследство на протестантизмот!“ (Edward Hiscox, *New York ministers' conference,* Nov. 13, 1893).

**Прочитајте Езекиел 20,1–20. Која е суштината на таа порака на Езекиел овде, и како саботата се вклопува со тој повик на верност?**

---

Дваесеттата глава од Книгата на пророкот Езекиел претставува сериозен повик до Израел да ги напушти паганските обичаи и да го обожава Творецот наместо своите лажни богови, во овој случај „гадните египетски идоли“. Во пораките на тројцата ангели, Бог упатува сличен повик „Поклонете му се на Создателот“, бидејќи „падна Вавилон“. Освен тоа, како што знаеме, саботата и верноста кон неа ќе имаат голема улога во завршните настани.

**Кои поуки можеме да ги извлечеме за нас лично од она што е напишано во текстот Езекиел 20,1–20? (Видете и 1. Коринќаните 10,11)**

# БЛАГОДАТ ЗА ПОСЛУШНОСТ

Жената облечена во пурпур и скерлет, која јава на црвен ѕвер, ја додава наоколу својата чаша полна со вино, и светот го опива со лажните вавилонски учења. Зборувајќи за „вавилонското вино“, Елена Г. Вајт го изнесува следниов јасен коментар: „Што претставува тоа вино? Тоа се нејзините лажни учења. Таа му ја дала на светот лажната сабота наместо саботата од четвртата заповед и ја повторила лагата што за прв пат ѝ ја кажал сатаната на Ева во едемската градина – лагата за природна бесмртност на душата“ (Ellen G. White, *Review and Herald,* Dec. 6, 1892). Овие погрешни учења измамиле милиони луѓе. Поради сето тоа, Бог на својот народ, кој е сè уште заплеткан во заблудите, му го упатува последниот повик на милоста.

**Прочитајте Откровение 18,4.5. Каков повик Бог му упатува на мноштвото што сè уште се наоѓа во отпаднатите верски организации?**

_______________________________________________________________

Како што веќе видовме (но вреди да се повтори), многу припадници на Божјиот народ се наоѓаат во верски организации кои ги доведуваат во прашање библиските учења. Тие не ги разбираат вистините на Светото писмо. Бог им упатува едноставен повик полн со љубов: „Излезете од неа, народе Мој, за да не бидете соучесници во нејзините гревови и да не ги примите нејзините зла“ (Откровение 18,4).

**Прочитајте го текстот 1. Јованово 3,4 и споредете го со Римјаните 14,23. Како Библијата го дефинира гревот? Како можат да се усогласат овие библиски стихови?**

_______________________________________________________________

Гревот е престап или кршење на Божјиот закон. А единствениот начин на кој човек може да го одржи Законот е преку вера во моќта на живиот Христос. Ние сме слаби, непостојани, потклекнати грешни луѓе. Кога со вера го прифаќаме Христа, Неговата милост го искупува нашето минато и ја зајакнува нашата сегашност. Тој ни дава „благодат и апостолство за да ги приведеме сите народи кон послушноста“ (Римјаните 1,5). Небото упатува повик до Божјиот народ во црквите кои не го почитуваат и не го држат Божјиот закон, со вера да излезе од нив. А до адвентистите, во црквите кои ја празнуваат саботата, Бог упатува повик да ги напуштат сите обиди да бидат послушни со човечка сила, сосредоточени на себеси, и наместо тоа, да живеат побожно со вера во Христовата милост, која нè ослободува и од осудата и од власта на гревот. И како што верноста на Израелците кон законот (5. Мојсеева 4,6) требало да биде силно сведоштво за светот, и нашата верност може да биде моќно сведоштво, и да придонесе во тоа луѓето да излезат од Вавилон.

## ЗА НАТАМОШНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

„‚Големиот Вавилон‘ во книгата Откровение, во посебна смисла ги означува здружените отпаднички религии на крајот на времето... ‘Големиот град Вавилон’ е израз со кој Вдахновението го нарекува големиот троен верски сојуз меѓу папството, отпаднатиот протестантизам и спиритизмот... Поимот ‘Вавилон’ се однесува на самите организации и на нивните водачи, а не толку на нивните членови. Тие се наречени ‘многу води’ (Откровение 17,1.15)“ (*The SDA Bible Commentary*, кн. 7, стр. 851, 852).

„Со две големи заблуди, со заблудата за бесмртност на душата и со заблудата за празнување на неделата, сатаната ќе успее да ги прелаже луѓето. Додека првата заблуда поставува темел за спиритизмот, втората создава врска на пријателство со Рим“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 588 ориг.).

Според Стариот завет, духовите на мртвите имале главна улога во вавилонската религија. Вавилонците многу верувале во доктрината за бесмртност на душата. Тие верувале дека по смртта душата влегува во духовен свет. Меѓутоа, концептот бесмртна душа е туѓ за учењата на Светото писмо. *Еврејската енциклопедија* јасно го препознава потеклото на лажната идеја за бесмртност на душата. „Верувањето дека душата продолжува да постои по распаѓањето на телото... никаде изречно не се спомнува во Светото писмо... Верувањето во бесмртноста на душата навлегла меѓу Евреите од допирот со грчката мисла, и тоа главно преку филозофијата на Платон – нејзиниот најистакнат претставник, кој до своите идеи доаѓал под влијание на орфичките и елеусинските мистерии, во кои на необичен начин се мешале вавилонските и египетските сфаќања“ (Kaufmann Kohler, *The Jewish Encyclopedia,* “Immortality of the Soul,” 1906).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Зошто разбирањето на вистината за смртта е толку многу важно? Од што нè штити таа вистина? Зошто таа ни носи и толку голема утеха?**
2. **Некои од ѓаволските измами се очигледни, други се поприкриени. Како можеме да избегнеме да бидеме измамени и од едните и од другите?**
3. **Разговарајте во класата за прашањето за кое размислувавме во проучувањето предвидено за недела – за луѓето кои прават зло верувајќи дека ја следат Божјата волја, откриена во Библијата. Како да го објасниме тоа? Каква улога треба да има Божјиот закон во разјаснувањето на тој проблем?**

**Лекција 11**
**3-9 јуни 2023**

# БОЖЈИОТ ПЕЧАТ И ЖИГОТ НА ЅВЕРОТ: ДЕЛ 1



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 14,12, Ефесјаните 2,8–10, Матеј 27,45–50, Откровение 13,15–17, Откровение 14,4, Лука 5,18–26.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И видов друг ангел, кој се издигна од исток и кој имаше печат на живиот Бог, па почна да им вика со силен глас на четирите ангела, на кои им беше дадено да им напакостат на земјата и на морето, велејќи: „Не пакостете и на земјата, ни на морето, ниту на дрвјата, додека не ги запечатиме челата на слугите на нашиот Бог!“ (Откровение 7,2.3)**

Додека ги проучуваме настаните на последното време во врска со жигот на ѕверот, се истакнува една клучна точка – разликата меѓу начинот на кој дејствува Бог и непријателот на душите.

Како што веќе видовме во текот на нашето проучување, централните прашања во големата борба меѓу Христа и сатаната се однесуваат на лојалноста, авторитетот и богослужението. Пророштвата што го опишуваат ѕверот во Откровение 13 глава, малиот рог во Даниел 7 глава и „синот на погибелта“ во 2. Солуњаните 2 глава, зборуваат за една сила што ја узурпира Божјата власт, бара лојалност и воведува лажен систем на богослужение. И тоа го прави со употреба на сила, принуда, а понекогаш и со давање мито и награди — сѐ со цел да ги принуди луѓето да ѝ се поклонат.

Наспроти тоа, големата движечка сила на Божјото царство е љубовта. Наместо да му се поклонуваат на ѕверот, припадниците на Божјиот народ својата најголема радост и задоволство ја наоѓаат во обожавањето на Творецот. Тие Му се целосно посветени затоа што знаат колку Тој им е посветен ним. Едно нешто што ќе го спречи секој од нас да го прими жигот на ѕверот во последното време е љубовта спрема Исуса, која е толку длабока што ништо не може да ја прекине нашата поврзаност со Него.

Во оваа лекција ќе продолжиме да ги истражуваме овие теми.

## НЕПОКОЛЕБЛИВА ИСТРАЈНОСТ

Како што видовме во текстот Откровение 14,7, Бог ги повикува сите луѓе да му се поклонат на Создателот. Тоа е пораката на првиот ангел. Во Откровение 14,8, Бог го предупредува светот за „Вавилон“, лажниот религиозен систем чиишто корени водат назад сè до древниот Вавилон. Ова е пораката на вториот ангел.

Во текстот Откровение 14,9.10, третиот ангел ги опоменува луѓето да не му се поклонуваат на ѕверот. Ангелот со силен глас изјавува: „Ако некој му се поклони на Ѕверот, и на неговиот лик, и прими ознака на своето чело или на својата рака, и самиот ќе пие од виното на Божјиот гнев!“

**Прочитајте Откровение 14,12. Кои две карактеристики ги откриваме во овој пасус за Божјиот народ на последното време? Зошто се важни и двете карактеристики?**

___

Грчкиот збор за „трпение“ е *hupomone,* што е подобро да се преведе како „непоколеблива истрајност“. На крајот од времето, Бог ќе има народ што ќе Му биде предан, и покрај противењето и жестокото прогонство. Преку Божјата милост, тие ќе стојат со цврста истрајност, и ќе водат благословен живот на послушност, целосно сосредоточен на Бога.

Обожавањето на Творецот (Откровение 14,7) стои во директна спротивност со обожавањето на ѕверот (Откровение 14,9) и го наоѓа својот вистински израз во народот кој ги држи Божјите заповеди и ја има верата во Исуса (Откровение 14,12). Тој конечен судир во врска со верноста кон Христа или кон силата на ѕверот, се одвива околу богослужението, а во самата срж на оваа голема борба меѓу доброто и злото во даден миг ќе се најде и прашањето за саботата.

**Прочитајте ги текстовите: Римјаните 8,1–4, Ефесјаните 2,8–10 и Колошаните 1,29. Што нè учат овие стихови за живеењето со вера?**

___

___

Кога живееме со вера, ја примаме Неговата милост и нашиот живот се менува. Посветените следбеници на Спасителот не само што ќе ја имаат верата „во“ Исуса, туку тие ќе ја имаат и верата „Исусова“. Тие ќе го имаат тој посебен квалитет на верата, карактеристичен за последните времиња, вера по углед на Исуса, и ќе останат верни до смрт – исто како Исус.

**Колку сте верни во малите работи? Што ви кажува ова за вас во поглед на тоа како ќе се покажете тогаш кога ќе наидат вистински искушенија? (Видете Лука 16,10.)**

## ВСЕЛЕНСКАТА БОРБА

**Прочитајте го текстот Матеј 27,45–50. Што можеме да научиме од овие стихови за она што Христос го искусил на крстот? На што мислел Исус кога го прашал Бога зошто го оставил, и како оваа сцена ни помага да разбереме што значи да се има „Исусовата вера“?**

---

Додека висел на крстот, обвиен во темнина, носејќи ја вината, срамот и осудата за гревовите на светот, одвоен од љубовта на својот Отец, Исус можел да се потпре само на односот што го имал со Отецот во текот на својот живот. Значи, поради тоа што живеел во целосна зависност од Отецот, дури и во добри времиња, Исус бил подготвен за најлошите времиња, дури и за крстот. Спасителот имал доверба, дури и тогаш кога сите околности околу Него го терале да се сомнева. Дури и кога се чинело дека и Бог го напуштил, Исус не се откажал.

„Среде страшната темнина, навидум напуштен од Бога, Христос ја испил чашата на човечката болка до самото дно. Во тие ужасни мигови Тој се потпирал на доказите што дотогаш му биле дадени – дека Отецот го прифаќа... Христос извојувал победа со вера“ (Ellen G. White, *Christ Triumphant,* p. 277).

Исусовата вера е толку длабока, толку полна со доверба, толку посветена што ни сите демони во вселената, ни сите искушенија на земјата не можат да ја разнишаат. Тоа е вера која има доверба и тогаш кога не гледа, верува и кога не може да разбере, истрајува дури и тогаш кога има малку на што да се потпре. Оваа „Исусова вера“ сама по себе претставува дар што го примаме со вера, и таа ќе нѐ води спроведе низ кризата што претстои. Токму „Исусовата вера“, што живее во нашето срце, нѐ оспособува да му се поклонуваме на Христа како наш Суверен, и да останеме непоколебливо истрајни кога ќе се наметнува жигот на ѕверот од Откровението.

Меѓутоа, таа вера не е нешто што туку-така ненадејно се појавува. Божјиот народ учи да живее со вера од ден на ден, токму сега. Во добри времиња, во лоши времиња, кога може да се почувствува Божјата близина и кога Бог се чини далечен – сѐ едно е. „Праведникот ќе живее со вера“ (Галатјаните 3,11; видете и Авакум 2,4). Времето за подготовка е сега. Секое искушение сега, ако се истрпи со вера, може да донесе драгоцени плодови во нашиот живот.

**Сетете се на некои мигови кога ви се чинело дека животот ви се распаѓа, и кога сѐ што сте имале била вашата вера. Како сте поминале низ тоа? Кои лекции сте ги научиле? Што сте доживеале а може да му помогне на некој друг кој можеби минува низ нешто слично?**

## ГО ЖНЕЕМЕ ТОА ШТО СМЕ ГО ПОСЕАЛЕ

Пророштвото за жигот на ѕверот зборува за верска нетолеранција, економски бојкот, прогон и, на крајот, смртна осуда. Изненадува, но тоа е воедно и порака која носи охрабрување. Дури и во најлоши времиња, Бог ќе се грижи за својот народ кој ги држи „Божјите заповеди и вера-та во Исуса“ (Откровение 14,12). А, меѓу тие заповеди, се разбира, е и четвртата – седмиот ден, Сабота.

Пророштвото за жигот на ѕверот во Откровение 13 глава ни зборува за најлошиот судир, за апсолутниот врв во војната на сатаната против Бога. Неговата прва стратегија во таа војна е измамата. Откровение 13 зборува за едно време во иднина кога ѓаволот ќе дејствува преку земна политичко-религиозна сила наречена „ѕвер“, и кога ќе прибегне кон сила.

Верското прогонство, се разбира, не е нешто ново. Постои уште од времето кога Каин го убил Авела, затоа што Авел му служел на Бога во согласност со Божјите упатства (видете 1. Мојсеева 4,1–8). Исус најавил дека верниците ќе трпат прогонство и во првиот век, а и подоцна низ вековите: „Ќе дојде час“, предупредува Тој, „кога секој, што ќе ве убие, ќе мисли дека Му служи на Бога“ (Јован 16,2; видете и Матеј 10,22; 1. Петрово 4,12).

Пророштвото за жигот на ѕверот се однесува на последната алка во тој безбожен синџир. Како и прогонствата во минатото, и овој е осмислен со цел да ги принуди сите да се усогласат со одреден збир на верувања и пропишан систем на богослужение.

**Прочитајте Откровение 13,15–17. Со што ќе се соочува Божјиот народ на последното време во текот на таа завршна криза?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Пророштвото вели дека прогонството ќе започне со економски санкции: „Никој да не може ниту да купи ниту да продаде“, освен оној што има „жиг“. Кога тоа ќе се случи, поголемото мнозинство ќе потклекне. Секој што ќе одбие да го прими жигот, на крајот ќе биде осуден на смрт.

Наведувајќи ги да прават компромиси во секојдневниот живот, ѓаволот ги подготвува христијаните да го примат жигот на ѕверот во иднина, кога ќе дојде последниот испит. Но, љубовта што Бог ја чувствува кон секој од нас ќе нѐ зајакне и ќе нѐ сочува во тешките времиња што ни претстојат.

**Прочитајте Галатјаните 6,7–9. Иако ова не е напишано во контекст на настаните на последните денови, зошто овде изложениот принцип е толку релевантен, кога станува збор за жигот на ѕверот и за тоа како можеме да му останеме верни на Бога?**

# ОНИЕ ШТО ГО СЛЕДАТ ЈАГНЕТО

**Прочитајте Откровение 13,1.2. Од каде потекнува ѕверот, и кој му дава власт на ѕверот?**

____________________________________________________________

Првиот ѕвер од Откровение 13 ја добива својата сила, престол и област (власт) од змевот. Откровение 12,9 и Откровение 20,2 го поистоветуваат тој змев со сатаната. Сатаната е лукав непријател и тој дејствува преку земните сили. Откровение 12,3–5 вели дека овој „змев“ – ѓаволот – се обидел да го проголта „машкото дете“ веднаш штом се родило. Ова „машко Дете“ подоцна било „однесено при Бога и при Неговиот престол“. Ова, се разбира, се однесува на Христа. Сакајќи да го уништи Христа како дете, сатаната дејствувал преку Ирод и царскиот Рим. На крајот од Исусовиот живот, римскиот управител, Пилат, го осудил Христа на смрт, римски џелат Го приковал на суровиот крст, римски војник го прободел со копје, а други римски војници го чувале неговиот гроб. Според Откровение 13,2, змевот, односно сатаната, дејствувајќи преку паганскиот Рим, го предал својот престол на таа новонастаната ѕверска сила.

„Иако првенствено го претставува сатаната, змевот, во преносна смисла, го претставува Римското царство... Власта што го наследила Римското царство, која од змевот ја примила ‘својата сила, и својот престол, и голема власт‘, очигледно е папскиот Рим“ (*The SDA Bible Commentary,* кн. 7, стр. 817). Историчарот А.Ц. Флик објаснува дека „од урнатините на политичкиот Рим се издигнала големата морална империја во ‘џиновскиот облик’ на Римската црква“ (AC Flick, *The Rise of the Medieval Church*; 1900; стр. 150 како што е цитирано во *The SDA Bible Commentary*, кн. 7, страница 817).

**Прочитајте Откровение 13,3 и Откровение 14,4. Каква спротивност гледате во овие стихови?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

За разлика од „целиот свет“, кој го следи ѕверот, Бог ќе има народ што „ќе го следи Јагнето“. Како и секогаш, ќе мора да се определиме за едната или за другата страна, за Исуса или против Исуса. Ни тогаш, а ни сега, нема да има среден пат, нема ниту неутрална позиција. Да не бидеш цврсто посветен на Исуса, значи, свесно или несвесно, да се предадеш на другата страна.

**„И ќе бидете намразени од сите заради Моето име“ (Матеј 10,22). Колку сте вие подготвени за тоа да издржите до крај?**

## ИСУС – НАШИОТ ЕДИНСТВЕН ПОСРЕДНИК

**Прочитајте Откровение 13,4,5. Кои карактеристични обележја на ѕверот ги наоѓаме во овие стихови?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Ѕверот од Откровението е отпадничка верска сила која се издигнува од паганскиот Рим и прераснува во светски религиозен систем. Според Откровение 13,5, тоа е богохулна сила. Во Новиот завет, богохулењето се поистоветува со присвојување на Божјите привилегии и прерогативи од страна на некој кој се поставува како да е рамен на Бога.

**Прочитајте ги текстовите Лука 5,18–26 и Јован 10,33. На кои два аспекта на богохулење укажуваат тие стихови?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Водачите го обвинувале Исуса за богохулење. Во Исусовиот случај, тие обвинувања биле неоправдани бидејќи Тој навистина располагал со сите права и прерогативи на Бога – вклучувајќи го и правото да ги проштава нашите гревови. И тоа само затоа што Исус навистина бил Бог. Или, како што самиот Тој толку моќно рекол: „Толку време Сум со вас и не Ме позна, Филипе? Кој Ме видел Мене, Го видел и Таткото; тогаш како велиш ти: ‘Покажи ни Го Таткото!’“ (Јован 14,9)

Од друга страна, текстот 1. Тимотеј 2,5 учи дека постои само еден посредник меѓу Бога и луѓето – човекот Исус Христос. Спротивно на ова, Римската црква учи дека свештеникот е посредник меѓу Бога и грешното човештво. Но, бидејќи и самиот е грешно човечко суштество, свештеникот не може да биде наш посредник, затоа што и нему му е потребен посредник. Богохулењето се дефинира и како тврдење на кој било човек дека е Бог или дека го зазема местото на Бога. Еве, да наведеме само две такви изјави од авторитетни извори на Римската црква:

„Папата има толку великодостојна позиција и возвишеност, што тој не е само обичен човек... туку е како Бог на земјата“ (Lucius Ferraris, “Papa,” article 2 in his Prompta Bibliotheca (1763), vol. 6, pp. 25–29).

Папата Лав XIII се фалел: „Ние [папите] го заземаме на оваа земја местото на Семоќниот Бог“ (*The Great Encyclical Letters of Papa Leo XIII*; New Yорк: Benziger, 1903, стр. 193).

Овие тврдења стануваат уште позначајни кога ќе сфатиме дека зборот „анти-“, како во изразот „анти-Христ, не секогаш значи „против“, туку може да значи и „наместо“. Оттука, „антихрист“ значи и „наместо Христа“. Има ли поголемо богохулење!

## ЗА НАТАМОШНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

„Уште од почеток на големата борба на небото постојана намера на сатаната била да го урне Божјиот закон. За да го постигне тоа, се побунил против Творецот и, иако бил исфрлен од небото, истата борба ја продолжил на земјата. Луѓето да ги измами и со тоа да ги наведе на престап на Божјиот закон, е цел кон која постојано се стремел. Било ова да го постигне со отфрлање на целиот Закон или со отстранување на одделни негови прописи, последиците на крај ќе бидат исти. Оној што ‚ќе згреши во едно‘, покажува презир кон целиот Закон; со своето влијание и пример тој е на страна на престапот, и затоа ‚е виновен за сè‘ (Јаков 2,10). Настојувајќи да предизвика презир кон божествените уредби, сатаната ја изопачил науката на Библијата, па на тој начин во верата на илјадници луѓе кои тврдат дека веруваат во Светото писмо се вовлекле заблуди. Последниот голем судир меѓу вистината и заблудата е само завршна битка на вековната борба против Божјиот закон. Ние влегуваме во овој судир - судир меѓу човечките закони и Господовите прописи, меѓу верата на Библијата и верувањата во човечките измислици и преданија“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 582).

Во целата книга Откровение, богослужението и создавањето се нераскинливо поврзани. Суштината на борбата меѓу доброто и злото, како и споровите околу жигот на ѕверот, се сведува на прашањето дали Бог е достоен да биде обожаван.

Како што видовме, сфаќањето на Христа како Творец се наоѓа во самото средиште на саботното богослужение. Исус доследно го нагласува значењето на денот, над кој Тој, според сопствено тврдење, е „Господар“ (Матеј 12,8; Марко 2,28; Лука 6,5). Саботата е вечен потсетник за нашиот идентитет. Таа нè потсетува на тоа кои сме ние како човечки битија. Таа му дава вредност на секој човек. Таа постојано ја повторува мислата дека ние сме создадени суштества и дека нашиот Творец е достоен за нашата верност и обожавање. Тоа е причината што ѓаволот толку многу ја мрази саботата. Таа е златна алка која нè спојува со нашиот Творец и затоа ќе има толку клучна улога во завршната криза.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Врз основа на кои принципи „ѕверот од морето“ полага право на власт? На кои сè начини истите тие ставови можат да се вовлечат и во нашето срце без да бидеме свесни за тоа?**

**2. Како им одговарате на оние кои тврдат дека идејата за буквално постоење на сатаната претставува примитивно суеверие, кое образованите, или барем интелигентните луѓе, не можат да ја сметаат за сериозна? Кои аргументи можете да ги употребите во својот одговор?**

**Лекција 12**
**10-16 јуни 2023**

# БОЖЈИОТ ПЕЧАТ И ЖИГОТ НА ЅВЕРОТ: ДЕЛ 2




**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 12,6.14; Даниел 7,25; 2. Солуњаните 2,3.4; 5. Мојсеева 6,8; 5. Мојсеева 11,18; 2. Мојсеева 20,8–11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И видов друг ангел, кој се издигна од исток и кој имаше печат на живиот Бог, па почна да им вика со силен глас на четирите ангела, на кои им беше дадено да им напакостат на земјата и на морето, велејќи: 'Не пакостете е и на земјата, ни на морето, ниту на дрвјата, додека не ги запечатиме челата на слугите на нашиот Бог!'" (Откровение 7,2.3)**

Во 15. век Пиемонтските долини, високо на Алпите во северна Италија, биле дом на Валденжаните, народ што цврсто се држел за своите сфаќања на Библијата. Поради нивната непоколеблива преданост на Христа, тие биле жестоко прогонувани. Во 1488 година Валденжаните од долината Лојз биле брутално убиени од Римската црква поради нивната вера.

Уште еден бран на прогонство настапува во 17. век, кога савојскиот војвода испратил група од 8.000 војници на нивната територија и побарал од локалното население да ги размести своите трупи по своите домови. Народот постапил како што било побарано, но ова само било стратегија да им се овозможи на војниците лесен пристап до нивните жртви. На 24 април 1655 година, во 4 часот наутро, бил даден знак за почеток на масакрот. Овој пат бројот на загинати изнесувал повеќе од 4.000 души.

Историјата, за жал, често се повторува. Пророштвото за „жигот на ѕверот" зборува за последната низа безбожни верски прогонства што се протега низ вековите. Како и прогонствата во минатото, ова е осмислено да ги принуди сите да се потчинат на одреден збир верувања и на пропишан систем на богослужение. Меѓутоа, како и секогаш, Бог ќе има народ кој нема да поткленкне.

# СМРТНА РАНА

Како што веќе утврдивме, ѕверовите од 13. и 14. глава на Откровението претставуваат еден глобален светски систем на лажно богослужение. Но, тоа не е сè.

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 13,5; Откровение 12,6.14; и Даниел 7,25. Колку долго оваа сила доминирала на верската сцена во минатите векови?**

---

Власта на ѕверот траела во текот на одреден временски период во историјата. Во симболичните временски пророштва, еден пророчки ден одговара на една буквална година. Во текстот 4. Мојсеева 14,34 Бог му одредува на својот народ „за секој ден една година" — применувајќи го библискиот принцип за сметање на деновите како години. И повторно, на друго место Бог вели: „Ти давам по ден за секоја година" (Езекиел 4,6). Овој принцип повеќе пати се покажал точен во толкувањето на библиските временски пророштва, како што е случај со пророштвата за 70 седмици од текстот Даниел 9,24–27. Множејќи го временскиот период споменат во Откровение 13,5 – 42 месеца – со 30 дена – колку што има во еден месец, доаѓаме до 1260 пророчки денови или дословни години. Старите календари по правило имале 360 денови во годината.

Во 4. век, римскиот цар Константин го легализирал христијанството низ целото свое царство. Кога во 330 година ја преместил својата престолнина во Византија, за да ги обедини источните и западните делови на неговото царство, местото на владетел во Рим останало празно. Тогаш папата ја пополнил таа празнина. Тој станал не само моќен верски водач, туку и моќна политичка фигура на која требало да сметаат во Европа. Во 538 година паганскиот римски цар Јустинијан официјално му ја доделил на римскиот бискуп улогата бранител на верата. Средновековната црква извршила големо влијание од 538 до 1798 г., а тоа ги вклучувало и страшните прогонства што ги споменавме во воведот на оваа лекција. Тогаш Наполеоновиот генерал Бертие го заробил папата во 1798 година, и со тоа пророштвото целосно се исполнило.

Бертие и неговата војска го *уапсиле* папата Пие VI и без никакви церемонии го *отстраниле* од папскиот престол. Тоа бил сериозен удар врз папството, но, според текстот Откровение 13,12, смртната рана ќе биде излечена, а светот уште многу работи ќе чуе од оваа сила – уште многу повеќе.

**Размислете за тоа колку се неверојатни библиските пророштва и како тие ни го откриваат Божјето знаење за идните настани. Што треба да нè поучи овој факт за тоа зошто можеме да се потпреме на Господовите ветувања, дури и на оние чиешто исполнување сè уште не го гледаме?**

## ОТПАД

**Прочитајте го текстот 2. Солуњаните 2,3.4.9–12. Што предвидува Павле во врска со последните денови? Какви знаци на препознавање дава тој за ѕверот – силата на антихрист?**

__________________________________________________________________________

__________________________________________________________________________

Апостол Павле ја предупредува христијанската заедница за „отпаѓање“ од вистината на Божјата реч. Тој е загрижен поради семето на отпадништво, кое веќе било присутно во новозаветната црква, и кое ќе цвета во наредните векови пред второто Христово доаѓање. Во црквата ќе се вовлече лажно евангелие, извртувајќи ја Божјата Реч.

Сатаната е тој што стои зад ова отпадништво. Тој е вистинскиот „човек на беззаконието“ кој сака да се воздигне „над сè што се наречува Бог“ и кој ќе „седне во Божјиот храм“ (2. Солуњаните 2,4). Но, за да ги оствари своите цели, „големиот измамник“ работи преку човечки орудија. Знаците на препознавање во Книгата на пророк Даниел и Откровението покажуваат дека „малиот рог“ од текстот Даниел 7, „ѕверот“ од 13. и 14. глава од книгата Откровение и „беззаконикот“ од 2. Солуњаните 2 претставуваат ист ентитет.

*Адвентистичкиот библиски коментар* (SDA Bible Commentary) вака тоа го толкува: „Споредбата со пророштвото на Даниел за богохулната сила што го наследила паганскиот Рим..., и со Јовановата сликовита претстава за ѕверот како леопард... открива многу сличности меѓу тие три описи (малиот рог, силата на ѕверот и беззаконикот). Ова нè води до заклучок дека Даниел, Павле и Јован зборуваат за иста сила,... за папството“ (*The SDA Bible Commentary*, кн. 7, стр. 271).

Исклучително е важно да се има на ум дека библиското пророштво опишува еден религиски систем што ја компромитирал Божјата реч, го заменил евангелието со човечки традиции и отстапил од библиските вистини. Тие пророштва ни ги дал Бог, кој има неверојатна љубов, за да ги подготви луѓето за Исусовото доаѓање. Тие претставуваат укор за отпадничките верски организации кои отстапиле од Божјата реч, иако не нужно и за луѓето што им припаѓаат (видете Откровение 18,4). Нашата порака се однесува на системот кој измамил милиони луѓе, кои, иако се измамени, Христос сè уште многу ги сака. Затоа и ние мора соодветно да се однесуваме кон нив.

**„И така, сè што сакате да ви прават луѓето, правете им и вие така; зашто тоа е Законот и пророците“ (Матеј 7,12). Како треба да го примениме овој принцип кога зборуваме на темата за ѕверот од 13. и 14. глава на Откровението?**

## ЗАВРШНАТА СТРАТЕГИЈА НА САТАНАТА

Истражувањата на јавното мислење ширум светот покажуваат длабок недостаток на доверба во владите и во државните институции. Милиони се прашуваат: „Дали постои некој што е морално подобен да го води овој свет? Од друга страна, пророштвата на книгата Откровение укажуваат на извесен „ѕвер“, како сила од која ќе се очекува, под закрила на еден верско-политички сојуз, да ја исполни таа улога.

**Прочитајте Откровение 17,12–14. Како Јован ги опишува овие последни сцени од историјата на земјата? Каков моќен контраст се забележува овде?**

______________________________________________________________________

Постојат три значајни подробности што ги истакнува Јован во тој текст. Прво, тие политички сили „имаат една мисла“ и „силата и власта своја“ тие „ќе му ја предадат на ѕверот“. Второ, овој конгломерат од лаги ќе почне да војува против Исуса – Јагнето. Трето, во последната битка на земјата, Христос и Неговите следбеници ќе победат. Значи, не победува ѕверот, туку Исус.

Дали некогаш сте се запрашале каква стратегија ќе употреби ѓаволот за да ги обедини сите народи? Историјата често се повторува. Од распадот на Римското царство можеме да извлечеме некои вредни поуки. Кога упадите на германските племиња од север ја опустошиле западна Европа, римскиот цар Константин се свртел кон верата. Авторитетот на црквата, обединет со моќта на државата, станал токму такво орудие какво што му било потребно на Константина. Постојаното нагласување на светоста на неделата во четвртиот век, претставувало пресметан политички и верски потег за царството да се обедини во тоа време на криза. Константин сакал неговото царство да се обедини, а Римската црква сакала тоа да се „преобрати“. Познатиот историчар Артур Вајгал јасно кажува: „Црквата неделата ја направи свет ден... главно затоа што тоа бил седмичен фестивал на сонцето; бидејќи тоа секако била политика на христијанската црква – да ги преземе омилените пагански празници од народната традиција и да им се додели христијанско значење“ (Arthur Weigall, *The Paganism in Our Christianity; New York: G. P. Putnam's Sons,* 1928, p. 145).

Во време на голема криза, кога целиот свет ќе биде исплашен, измачен и загрозен, луѓето очајнички ќе копнеат по некој кој би можел да им пружи стабилност и заштита. Така настанувале тираниите во минатото, и нема причина да мислиме дека тоа не би можело да се повтори. А според пророштвата, ќе се појави нешто што ќе доведе до тие завршни настани.

**Иако е тешко да се предвиди како сето тоа ќе се одвива, светот веќе се увери до колку големи промени може да се дојде, и тоа многу брзо. Иако не ги знаеме сите детали за тоа што доаѓа, сепак мора да бидеме подготвени, што и да дојде.**

## ЖИГОТ НА ЅВЕРОТ

**Прочитајте го стихот Откровението 14,9 и споредете го со стихот Откровение 14,12. Каде ќе биде втиснат жигот на ѕверот? (Видете ги текстовите 5. Мојсеева 6,8; 5. Мојсеева 11,18.) Кои две карактеристики го одвојуваат Божјиот народ од оние што го примаат жигот на ѕверот?**

---

Едната група му се поклонува на ѕверот, а другата ги држи Божјите заповеди (што ја подразбира и четвртата, единствената заповед која ѕверот настојува да ја промени) и ја има верата Исусова. Тоа е целосна спротивност. Работејќи преку ѕверот од морето и ѕверот од земјата, ѓаволот се обидува да го поткопа Божјиот авторитет напаѓајќи ја сржта на богослужението, односно саботата. Жигот на ѕверот се става или на челото или на раката. Челото е симбол на умот, седиште на совеста, разумот и расудувањето. Раката, од друга страна, е симбол на постапките и делата.

Доаѓа ден, а можеби и порано отколку што мислиме, кога ќе се донесат закони кои ќе ја ограничат нашата верска слобода. Оние што совесно ја следат Божјата Реч и ја празнуваат вистинската сабота Господова, ќе бидат означени како противници на единството и доброто на општеството.

„Оние што ја почитуваат библиската сабота ќе бидат обвинети како непријатели на законот и редот, како луѓе што ги уриваат моралните огради на општеството, како причина за анархијата и расипаноста, како суштества што навлекуваат на земјата Божји судови. Нивното совесно држење на Божјиот закон ќе се прогласи како упорност, тврдоглавост и презирање на власта. Тие ќе бидат обвинети дека не ги почитуваат властите...“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 592).

Римската црква тврди дека неделата е „знак“ на нејзиниот црковен авторитет. Се разбира, Католичката црква тврди дека таа промена била нејзин чин... А тој чин е показател за нејзината црковна моќ и авторитет за верските прашања“ (*The American Catholic Quarterly Review*, јануари 1883 г.).

Книгата Откровение предвидува дека во иднина, во време на меѓународна криза, нашиот свет ќе се соочи со некој вид радикална политичка, општествена, верска и морална промена, во текот на која празнувањето на неделата ќе почне присилно да се наметнува, и тогаш ќе стане „жиг на ѕверот“. Меѓутоа, не ни е кажано како точно ќе дојде до сето тоа. Светото писмо ни дава само широки контури, но и тоа е сосема доволно за да ни покаже дека во кулминацијата на големата борба клучно прашање ќе биде дали му се поклонуваме на ѕверот или на Творецот, и дека седмиот ден, саботата, ќе има централна улога.

**На кои сè начини човештвото отсекогаш било поделено по прашање на преданост кон Божјата или сатанската страна? Зошто не може да постои некој среден пат? Како можеме со сигурност да знаеме на чија страна сме?**

# САБОТАТА КАКО ТЕСТ

Сосема е можно дека уште сега се подготвува сцената за ова претстојно прогонство. На 6 јуни 2012 година, пред повеќе од 15.000 луѓе собрани на плоштадот Свети Петар во Рим, папата Бенедикт XVI упати итен апел неделата да стане ден за одмор за сите, за луѓето да можат тоа време слободно да го поминат со своите семејства и со Бога. „Со одбрана на неделата, се брани човековата слобода“. Ова, се разбира, не е исто што и барањето од другите да го празнуваат тој ден наместо библиската сабота, но сепак ни покажува дека идејата за неделата како „ден за одмор“ несомнено претставува реален проблем. Порано или подоцна, законите ќе бидат донесени, а оние кои совесно ја следат Божјата Реч и ја празнуваат вистинската сабота, ќе бидат означени како луѓе кои се спротивставуваат на најдобрите интереси на општеството.

Во тоа време на криза, Божјиот верен народ, со Неговата милост и преку Неговата сила, ќе остане цврст во својата намера да Го следи, и нема да попушти под притисокот.

Наместо жиг на ѕверот, тие ќе го добијат Божјиот печат. Печатите од дамнешни времиња се користеле за да се потврди автентичноста на официјалните документи. Тогаш би очекувале да го најдеме Божјиот печат втиснат во Неговиот закон. Древните печати биле препознатливо обележје на поединецот. Пророкот Исаија вели: „Врзи го сведителството и запечати го откровението пред своите ученици“ (Исаија 8,16).

**Прочитајте 2. Мојсеева 20,8–11. Кои елементи на библискиот печат ги наоѓате во заповедта за саботата? Во што се разликува заповедта за саботата од сите други заповеди?**

---

Четвртата заповед ги содржи трите елементи на автентичен печат. Прво, името на оној што го става печатот: „Господ, твојот Бог“ (2. Мојсеева 20,10). Второ, титулата на оној што го става печатот: Господ кој „создаде“ (2. Мојсеева 20,11), односно Творецот. И трето, територијата на оној што го става печатот: „Небото и земјата, морето и сѐ што е во нив“ (2. Мојсеева 20,11). Според текстот Откровение 7,1.2, Божјиот печат се става само на нашето чело, симбол на нашиот ум. Исус ја почитува нашата слобода на избор. Тој нѐ повикува да му дозволиме со Неговиот Свети Дух да го обликува нашиот ум, за да не бидеме оттргнати од сидрото на нашата вера, а тоа е Божјата Реч (Ефесјаните 4,30). Според тоа, заклучуваме дека верни се оние кои „ги пазат Божјите заповеди и (ја имаат) верата во Исуса“ (Откровение 14,12), а во тие заповеди спаѓа и четвртата, единствената заповед што ѕверот ја променил.

**Дали забележувате дека во моментов се развиваат одредени услови кои потенцијално би можеле да доведат до ограничување на нашата верска слобода? Кои препреки, исто така, уште сега постојат?**

## ЗА НАТАМОШНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

„Кога протестантизмот ќе ја подаде раката преку бездната за да ја прифати раката на римската сила, кога таа ќе посегне преку амбисот за да ја стегне раката на спиритизмот, кога под влијание на овој троен сојуз нашата земја (Соединетите Држави) ќе го отфрли секој принцип на својот Устав како протестантска и републиканска влада и ќе овозможи ширење на папските лаги и заблуди, тогаш знаеме дека е дојдено времето за сатанското чудесно дејствување и дека крајот е близу“ (Елена Г. Вајт, *Сведоштва за црквата,* кн. 5, стр. 451 оригинал).

„Бевме склони да го занемариме фактот дека неделата претставува ден за богослужение на противничките сили... во заплетот на Книгата Откровение. Неделата е исклучително важен симбол, кој го открива неверојатното лукавство и препреденост на змевот... Оваа... промена на Божјиот закон со еден едноставен чин, ја изразува самата суштина на омразата што ја покажува змевот против Бога во космичкиот судир. Едноставноста на таа постапка е крајно измамничка. Змевот се обидува да ја узурпира Божјата положба во космосот прикажувајќи се себеси како вистински предмет на *обожавање* и тврдејќи дека Божјиот *закон* е неправеден – дека треба да се промени. А змевот ја променил токму таа заповед во Декалогот во која Бог се открива како Творец и Откупител, како единствен кој е достоен да биде обожаван (2. Мојсеева 20,8–11; 5. Мојсеева 5; спореди со Откровение 4,11; 5,9.13.14). Таа промена на законот не само што ја покажува омразата на змевот спрема волјата Господова (законот), туку претставува и негов обид да го узурпира Божјото место на тој начин што самиот ќе стане предмет на обожавање... Сеопштото прифаќање на таа промена во законот ќе му обезбеди победа“ (Ángel Manuel Rodriquez, „The Closing of the Cosmic Conflict: Role of the Three Angels’ Messages“, pp. 53, 54).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Иако живееме во исчекување, и тоа во исчекување на завршните настани, зошто мораме да водиме сметка да не се впуштаме во фанатизам, одредување датуми или шпекулирање за нешто што не ни е откриено преку Вдахновението? Кои опасности се кријат тука и какви знаат да бидат последиците кога очекуваните настани нема да се одиграат во време и на начин на кој луѓето најавиле дека ќе се случат?**
2. **Иако мораме да ги избегнуваме опасностите опишани во претходното прашање, сепак, како да им одговориме на оние кои тврдат дека нашите предвидувања за жигот на ѕверот и верското прогонство не можат да се случат затоа што едноставно тоа се чини невозможно, со оглед на моменталната состојба во светот? Зошто ваквото резонирање, иако на прв поглед делува логично, всушност воопшто не е логично? (Впрочем, погледнете со колкава брзина може да дојде до големи промени во светот.)**

**Лекција 13**
**17-23 јуни 2023**

# ОСВЕТЛЕНИ СО ОГНОТ НА БОЖЈАТА СЛАВА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Солуњаните 5,1–6; Јован 8,32; Откровение 18,1; Откровение 4,11; 2. Мојсеева 33,18.19; Откровение 5,6.12; Откровение 13,8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Потоа видов друг ангел, како слегува од небото, кој имаше голема власт, и земјата се осветли од неговата слава.“ (Откровение 18,1).**

Порано или подоцна, завршните настани ќе се одиграат. Кога точно, и на кој начин точно – не ни е кажано. Но, доволно ни е кажано. Ќе биде донесен некаков вид на закон што ќе го наметнува празнувањето на неделата наместо држењето на четвртата заповед. Откровението нè запознава со клучните спорни прашања што се во игра и со клучните играчи кои се вмешани во тоа, изнесувајќи во општи црти што ќе се случи кога, наместо да му се поклонат на „Оној Кој ги создал небото и земјата, морето и водните извори“ (Откровение 14,7), луѓето – сите оние „чии имиња не се запишани во книгата на животот на Јагнето заклано, од создавањето на светот“ (Откровение 13,8) – ќе одлучат да му се поклонат на ѕверот и на неговиот лик („биста“ или „икона“; заб. на прев). Со други зборови, имињата на оние кои избрале да го следат Господа Исуса Христа и да се покоруваат на Неговите заповеди – ќе останат запишани во книгата на животот. А колку е подобро да се биде во Божјата листа, отколку во човечките записи!

Бог ја подигнал адвентистичката Црква на седмиот ден за да му ја објави оваа порака на светот. Така, ние самите треба да се преобратиме во вистината каква што е во Исуса, и да бидеме преобразени и обновени со „вечното евангелие“ од текстот Откровение 14,6, во чиешто средиште е Христовата смрт за нас, како потврда за нашето спасение во Него.

## ПОДГОТОВКА ЗА ЗАВРШНАТА КРИЗА

**Прочитајте 1. Солуњаните 5,1–6. Каква опомена ни дава апостол Павле во врска со последните денови од човечката историја?**

___

___

Во контекст на второто Христово доаѓање, апостол Павле ги повикувал верниците во Солун да „бдеат“ и да „бидат трезвени“. Кога Павле тоа им го говорел на тогашните верници, што би ни кажал нам денес?

Исто така, тој ги нарекува „деца на светлината“ (1. Солуњаните 5,5) и им зборувал дека не се во „темнина, та Денот [Христовото враќање] да ве затече како крадец“ (1. Солуњаните 5,4). Исус го користел изразот „бдеат“ во врска со истрајната, сесрдна молитва (Матеј 24,42; Матеј 26,40.41). Да се бдее (или во други преводи *да се стражари*; заб. на прев.), значи да се биде духовно буден. Да се биде трезвен, значи сериозно да се сфати времето во коешто живееме и да посветиме внимание на она што е навистина важно.

Елена Вајт додава: „Ние, кои ја знаеме вистината, треба да се подготвуваме за она што наскоро ќе го зафати овој свет како запрепастувачко изненадување“ (*Сведоштва за црквата*, кн. 8, стр. 28).

И иако би можело да го изненади овој светот, тоа не би требало да нè изненади и нас. Иако не знаеме кога ќе се одигра сето тоа, сепак доволно гледаме за да знаеме дека тоа навистина доаѓа, и дека токму сега, денес, е време да бидеме подготвени.

**Разгледајте ја 2. глава од Книгата на пророк Даниел и забележете го редоследот на царствата што доаѓале и си заминувале, токму како што било проречено. Што ни кажува ова за потребата, кога Бог ќе каже дека нешто ќе се случи, цврсто да веруваме дека тоа навистина ќе се случи?**

___

Христос ни ги упатил овие пораки за последното време за да можеме, знаејќи што доаѓа, да се подготвиме за тоа. Пророштвата од книгата на пророк Даниел и Откровението, во комбинација со современиот дар на пророштво, ни даваат божествен увид во она што доаѓа на овој свет. Божјата пророчка реч однапред ја опишува историјата на спасението, а текстот Даниел 2 ни дава моќен, уверлив доказ дека можеме да имаме доверба во Бога.

**Павле ни кажува „да не спиеме како и другите“. Што значи тоа, и како да провериме дали сепак можеби спиеме? А ако спиеме, што би можело да нè разбуди?**

# СПОЗНАВАЊЕ НА ВИСТИНАТА

**Прочитајте ги следните текстови: Јован 8,32; Јован 7,17 и Јован 17,17. Какви ветувања дава Исус во врска со спознавањето на вистината и каде таа се наоѓа?**

______________________________________________________________________

Во последниот повик до припадниците на својот народ, Бог ги повикува да побегнат од вавилонските заблуди и да живеат според светлината на вечната вистина што се наоѓа во Неговата Реч. Клучот за сѐ е Библијата. Сѐ додека се држат до Библијата и ги следат нејзините учења, луѓето нема да бидат измамени во текот на последната криза, особено во поглед на саботата.

Пораката на вториот ангел нѐ повикува да ја прифатиме вистината наместо заблудите, Писмото наместо традициите и учењата на Божјата реч наместо заводливите теории.

Пораката на третиот ангел, кој ги следи првите два ангела, претставува предупредување против примање на жигот на ѕверот. Во сите библиски пророштва, ѕверот претставува политичка или верска сила. Ѕверот што излегува од морето, опишан во Откровение 13 и 14 глава, се издигнува од урнатините на Рим и воспоставува светски богослужбен систем. На крајот таа римска сила ќе го прошири своето влијание на целиот свет и ќе предводи движење за обединување на црквата и државата. Нејзина цел ќе биде да се постигне единство на светот во време на економски пресврти, природни катастрофи, социјални превирања, меѓународна политичка криза и глобален судир.

И на крајот Соединетите Американски Држави ќе го преземат водството во таа глобална алијанса. „Со две големи заблуди, со заблудата за бесмртност на душата и со заблудата за празнување на неделата, сатаната ќе успее да ги прелаже луѓето. Додека првата заблуда поставува темели за спиритизмот, втората создава врска на пријателство со Рим. Протестантите во Соединетите Држави први ќе подадат рака преку понорот за да ја прифатат раката на спиритизмот; тие ќе го премостат и амбисот за да се ракуваат со римската сила и под влијание на овој трикратен сојуз, оваа земја ќе појде по стапките на Рим и ќе ги погази правата на совеста“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 588).

Овие три пораки завршуваат со итен повик до Христовите верни следбеници да ги држат Божјите заповеди преку живата вера во Исуса, кој престојува во нивните срца (Откровение 14,12).

**Како ги разбирате Исусовите зборови дека „вистината ќе ве ослободи“? Што значи тоа? Како вистината ве ослободила? Што значи да се биде „слободен“ во овој контекст?**

## РЕФОРМАЦИЈАТА ПРОДОЛЖУВА

Бог подигнал народ во последното време да стои рамо до рамо со големите реформатори од минатото – со Библијата како единствено правило на верата, со Христа како единствен извор на спасение, со Светиот Дух како единствен извор на сила и надевањето во Господовото враќање како исполнување на сите нивни надежи. Вистините кои долго биле замаглени од заблудите и традицијата, вклучувајќи ја и вистината за правата библиска сабота, ќе му бидат објавени на светот непосредно пред да се врати нашиот Господ.

Пораките на тројцата ангели го почнале ова движење на последното време, кое ќе ја заокружи Реформацијата и ќе соработува со Христа во довршувањето на Неговото дело на земјата. Големите пророштва од последната библиска книга, укажуваат на едно божествено движење што произлегло од големото разочарување, чија улога е да му ја објави последната Божја порака на светот. Откровение 14 опишува глобална црква што ја пренесува радосната вест за вечното евангелие насекаде во светот.

На тројцата ангели од Откровение 14 глава им се придружува четвртиот ангел од Откровение 18 глава. Овој ангел им дава посебна сила на објавите на тројцата ангели, така што „земјата се осветли од неговата [Божјата] слава“ (Откровение 18,1). Осумнаесеттата глава се сосредоточува на главните настани што ќе доведат до кулминација на човечката историја, и до конечната, целосна победа на евангелието.

**Прочитајте Откровение 18,1. Кои три подробности ни ги открива Јован за овој ангел? (Видете и Авакум 2,14.)**

________________________________________________________________

Ангелот кој доаѓа од Божјото славно присуство, од престолната сала на небесното светилиште, добил задача да ја објави Божјата последна порака на милост и да ги предупреди жителите на земјата за она што ќе ја снајде нивната планета.

Текстот вели дека тој ангел има „голема власт“. Новозаветниот грчки збор за „власт“ е *егзозија* (exousia). Исус го користи овој збор во Евангелието според Матеј кога ги испраќа своите ученици во служба. Во текстот Матеј 10,1 Исус им дава на своите ученици „власт“ над нечистите духови. Тој ги испраќа со божествена сила да победуваат во борбата меѓу доброто и злото. Во текстот Матеј 28,18.19 Тој уште еднаш ги испраќа, но овој пат со „сета власт“ на небото и на земјата, да одат и да ги направат „сите народи Негови ученици“.

**Како проблемите на последното време (како и во секое друго време), во крајна линија, се сведуваат на прашањето за власт? Чија власт ние ја следиме: Божјата, сопствената, власта на ѕверот или на некој друг? Чија власт ја следите вие сега?**

# БОЖЈАТА СЛАВА ЈА ИСПОЛНУВА ЗЕМЈАТА

**Прочитајте Откровение 4,11; Откровение 5,12; Откровение 19,1 и Откровение 21,26. Кои зборови се поврзани со Божјата слава што ја исполнува земјата како што е опишано во текстот Откровение 18,1?**

___

Големата борба меѓу доброто и злото во вселената се одвива и околу Божјата чест или углед. Сатаната, побунетиот ангел, изнел тврдење дека Бог е неправеден, дека бара обожавање, но за возврат дава малку. Тоа зло битие тврди дека Божјиот закон ја ограничува нашата слобода и ја намалува нашата радост.

Исусовиот живот, смрт и воскресение го поништиле тој мит. Оној што нè создал, се спуштил во змиската дупка на овој свет за да нè искупи. Тој на крстот одговорил на обвинувањата на сатаната, и покажал дека Бог е и праведен и полн со љубов.

Восхитен од Неговата љубов, загрижен за Неговата чест, Божјиот народ на последното време ја открива Неговата слава – Неговиот љубезен, самопожртвуван карактер – пред овој егоцентричен безбожен свет, и земјата е осветлена од славата на Божјиот карактер.

**Прочитајте го текстот 2. Мојсеева 33,18.19. Како Бог ја открил својата слава пред Мојсеја? Што е, впрочем, Божјата слава?**

___

Божјата слава е Неговиот карактер. Земјата ќе се исполни со Божјата слава кога ние ќе се исполниме со Божјата љубов и кога нашиот карактер ќе се промени со откупителната љубов.

Пројавувањето на Неговата љубов во нашиот личен живот, на светот му ја открива Неговата слава, Неговиот карактер пред светот. Последната порака што ќе му биде објавена на светот потонат во духовна темнина, а која ја носат тројцата ангели среде небото, гласи: „Бојте се од Бога и подајте му слава“ (Откровение 14,7).

Нам не ни припаѓа никаква слава ни поради нашите добри дела, ни поради нашата праведност, ни поради нашата добрина. „Пораката за Христовата праведност ќе одекне од едниот до другиот крај на земјата... Тоа е Божјата слава која го довршува делото на третиот ангел“ (Елена Вајт, *Сведоштва за црквата*, кн. 6, стр. 19). Елена Вајт исто така пишува: „Што е оправдување со вера? Тоа е Божје дело кое се огледува во тоа што Тој ја положува човечката слава во правта, а потоа прави за него она што човекот сам не е во состојба да го направи за себе“ (*Testimonies to Ministers and Gospel Workers*, стр. 456).

**Според тоа, никаква слава не ни припаѓа нам, туку – да, навистина – сета слава му припаѓа на Бога.**

# ЈАГНЕ – ЗАКЛАНОТО ЈАГНЕ

Има многу симболи во книгата Откровение, библиски симболи со големо значење; како на пример, змев на небото (Откровение 12,3.4.7), ангели кои летаат среде небото (Откровение 14,6), жена што јава на црвен ѕвер (Откровение 17,3) итн. Тие симболи се наоѓаат во Божјата реч; Светиот Дух го вдахнал Јован да ги смести таму, и тие имаат важна улога во откривањето на вистината на луѓето што ги читаат зборовите на таа книга и ги извршуваат, бидејќи, како што пишува: „Блажен е оној кој чита и оние кои ги слушаат зборовите на ова пророштво и пазат на напишаното во него; зашто времето е блиску" (Откровение 1,3).

Меѓутоа, постои уште една слика што одново и одново се појавува во книгата Откровение. Каква е таа слика и кого таа го претставува?

**Прочитајте ги стиховите Откровение 5,6.8.12; Откровение 7,17; Откровение 14,1; Откровение 15,3; Откровение 19,7; Откровение 21,22.23; и Откровение 22,1.3. Кое е значењето на јагнето како симбол, и зошто тоа се појавува толку многу пати во книгата Откровение?**

___

Се разбира, како што кажуваат воведните зборови, таа книга претставува „откровение на Исуса Христа". И тоа не само како Јагне, туку како Јагне кое е „заклано" (Откровение 5,6.12; Откровение 13,8). Односно, Исус Христос распнатиот. Во тоа се срцето и душата не само на целата Библија, туку и на книгата Откровение и на пораките на тројцата ангели. Не можеме да бидеме верни на нашиот повик, не можеме да го извршуваме делото заради кое Бог ја подигнал оваа црква, ако Јагнето, и тоа Јагнето кое е заклано, Исус распнатиот, Жртвата за нашите гревови, не се наоѓа во самата срцевина на нашата порака.

„Мораме свесно да го ставиме Јагнето кое е заклано во самото средиште на нашите учења и на нашата мисија, во сржта на секоја проповед што ја држиме, на секоја статија што ја пишуваме, на секоја молитва што ја упатуваме, секоја песна што ја пееме, секој библиски час што го водиме, и во сè што правиме. Љубовта што ја покажало Јагнето на крстот нека го промени начинот на кој се однесуваме едни кон други, а исто така нека нè поттикне да водиме повеќе грижа за овој свет" (Ángel Manuel Rodriguez, "*The Closing of the Cosmic Conflict: Role of the Three Angels' Messages,"* стр. 70).

Односно, среде сцените на опасни ѕверови, воинствен змев, разни неволји, прогонства и наметнување на жигот на ѕверот, го наоѓаме Јагнето, и тоа Јагнето кое е заклано – Тоа е напред и во срцевината на сè друго. И само Исус, и она што Тој го направил за нас, го прави сега и ќе го направи пред сè да се заврши – само Тој, во крајна линија, им дава смисла на пораките на тројцата ангели.

**Зошто во центарот на нашата порака треба да биде закланото Јагне и зошто е тоа клучно не само за да ги водиме другите кај Него, туку и за нашиот личен духовен живот?**

## ЗА НАТАМОШНО РАЗМИСЛУВАЊЕ

„Божјите слуги, со озарено лице од свето помазание, ќе брзаат од место во место да ја објават небесната вест. Илјадници гласови низ целата Земја ќе ја објавуваат опомената. Ќе се прават чуда, болни ќе оздравуваат, а верните ќе ги придружуваат знаци и чуда. И сатаната ќе прави лажни чуда; ќе стори и оган да падне од небото пред луѓето (Откровение 13,13). На овој начин жителите на земјата ќе бидат присилени да се решат за кого ќе се определат. Веста ќе се шири не толку со докажување колку со длабоко осведочување на Божјиот Дух. Доказите се изнесени. Семето е посеано и сега треба да никне и да донесе род. Списите што ги распространиле евангелските соработници го извршиле своето влијание, но мнозина врз кои евангелската вистина оставила длабок впечаток биле спречени вистината потполно да ја сфатат или да ја послушаат. Меѓутоа, сега зраците на светлината проникнуваат насекаде и вистината се гледа кристално јасна, а искрените Божји деца ги кинат врските што ги задржувале до сега. Семејните и црковните врски сега се немоќ ни да ги задржат. Вистината им е подрагоцена од сè друго. Наспроти сатанските сили што се здружиле против вистината, голем е бројот на оние што ќе застанат на Господова страна“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 612).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Елена Вајт тврди дека пораката за оправдување со вера „несомнено е веста на третиот ангел“ (*Евангелизам,* стр. 190 ориг.). Што значи тоа? Каква врска има оправдувањето со вера со пораките на тројцата ангели?**

**2. Прочитајте го повторно стихот Откровение 14,12. Која е разликата меѓу држењето на Божјите заповеди и легализмот? Кога послушноста станува легализам? Во која смисла, дури и некој што не ги држи Божјите заповеди, сепак може да биде легалист?**

**3. Што би можеле да им одговориме на оние кои нè критикуваат затоа што ја објавуваме вистината за свирепите ѕверови и за страшните предупредувања што се наоѓаат во книгата Откровение? Покрај очигледниот одговор, а тој е дека за нив зборуваме затоа што тие, ете, се спомнуваат во таа книга, кои други одговори би можеле да им ги дадете?**

**4. Разговарајте во класата за актуелните настани во светот. Кои работи сте забележале дека се случуваат, а лесно би можеле да нè воведат во завршните настани? Како да заземеме избалансиран став и, иако сме свесни за времето во коешто живееме, да не се впуштаме во бесполезни претпоставки за она што сè уште не ни е откриено?**

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – АПРИЛ

# МЕСИЈА

### ФИДАНКА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Сабота* | ***Исаија 11,1.*** | *Фиданка* |

### МЕСИЈА

| | | |
|---|---|---|
| *2. Недела* | ***Матеј 7,28.*** | *Првиот голем Учител* |
| *3. Понеделник* | ***Судии 6,12.*** | *Ангел на заветот* |
| *4. Вторник* | ***Лука 2,7.*** | *Месија* |
| *5. Среда* | ***Еремија 29,11.*** | *Добротворец* |
| *6. Четврток* | ***Лука 6,13.*** | *Најголемиот Воспитувач* |
| *7. Петок* | ***Јован 4,14.*** | *Извор на благослови* |
| *8. Сабота* | ***Матеј 3,17.*** | *Најмил* |

### ПРИМЕР ЗА СВЕТОСТ

| | | |
|---|---|---|
| *9. Недела* | ***Колошаните 1,9.*** | *Кладенец на животот* |
| *10. Понеделник* | ***1. Коринќаните 15,21.22.*** | *Извор на секој живот* |
| *11. Вторник* | ***Лука 23,26.*** | *Оној кој не заслужил сурова смрт* |
| *12. Среда* | ***Римјаните 5,19.*** | *Пријател во небесните дворови* |
| *13. Четврток* | ***Евреите 12,14.*** | *Пример за светост* |
| *14. Петок* | ***2. Коринќаните 12,10.*** | *Пријател на беспомошните* |
| *15. Сабота* | ***Откровение 1,18.*** | *Кнез Победник* |

### НАЈГОЛЕМ ДАР

| | | |
|---|---|---|
| *16. Недела* | ***Галатјаните 6,2.*** | *Божествен помошник* |
| *17. Понеделник* | ***Исаија 45,5.*** | *Моќен Војвода на небесните војски* |
| *18. Вторник* | ***Римјаните 5,8.*** | *Најголем дар* |
| *19. Среда* | ***Јован 14,30.*** | *Божествен пример* |
| *20. Четврток* | ***Псалм 145,16.*** | *Дарител на секој добар и совршен дар* |
| *21. Петок* | ***Јован 10,11.*** | *Вистински пастир* |
| *22. Сабота* | ***Јован 17,26.*** | *Прославена Глава* |

### ДОБАР ПАСТИР

| | | |
|---|---|---|
| *23. Недела* | ***Јован 10,4.*** | *Добар Пастир* |
| *24. Понеделник* | ***Јован 1,49.*** | *Владетел над Израел* |
| *25. Вторник* | ***Колошаните 1,15.*** | *На чело на човечкиот род* |
| *26. Среда* | ***1. Петрово 5,7.*** | *Голем носител на товари* |
| *27. Четврток* | ***Исаија 53,7.*** | *Жртва* |
| *28. Петок* | ***Јаков 1,5.*** | *Моќен советник на вековите* |
| *29. Сабота* | ***Јован 12,32.*** | *Средиште на привлечноста* |

### БОЖЕСТВЕН ИСЦЕЛИТЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *30. Недела* | ***Лука 10,34.*** | *Божествен исцелител* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – МАЈ
## КАМЕН-ТЕМЕЛНИК

### ВЕНЕЦ НА РАДОСТ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Понеделник* | ***Исаија 59,19.*** | *Големиот Заповедник на небото и на земјата* |
| *2. Вторник* | ***Римјаните 5,11.*** | *Венец на радоста* |
| *3. Среда* | ***Псалм 121,4.*** | *Чувар кој никогаш не спие* |
| *4. Четврток* | ***Колошаните 2,9.10.*** | *Спасителот целосно откриен* |
| *5. Петок* | ***Исаија 53,5.*** | *Божествениот страдалник* |
| *6. Сабота* | ***Лука 22,32.*** | *Големиот Посредник* |

### ВИСТИНСКИ ПРИМЕР

| | | |
|---|---|---|
| *7. Недела* | ***1. Јованово 3,16.*** | *Оној кој се грижи* |
| *8. Понеделник* | ***Псалм 128,1.*** | *Вистински пример* |
| *9. Вторник* | ***Марко 1,3.*** | *Божествен советник* |
| *10. Среда* | ***Откровение 22,16.*** | *Корен и род Давидов* |
| *11. Четврток* | ***Матеј 935.*** | *Големиот Лекар* |
| *12. Петок* | ***5. Мојсеј 31,6.*** | *Заповедник на нашето спасение* |
| *13. Сабота* | ***1. Мојсеева 32,26.*** | *Небесен Гласник* |

### КАМЕН-ТЕМЕЛНИК

| | | |
|---|---|---|
| *14. Недела* | ***Лука 14,23.*** | *Голем работник* |
| *15. Понеделник* | ***1. Јован 5,13.*** | *Извор на бесмртност* |
| *16. Вторник* | ***Лука 2,46.*** | *Младиот Галилеец* |
| *17. Среда* | ***Еремија 18,3.*** | *Големиот Уметник* |
| *18. Четврток* | ***5. Мојсеј 32,4.*** | *Камен-темелник* |
| *19. Петок* | ***Исаија 26,4.*** | *Карпата на нашето спасение* |
| *20. Сабота* | ***Псалм 111,9.*** | *Големиот проповедник во делото на откупување* |

### СОЗДАТЕЛ НА СВЕТОТ

| | | |
|---|---|---|
| *21. Недела* | ***Јован 1,29.*** | *Големиот Антитип* |
| *22. Понеделник* | ***Марко 11,24.*** | *Лекар на сите болести* |
| *23. Вторник* | ***Римјаните 5,6.*** | *Божествен заменик* |
| *24. Среда* | ***Еремија 17,10.*** | *Оној што ги испитува срцата* |
| *25. Четврток* | ***Псалм 91,2.*** | *Засолниште од невреме* |
| *26. Петок* | ***Псалм 107,8.*** | *Небесен Добрачинител* |
| *27. Сабота* | ***1. Коринќаните 8,6.*** | *Создател на светот* |

### ВЕЧЕН ПРИЈАТЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *28. Недела* | ***Матеј 28,20.*** | *Божествен пријател* |
| *29. Понеделник* | ***Матеј 13,45.*** | *Небесен Трговец* |
| *30. Вторник* | ***Матеј 6,20.*** | *Вечен Пријател* |
| *31. Среда* | ***1. Петрово 5,2.*** | *Поглавар над пастирите* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – ЈУНИ

# ГОСПОДОВ ПОМАЗАНИК

### ВИСТИНСКИ СОВЕТНИК

| | | |
|---|---|---|
| *1. Четврток* | **Лука 7,16.** | *Небесен Посетител* |
| *2. Петок* | **2. Коринќаните 8,9.** | *Заповедник на небесната војска* |
| *3. Сабота* | **Откровение 2,4.** | *Вистински советник* |

### МОЌЕН ПОБЕДНИК

| | | |
|---|---|---|
| *4. Недела* | **Исаија 55,7.** | *Оној кој е целиот прекрасен* |
| *5. Понеделник* | **Авакум 3,3.** | *Моќен Победник* |
| *6. Вторник* | **Евреите 2,10.** | *Спасител на светот* |
| *7. Среда* | **Јован 1,46.** | *Скромниот Назареец* |
| *8. Четврток* | **Матеј 9,12.** | *Моќен Лекар на душите болни од грев* |
| *9. Петок* | **Римјаните 8,32.** | *Голем дар* |
| *10. Сабота* | **Псалм 36,8.** | *Извор на духовна сила* |

### ЗАЧЕТНИКОТ

| | | |
|---|---|---|
| *11. Недела* | **Јован 8,12.** | *Големото средиште од кое зрачи сета слава* |
| *12. Понеделник* | **Даниел 3,25.** | *Господар на топлината и студот* |
| *13. Вторник* | **Јован 3,2.** | *Надежта на Израел* |
| *14. Среда* | **Лука 9,23**. | *Човекот од Голгота* |
| *15. Четврток* | **Псалм 32,7.** | *Силен и моќен Избавител* |
| *16. Петок* | **Откровение 5,12.** | *Жртва што умирала* |
| *17. Сабота* | **Лука 24,27.** | *Зачетникот* |

### ВИСТИНСКАТА КАРПА

| | | |
|---|---|---|
| *18. Недела* | **1. Јованово 5,20.** | *Идеалот на секоја вистина* |
| *19. Понеделник* | **Јован 1,9.** | *Големиот Извор на блескава светлина* |
| *20. Вторник* | **Матеј 8,27.** | *Божествен Кормилар* |
| *21. Среда* | **1. Коринќаните 10,4.** | *Вистинската Карпа* |
| *22. Четврток* | **Исаија 30,21.** | *Божествен водач* |
| *23. Петок* | **Псалм 27,1.** | *Светлина* |
| *24. Сабота* | **Ефесјаните 5,27.** | *Судија на целата Земја* |

### ГОСПОДОВ ПОМАЗАНИК

| | | |
|---|---|---|
| *25. Недела* | **Лука 4,15.** | *Понизен Учител* |
| *26. Понеделник* | **Еремија 17,14.** | *Глава над сите* |
| *27. Вторник* | **Откровение 1,17.** | *Омега на Откровението* |
| *28. Среда* | **Евреите 2,3.** | *Божествен Лекар* |
| *29. Четврток* | **Марко 15,13.14.** | *Господов помазаник* |
| *30. Петок* | **2. Мојсеева 31,13.** | *Бог кој посветува* |

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Април*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Цар. 4-6 |
| | |
| 2. | 7-9 |
| 3. | 10-12 |
| 4. | 13-16 |
| 5. | 17-19 |
| 6. | 20-22 |
| 7. | 2. Цар. 1-3 |
| **8.** | 4-6 |
| | |
| 9. | 7-9 |
| 10. | 10-12 |
| 11. | 13-16 |
| 12. | 17-19 |
| 13. | 20-22 |
| 14. | 23-25 |
| **15.** | 1. Днев. 1-3 |
| | |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-14 |
| 19. | 15-17 |
| 20. | 18-20 |
| 21. | 21-23 |
| **22.** | 24-26 |
| | |
| 23. | 27-29 |
| 24. | 2. Днев. 1-3 |
| 25. | 4-7 |
| 26. | 8-10 |
| 27. | 11-13 |
| 28. | 14-16 |
| **29.** | 17-19 |
| | |
| 30. | 20-22 |

## *Мај*

| | |
|---|---|
| 1. | 2. Днев. 23-25 |
| 2. | 26-30 |
| 3. | 31-33 |
| 4. | 34-36 |
| 5. | Ezdra 1-3 |
| **6.** | 4-6 |
| | |
| 7. | 7-10 |
| 8. | Немија 1-3 |
| 9. | 4-7 |
| 10. | 8-11 |
| 11. | 12-13 |
| 12. | Естира 1-3 |
| **13.** | 4-6 |
| | |
| 14. | 7-10 |
| 15. | За Јов 1-3 |
| 16. | 4-8 |
| 17. | 9-11 |
| 18. | 12-14 |
| 19. | 15-17 |
| **20.** | 18-20 |
| | |
| 21. | 21-23 |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-30 |
| 24. | 31-33 |
| 25. | 34-36 |
| 26. | 37-39 |
| **27.** | 40-42 |
| | |
| 28. | Псалм 1-3 |
| 29. | 4-6 |
| 30. | 7-11 |
| 31. | 12-14 |

## *Јуни*

| | |
|---|---|
| 1. | Псалм 15-17 |
| 2. | 18-20 |
| **3.** | 21-23 |
| | |
| 4. | 24-26 |
| 5. | 27-29 |
| 6. | 30-34 |
| 7. | 35-37 |
| 8. | 38-40 |
| 9. | 41-43 |
| **10.** | 44-46 |
| | |
| 11. | 47-49 |
| 12. | 50-52 |
| 13. | 53-57 |
| 14. | 58-60 |
| 15. | 61-63 |
| 16. | 64-66 |
| **17.** | 67-69 |
| | |
| 18. | 70-72 |
| 19. | 73-75 |
| 20. | 76-80 |
| 21. | 81-83 |
| 22. | 84-86 |
| 23. | 87-89 |
| **24.** | 90-92 |
| | |
| 25. | 93-95 |
| 26. | 96-98 |
| 27. | 99-103 |
| 28. | 104-106 |
| 29. | 107-109 |
| 30. | 110-114 |

## Април

**1.** Псалм 78,43-56
2. Псалм 78,57-72
3. Псалм 79
4. Псалм 80
5. Псалм 81
6. Псалм 82
7. Псалм 83
**8.** Псалм 84
9. Псалм 85
10. Псалм 86
11. Псалм 87
12. Псалм 88
13. Псалм 89,1-13
14. Псалм 89,14-26
**15.** Псалм 89,27-39
16. Псалм 89,40-52
17. Псалм 90
18. Псалм 91
19. Псалм 92
20. Псалм 93.
21. Псалм 94
**22.** Псалм 95
23. Псалм 96
24. Псалм 97
25. Псалм 98
26. Псалм 99
27. Псалм 100
28. Псалм 101
**29.** Псалм 102,1-14
30. Псалм 102,15-28

## Мај

1. Псалм 103
2. Псалм 104,1-18
3. Псалм 104,19-35
4. Псалм 105,1-15
5. Псалм 105,16-31
**6.** Псалм 105,32-45
7. Псалм 106,1-16
8. Псалм 106,17-32
9. Псалм 106,33-48
10. Псалм 107,1-21
11. Псалм 107,22-43
12. Псалм 108
**13.** Псалм 109,1-16
14. Псалм 109,17-31
15. Псалм 110
16. Псалм 111
17. Псалм 112
18. Псалм 113
19. Псалм 114
**20.** Псалм 115
21. Псалм 116
22. Псалм 117
23. Псалм 118,1-14
24. Псалм 118,15-29
25. Псалм 119,1-34
26. Псалм 119,35-63
**27**. Псалм 119,64-90
28. Псалм 119,91-117
29. Псалм 119,118-143
30. Псалм 119,144-176
31. Псалм 120

## Јуни

1. Псалм 121
2. Псалм 122
**3.** Псалм 123
4. Псалм 124.
5. Псалм 125
6. Псалм 126
7. Псалм 127
8. Псалм 128
9. Псалм 129
**10.** Псалм 130
11. Псалм 131
12. Псалм 132
13. Псалм 133
14. Псалм 134
15. Псалм 135
16. Псалм 136,1-14
**17.** Псалм 136,14-26
18. Псалм 137
19. Псалм 138
20. Псалм 139
21. Псалм 140
22. Псалм 141
23. Псалм 142
**24.** Псалм 143
25. Псалм 144
26. Псалм 145
27. Псалм 146
28. Псалм 147
29. Псалм 148
30. Псалм 149

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| АПРИЛ 2023 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
| | 31 март | 7. | 14. | 21. | 28. |
| Виница | 18:55 | 19:02 | 19:10 | 19:18 | 19:26 |
| Колешино | 18:53 | 19:01 | 19:08 | 19:16 | 19:23 |
| Стар Дојран | 18:53 | 19:01 | 19:08 | 19:16 | 19:23 |
| Куманово | 18:58 | 19:06 | 19:14 | 19:21 | 19:29 |
| Неготино | 18:56 | 19:04 | 19:11 | 19:19 | 19:26 |
| Струмица | 18:54 | 19:01 | 19:09 | 19:17 | 19:24 |
| Кочани | 18:55 | 19:03 | 19:10 | 19:18 | 19:26 |
| Велес | 18:57 | 19:05 | 19:13 | 19:20 | 19:28 |
| Кавадарци | 18:56 | 19:04 | 19:11 | 19:19 | 19:27 |
| Дебар | 19:02 | 19:10 | 19:17 | 19:25 | 19:33 |
| Скопје | 18:59 | 19:07 | 19:14 | 19:22 | 19:30 |
| Битола | 18:59 | 19:06 | 19:14 | 19:21 | 19:29 |
| Кичево | 19:01 | 19:08 | 19:16 | 19:23 | 19:31 |
| Лаки | 18:54 | 19:02 | 19:09 | 19:17 | 19:25 |
| Чифлик | 18:55 | 19:03 | 19:11 | 19:18 | 19:26 |
| Штип | 18:56 | 19:03 | 19:11 | 19:19 | 19:26 |
| Тетово | 19:01 | 19:09 | 19:16 | 19:24 | 19:32 |
| Јегуновце | 19:00 | 19:08 | 19:16 | 19:24 | 19:31 |
| Росоман | 18:57 | 19:04 | 19:12 | 19:19 | 19:27 |
| Гевгелија | 18:54 | 19:02 | 19:09 | 19:17 | 19:24 |
| Свети Николе | 18:57 | 19:05 | 19:12 | 19:20 | 19:28 |
| Делчево | 18:54 | 19:01 | 19:09 | 19:17 | 19:25 |
| Валандово | 18:54 | 19:02 | 19:09 | 19:17 | 19:24 |
| Охрид | 19:01 | 19:08 | 19:16 | 19:23 | 19:31 |
| Радовиш | 18:55 | 19:02 | 19:10 | 19:18 | 19:25 |
| Прилеп | 18:58 | 19:06 | 19:13 | 19:21 | 19:28 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

## МАЈ 2023

| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 5. | 12. | 19. | 26. |
| Виница | 19:33 | 19:41 | 19:48 | 19:54 |
| Колешино | 19:31 | 19:38 | 19:45 | 19:52 |
| Стар Дојран | 19:31 | 19:38 | 19:45 | 19:51 |
| Куманово | 19:37 | 19:44 | 19:52 | 19:58 |
| Неготино | 19:34 | 19:41 | 19:48 | 19:55 |
| Струмица | 19:32 | 19:39 | 19:46 | 19:52 |
| Кочани | 19:34 | 19:41 | 19:48 | 19:55 |
| Велес | 19:36 | 19:43 | 19:50 | 19:57 |
| Кавадарци | 19:34 | 19:41 | 19:48 | 19:55 |
| Дебар | 19:40 | 19:48 | 19:55 | 20:01 |
| Скопје | 19:38 | 19:45 | 19:52 | 19:59 |
| Битола | 19:36 | 19:43 | 19:50 | 19:56 |
| Кичево | 19:39 | 19:46 | 19:53 | 19:59 |
| Лаки | 19:32 | 19:40 | 19:47 | 19:53 |
| Чифлик | 19:33 | 19:40 | 19:47 | 19:54 |
| Штип | 19:34 | 19:42 | 19:49 | 19:55 |
| Тетово | 19:40 | 19:47 | 19:54 | 20:01 |
| Јегуновце | 19:39 | 19:47 | 19:54 | 20:00 |
| Росоман | 19:35 | 19:42 | 19:49 | 19:55 |
| Гевгелија | 19:32 | 19:39 | 19:46 | 19:52 |
| Свети Николе | 19:35 | 19:43 | 19:50 | 19:57 |
| Делчево | 19:32 | 19:40 | 19:47 | 19:54 |
| Валандово | 19:32 | 19:39 | 19:46 | 19:52 |
| Охрид | 19:38 | 19:46 | 19:52 | 19:59 |
| Радовиш | 19:33 | 19:40 | 19:47 | 19:54 |
| Прилеп | 19:36 | 19:43 | 19:50 | 19:56 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ЈУНИ 2023 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
| | *2.* | *9.* | *16.* | *23.* | *30.* |
| **Виница** | **20:00** | **20:05** | **20:08** | **20:10** | **20:10** |
| **Колешино** | **19:57** | **20:02** | **20:05** | **20:07** | **20:07** |
| **Стар Дојран** | **19:57** | **20:02** | **20:05** | **20:07** | **20:07** |
| **Куманово** | **20:04** | **20:09** | **20:12** | **20:14** | **20:14** |
| **Неготино** | **20:00** | **20:05** | **20:08** | **20:10** | **20:11** |
| **Струмица** | **19:58** | **20:03** | **20:06** | **20:08** | **20:08** |
| **Кочани** | **20:01** | **20:05** | **20:09** | **20:11** | **20:11** |
| **Велес** | **20:02** | **20:07** | **20:11** | **20:12** | **20:13** |
| **Кавадарци** | **20:01** | **20:05** | **20:09** | **20:11** | **20:11** |
| **Дебар** | **20:07** | **20:11** | **20:15** | **20:17** | **20:17** |
| **Скопје** | **20:05** | **20:09** | **20:13** | **20:15** | **20:15** |
| **Битола** | **20:02** | **20:07** | **20:10** | **20:12** | **20:12** |
| **Кичево** | **20:05** | **20:10** | **20:13** | **20:15** | **20:15** |
| **Лаки** | **19:59** | **20:04** | **20:07** | **20:09** | **20:09** |
| **Чифлик** | **20:00** | **20:04** | **20:08** | **20:09** | **20:10** |
| **Штип** | **20:01** | **20:06** | **20:09** | **20:11** | **20:11** |
| **Тетово** | **20:07** | **20:11** | **20:15** | **20:17** | **20:17** |
| **Јегуновце** | **20:06** | **20:11** | **20:14** | **20:16** | **20:17** |
| **Росоман** | **20:01** | **20:06** | **20:09** | **20:11** | **20:11** |
| **Гевгелија** | **19:58** | **20:02** | **20:06** | **20:08** | **20:08** |
| **Свети Николе** | **20:02** | **20:07** | **20:10** | **20:12** | **20:13** |
| **Делчево** | **19:59** | **20:04** | **20:07** | **20:09** | **20:10** |
| **Валандово** | **19:58** | **20:03** | **20:06** | **20:08** | **20:08** |
| **Охрид** | **20:04** | **20:09** | **20:12** | **20:14** | **20:15** |
| **Радовиш** | **19:59** | **20:04** | **20:08** | **20:09** | **20:10** |
| **Прилеп** | **20:02** | **20:07** | **20:10** | **20:12** | **20:12** |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ

























Дописната библиска школа – „Библијата зборува" е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Споријата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).